Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
Филозофски факултет - Скопје
Институт за педагогија

Студиска програма по Менаџмент во образованието

# МОДЕЛОТ НА ДРЖАВНИОТ МАТУРСКИ ИСПИТ ПО МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК И ЛИТЕРАТУРА ВО СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА

- Магистерски труд -

Ментор:

Проф. д-р Елизабета Томевска-Илиевска

Кандидат:

Милена Крстевска-Јовановиќ

Досие број: 5521/23

Скопје, мај 2026 година

# СОДРЖИНА

Апстракт …………………………………………………………………………………….……......12

Abstract………………………………………………………………………………………….……..14

## I ТЕОРЕТСКА ПОЗАДИНА

Вовед ………………………………………………………………………………….............. 17

I Теоретски пристап кон проблемот на истражување ....…………………………….…..………. 20

1. Дефинирање на проблемот на истражување ………………………….………….. 20

1.1. Поим и дефинирање на државна матура …………..…………......………. 20

1.2. Државен матурски одбор и негови надлежности ..………………......……… 23

1.3. Концепција за државна матура, училишна матура и завршен испит во јавното средно образование ........................................................................................ 24

1.4. Испитна програма по Македонски јазик и литература за полагање државна матура во гимназиското, средното стручно и уметничкото образование .......... 25

1.5. Моделот на државна матура по Македонски јазик и литература ………….. 26

2. Спроведување и оценување на матурски испит ……………………………..…...….... 28

2.1. Правилник за државна матура ……………………………………………….... 29

2.2 Тестови од матурски испит по Македонски јазик и литература ................ 29

2.3. Тестатори за спроведување матурски испит ………..………...…........… 30

2.4 Оценувачи на матурски испит …………………………….….…...…...…… 30

2.5 Приговори ……………………………………………………………….…….... 31

3. Релевантни истражувања …………………………………………………………… 31

## II МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

1. Предмет на истражување ………………………………………………………… 34

2. Цел и карактер на истражувањето ……………………………………………… 35

3. Задачи на истражувањето ……………………………………………………… 36

4. Хипотези на истражувањето …………………………………………………… 37

5. Варијабли на истражувањето……………………………………………………38

6. Методи, техники и инструменти ……………………………………………… 39

7. Популација на примерок ………………………………………………………… 41

8. Обработка на податоците ……………………………………………………… 42

9. Организација и тек на истражувањето ………………………………………… 43

10. Очекувани резултати …………………………………………………………… 45

## III АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ

1. Анализа на моделите на испитните програми за матурскиот испит по наставниот предмет Македонски јазик и литература за учебните: 2021/2022, 2022/2023 и 2023/2024 година ........................................................................ 49

2. Анализа и интерпретација на резултатите од екстерниот испит по Македонски јазик и литература претставени во Извештаите од ДИЦ за последните три учебни години: 2021/2022, 2022/2023 и 2023/2024 ........................................................ 54

2.1. Анализа на Извештајот за резултатите од екстерните испити на Државна матура по Македонски јазик и литература за учебната 2021/2022 година ........................................................................ 54

2.2. Анализа на Извештајот за резултатите од екстерните испити на државна матура по Македонски јазик и литература за учебната 2022/2023 година ........................................................................................................ 64

2.3. Анализа на Извештајот за резултатите од екстерните испити на државна матура по Македонски јазик и литература за учебната 2023/2024 година ........................................................................................................ 74

3. Анализа и интерпретација на добиените резултати од спроведеното анкетирање на наставниците ........................................................................................................ 83

4. Анализа и интерпретација на добиените резултати од спроведеното анкетирање на учениците ........................................................................................................ 108

## IV ЗАКЛУЧНИ СОЗНАНИЈА И ПРЕПОРАКИ

Заклучни сознанија од спроведеното истражување ........................................................ 140

Користена литература ........................................................................................................ 154

## V ПРИЛОЗИ

Прилог број 1 - Прашалник за наставници ........................................................ 159

Прилог број 2 - Прашалник за ученици ........................................................ 166

# Содржина на табели

Табела бр. 1 Средни училишта опфатени во истражувањето .................................................. 41
Табела бр. 2 Број на кандидати според наставни предмети (испити) во јунскиот испитен рок за учебна 2021/2022 година ........................................................................................... 56
Табела бр. 3 Дистрибуција на оценки од јунскиот испитен рок од испитот по наставниот предмет Македонски јазик и литература за учебната 2021/2022 година ................................. 56
Табела бр. 4 Просечни постигања според пол за наставниот предмет Македонски јазик и литература за учебната 2021/2022 година во јунскиот испитен рок ........................................ 57
Табела бр. 5 Успехот на учениците од гимназиското образование по наставниот предмет Македонски јазик и литература за учебната 2021/2022 година во јунскиот испитен рок ........................................................................................................................ 57
Табела бр. 6 Успехот на учениците од средното стручно образование по наставниот предмет Македонски јазик и литература за учебната 2021/2022 година во јунскиот испитен рок ........................................................................................................................ 58
Табела бр. 7 Успехот на учениците од средното уметничко образование по наставниот предмет Македонски јазик и литература за учебната 2021/2022 година во јунскиот испитен рок ........................................................................................................................ 58
Табела бр. 8 Постигања на кандидати кои го полагале матурскиот испит по Македонски јазик и литература според подрачја за учебната 2021/2022 година .................................................... 61
Табела бр. 9 Споредба на постигања на кандидатите кои го полагале матурскиот испит по Македонски јазик и литература според подрачја во различни испитни години ....................... 62
Табела бр. 10 Споредбен преглед на постигањата на учениците на програмските подрачја, според видот на завршено средно образование за учебна 2021/2022 година ............................ 63
Табела бр. 11 Број на кандидати според наставни предмети (испити) во јунскиот испитен рок за учебната 2022/2023 година ......................................................................................... 65

Табела бр. 12 Дистрибуција на оценки од јунскиот испитен рок од испит по наставниот предмет Македонски јазик и литература за учебна 2022/2023 година ..................................................... 65

Табела бр. 13 Просечни постигања според пол за наставниот предмет Македонски јазик и литература за учебната 2022/2023 година во јунскиот испитен рок .......................................... 65

Табела бр. 14 Успехот на учениците од гимназиското образование по наставниот предмет Македонски јазик и литература за учебната 2022/2023 година во јунскиот испитен рок ......................................................................................................................................... 66

Табела бр. 15 Успехот на учениците од средното стручно образование по наставниот предмет Македонски јазик и литература за учебната 2022/2023 година во јунскиот испитен рок ....... 66

Табела бр. 16 Успехот на учениците од средното уметничко образование по наставниот предмет Македонски јазик и литература за учебната 2022/2023 година во јунскиот испитен рок ......................................................................................................................................... 66

Табела бр. 17 Компарација на постигања за предметот Македонски јазик и литература, од 2019 до 2023 година, по подрачја изразена во проценти .................................................................. 70

Табела бр. 18 Компаративен преглед на постигањата за предметот Македонски јазик и литература по подрачја според видот на образование за учебна 2022/2023 година ......................................................................................................................................... 72

Табела бр. 19 Број на кандидати за испитот по Македонски јазик и литература во јунскиот испитен рок за учебната 2023/2024 година ......................................................................... 75

Табела бр. 20 Дистрибуција на оценки од јунскиот испитен рок од испит по наставниот предмет Македонски јазик и литература за учебна 2023/2024 година ..................................................... 75

Табела бр. 21 Просечни постигања според пол за наставниот предмет Македонски јазик и литература за учебната 2023/2024 година во јунскиот испитен рок ........................................ 76

Табела бр. 22 Успехот на учениците од гимназиското образование по предметот Македонски јазик и литература за учебната 2023/2024 година во јунскиот испитен рок ............................ 76

Табела бр. 23 Успехот на учениците од средното стручно образование по наставниот предмет Македонски јазик и литература за учебната 2023/2024 година во јунскиот испитен рок ....... 76

Табела бр. 24 Успехот на учениците од уметничкото образование по наставниот предмет Македонски јазик и литература за учебната 2023/2024 година во јунскиот испитен рок ........ 76
Табела бр. 25 Компарација на постигања за предметот Македонски јазик и литература, од 2019 година до 2024 година, по подрачја изразена во проценти ........ 79
Табела бр. 26 Споредбен преглед на постигањата на учениците на екстерниот испит по Македонски јазик и литература по програмските подрачја, според видот на завршено средно образование за учебна 2023/2024 година во јунскиот испитен рок ........ 81
Табела бр. 27 Дистрибуција на мислењата на наставниците за релевантноста на тематските единици во однос на матурскиот испит ........ 96
Табела бр. 28 Предлози за наставните програми по Македонски јазик и литература и Државниот испит по Македонски јазик и литература во рамки на новите образовни концепти ........ 104
Табела бр. 29 Приказ на дополнителни предлози и коментари на испитаните наставници ..106
Табела бр. 30 Дистрибуција на испитаниците според локацијата (градот) на средното училиште ........ 111
Табела бр. 31 Систематизација на образложенијата кај позитивни одговори („Да“) ........ 122
Табела бр. 32 Анализа на образложенијата кај негативни одговори („Не“) ........ 124
Табела бр. 33 Компаративен преглед на позитивни наспроти негативни аргументи во врска со промените во матурскиот модел ........ 125
Табела бр. 34 Анализа на предлози за измени на наставните содржини по предметот Македонски јазик и литература (I–IV година) ........ 127
Табела бр. 35 Анализа на предлози за начинот на реализација на наставата по Македонски јазик и литература (I–IV година) ........ 129
Табела бр. 36 Анализа на предлозите на матурантите за унапредување и редефинирање на додатната и дополнителната настава по Македонски јазик и литература ........ 132
Табела бр. 37 Анализа на ставовите на матурантите за влијанието на предметот Говорење и пишување врз матурскиот испит ........ 134

Табела бр. 38 Ставови и визии на учениците за иден модел на државна матура .................... 136

Табела бр. 39 Сумарен приказ на резултатите од тестирањето на хипотезите ........................ 147

# Содржина на графикони

Графикон бр. 1 Примерок на средни училишта во кои се реализира истражувањето ............. 84

Графикон бр. 2 Примерок на анкетирани наставници според пол ............................................ 85

Графикон бр. 3 Примерок на анкетирани наставници според општина/град каде што се наоѓа средното училиште ........................................................................................................... 86

Графикон бр. 4 Примерок на анкетирани наставници според години на нивното работно искуство ..........................................................................................................................87

Графикон бр. 5 Ставови на наставниците во однос на степенот на усогласеност на наставната програма со испитните содржини за матурскиот испит по Македонски јазик и литература .... 88

Графикон бр. 6 Ставови на наставниците во однос на обемноста н наставните програми по наставниот предмет Македонски јазик и литература ................................................................ 89

Графикон бр. 7 Ставови на испитаници во врска со приспособување на наставните часови по Македонски јазик и литература за подобра подготовка за матурскиот испит .......................... 90

Графикон бр. 8 Ставови на испитаници за поврзаноста помеѓу наставната програма по Македонски јазик и литература и испитните критериуми на екстерниот матурски испит ..... 90

Графикон бр. 9 Ефикасност на наставната програма во функција на подготовка на учениците за матурскиот испит ........................................................................................................... 92

Графикон бр. 10 Ангажираност на наставниците во реализација на додатна настава за подготовка за матурскиот испит по Македонски јазик и литература ...................................... 93

Графикон бр. 11 Ставови на испитаници во однос на изготвување на посебни испитни програми ......................................................................................................................... 95

Графикон бр. 12 Степен на користење на дополнителна литература и ресурси од страна на наставниот кадар .............................................................................................................. 97

Графикон бр. 13 Перцепција на наставниците за тежината на матурскиот тест во корелација со предметната програма ........................................................................................................ 99

Графикон бр. 14 Перцепција на наставниците за релевантноста на знаењето и постигањето при полагање матурскиот испит по Македонски јазик и литература ........................................... 101

Графикон бр. 15 Перцепција на наставниците за содржинската соодветност на испитот по Македонски јазик и литература во однос на различните наставни програми за сите три вида на средно образование ........................................................................................................... 102

Графикон бр. 16 Податоци на матуранти во кое средно училиште учат................................. 110

Графикон бр. 17 Структура на примерокот анкетирани матуранти во однос на пол ........................ 110

Графикон бр. 18 Приказ на ставови на учениците во однос на нивната подготвеност за матурскиот испит ........................................................................................................... 112

Графикон бр. 19 Застапеност на предметот Македонски јазик и литература според неделниот фонд на часови ........................................................................................................... 113

Графикон бр. 20 Перцепција на матурантите за усогласеноста на наставната програма со испитните содржини на државната матура по предметот Македонски јазик и литература .. 114

Графикон бр. 21 Перцепција на учениците за обемноста на наставните програми по Македонски јазик и литература според која се изведува наставата ...................................... 115

Графикон бр. 22 Перцепција на матурантите за улогата на наставникот во подготовката за матурскиот испит ........................................................................................................... 115

Графикон бр. 23 Структура и вид на дополнителните ресурси кои ги користат матурантите за подготовка на испитот ........................................................................................................... 116

Графикон бр. 24 Дистрибуција на испитаниците според нивната вклученост во подготвителна настава за државна матура по Македонски јазик и литература ............................................ 117

Графикон бр. 25 Ставови на матурантите за корелацијата меѓу учеството во литературни конкурси и успехот на државната матура ................................................................... 117

Графикон бр. 26 Перцепција на матурантите за испитните прашања во однос на реализираните наставни содржини ........................................................................................................... 119

Графикон бр. 27 Ставови на матурантите за соодветноста на наставните содржини со барањата на матурскиот испит ........................................................................................................... 120

Графикон бр. 28 Ставови на испитаниците за потребата од промена на постојниот модел на државна матура ..... 121

Графикон бр. 29 Дистрибуција на податоци при изборот на предметот Говорење и пишување кај матурантите во гимназиското образование ..... 126

# Апстракт

Во овој труд се разгледува моделот на државниот матурски испит по наставниот предмет Македонски јазик и литература како задолжителен наставен предмет во образовниот систем на Република Северна Македонија. Со цел да се истакне значењето на оваа завршна етапа се анализираат разликите на наставните програми по предметот Македонски јазик и литература и испитните програми за испитниот материјал, како и нивните ефекти во образованието и подготовките на учениците за понатамошно образование или вработување.

Првиот дел од истражувањето се фокусира на изминатите промени за полагање матурски испит во Македонија, промените кои настанале од неговото воведување до денес и како тие се одразиле во образованието и општеството. Потоа, се разгледува актуелниот модел на испитување, кој се состои од различни видови прашања, вклучувајќи вреднување на знаењето, способност за пишување есеј како и способност за анализа на книжевни дела. Овие делови кои го сочинуваат тестот го покажуваат знаењето и практичните способности на учениците да читаат со разбирање и да формираат критичко мислење.

Важен аспект на трудот е и анализа на предметните програми за гимназиско и средно стручно како и уметничко образование, каде што учениците се поставени во нерамноправна положба од самиот почеток на изучување на предметот. Исто така, се разгледуваат и предизвиците со кои се соочуваат учениците за време на подготовките за матурата, вклучувајќи стрес, недостаток на ресурси и упатства, како и начини за справување со овие предизвици.

Дополнително, трудот истражува и какви се нивните очекувани резултати од матурата, за учениците, наставниците и образовната институција во целина. Со детална анализа и согледување на проблемот на истражување се истакнува важноста на матурата за развојот на критичкото размислување и вештините на учениците, истовремено навлегувајќи во улогата на матурата во оформувањето на идните образовни и професионални определби на учениците.

И на крајот, трудот предлага конкретни препораки за унапредување на моделот на испитот по наставниот предмет Македонски јазик и литература со цел да се постигне поголема рамноправност, релевантност и целосност на испитот, како и да се подобри подготовката на

учениците за идните предизвици. Овие предлози вклучуваат иновации во методиката на наставата и учењето, изедначување на наставните програми за четиригодишното средно образование по предметот Македонски јазик и литература, изедначување на застапеноста на наставниот предмет Македонски јазик и литература во однос на неделен и годишен фонд на наставни часови, како и воведување нови технологии во процесот на учење. Целта на ова истражување е да се подобри квалитетот на образованието, особено во делот на изучување на наставниот предмет Македонски јазик и литература за учениците во РС Македонија.

***Клучни зборови: матура, матурски испит, Македонски јазик и литература, испитни програми, испитни тестови.***

# Abstract

This research will examine the models of the state matriculation exam in Macedonian language and literature, as an important element in the educational system of the Republic of North Macedonia. In order to highlight the importance of this final stage, the differences between the subject programs for the subject mother tongue and the examination programs for the examination material are analyzed, as well as their effects on the education and preparation of the students for further education or employment.

The first part of the research focuses on the past changes for taking the matriculation exam in Macedonia, the changes that have occurred since its introduction until today, and how they have been reflected in education and society. It then looks at current examination patterns, which consist of different types of questions, including knowledge assessment, essay writing ability, and literary analysis ability. These sections that make up the test demonstrate students' knowledge and practical abilities to read for comprehension, and to form critical opinions.

An important aspect of the work is the analysis of the subject programs for high school and secondary professional as well as art education, where students are brought to an unequal position from the very beginning of studying the subject. It also looks at the challenges students face during graduation preparation, including stress, lack of resources and guidance, and ways to deal with these challenges.

In addition, the paper investigates what are their expected results from the high school graduation, for students, teachers and the educational institution as a whole. By postponing the analyses, the importance of the high school graduation for the development of students' critical thinking and skills is emphasized, while simultaneously entering into the role of the high school graduation in shaping the future educational and professional aspirations of the students.

And finally, the paper proposes specific recommendations for improving the exam models in Macedonian language and literature, in order to achieve greater equality, relevance and completeness of the exam, as well as to improve the preparation of students for future challenges.

These proposals include innovations in teaching and learning methodology, as well as the introduction of new technologies in the learning process. The goal of this research is to improve the quality of education, especially in the area of mother tongue learning for students in the Republic of Macedonia.

***Key words: matriculation, matriculation exam, Macedonian language and literature, exam programs, exam tests.***

# I дел

# Теоретски пристап кон проблемот на истражувањето

# Вовед

Матурата е многу важен дел од образовниот процес во системот на образование во една држава. Матурскиот испит или испитот на зрелост, како што уште се нарекува, претставува прв главен испит во животот на младите луѓе со кој го завршуваат периодот од нивното образование и продолжуваат понатаму со изборот на нивната идна професија. Матурскиот испит е задолжителен во нашата држава, претставува избор од повеќе екстерни и интерни испити со кои се проверуваат и се вреднуваат постигнатите знаења, вештини и способности на учениците со кои се стекнале во текот на нивното четиригодишно средно образование.

Периодот што го опфаќа средното образование е задолжителен процес од четири години, односно три години (зависно од видот на средното образование), при што ученикот пред да се запише во средно училиште прави избор од понудените три вида на средното образование: гимназиско, уметничко и стручно образование. Според своите афинитети, ученикот се определува за едно од понудените училишта, се запишува и следи настава. Кога ќе заврши овој период на воспитно-образовниот процес, природно се создава потреба од проверка на резултатите што ги постигнал поединецот во своето образование. Таа проверка, генерално, се спроведува преку матурски испит.

Нашиот образовен систем во минатото претрпел низа промени, постоел период кога средното образование не било задолжително, тоа било право на избор на ученикот и неговите родители дали ќе продолжи да се образува. Меѓутоа, ние како општество прогресиравме и го кренавме степенот на образование кај населението на едно ниво каде што задолжително, со закон, е предвидено поединецот да се стекне со завршено основно и средно образование, односно да полага матурски испит. Понатаму, како лице со навршени 18 години, може да направи избор во животот доколку сака да продолжи со своето образование или, пак, веднаш ќе се обиде да се најде на пазарот на трудот и да се вработи.

Периодот од 1999 до 2007 година, Министерството за образование и наука (МОН) вршело подготовки за воведување на државната матура и завршни испити како вид на завршница на средното образование во нашата земја. Тоа подразбира изработка и донесување на законска легислатива, разни пилот-програми и испити, квалитетот на мерните инструменти,

проверка на процедурите, подготвување на информатичко-технолошки системот и др. Овие подготовки се правеле низа години за да се подготви системот да одговори на ваквиот предизвик.

За таа цел изготвен е документот насловен како Концепција за матура и завршен испит во средното образование во Република Македонија, усвоен со решение на министерот за образование и наука бр.11-6099/2 од 10.10.2005 година. (Концепција за матура и за завршен испит кои се спроведуваат во средните училишта, 2005). Подоцна оваа Концепција претрпела низа измени и дополнувања, особено за време на пандемијата ковид-19, МОН проследи протоколи до кои училиштата строго се придржуваа.

Според актуелната Концепција за испитите на крајот од средното образование (бр. 13-12804/1 од 3.10.2025 година) спроведувањето на државната матура во четиригодишното средно образование има за цел:

• подигање на општото ниво на знаења, умеења и способности кај учениците;

• следење и контрола на реализацијата на наставните програми;

• заокружување на образованието со испит и стекнување диплома за завршено средно образование;

• поквалитетна и поправедна селекција при влезот во високото образование;

• информирање на учениците, родителите и образовните институции за постигањата на учениците добиени по пат на валидни и веродостојни мерења. (Министерство за образование и наука, 2020, стр. 45)

Испитот за државна матура се состои од три дела и тоа:

- задолжителен дел (Македонски јазик и литература или Албански јазик и литература или Турски јазик и литература, во зависност од тоа на кој наставен јазик ученикот ја следи наставата);
- изборен дел;
- проектна задача.

Во ова истражување фокусот е даден на задолжителниот дел од испитот за државната матура, односно матурскиот испит по наставниот предмет Македонски јазик и литература.

Периодот на полагање матурски испит претставува стресен период, особено важен период во животот, затоа што од овој испит, во голема мера, зависи иднината на матурантите каде ќе го продолжат своето образование, дали соништата и желбите ќе им се остварат и сл.

# I Теоретски пристап кон проблемот на истражувањето

## 1. Дефинирање на проблемот на истражување

### 1.1. Поим и дефинирање на државна матура

Поимот матура доаѓа од латинскиот збор maturus, што значи зрелост. Матурскиот испит уште е познат и како испит на зрелост, претставува созревање на поединецот, односно периодот кога младиот човек престанува да биде дете и зачекорува во светот на возрасните, созрева. Овој период се изедначува со периодот кога младите луѓе навршуваат 18 години, полнолетство, па оттаму претставува и особено чувствителен период. Тука детството завршува и започнува друг период каде што возрасната млада личност, емоционално зрела, со развиена социјална свест, започнува да размислува за својот живот, носи одлуки и одговорност пред закони и добива еднакви права како граѓанин во општеството.

„Матурските испити не само што претставуваат завршен тест за учениците, туку служат и како индикатор за успешноста на образовните политики.“ (Поповски, 2015, стр.123).

Матурата претставува круна на стекнатото образование, спознавање на себеси, првата дилема, главниот крстопат пред кој стои младиот човек, се мисли и се прашува:
Каква одлука да донесе? По кој пат да тргне? Која професија да одбере? Што понатаму со својот живот?

До моментот на матурата, образовните обврски му се системски наметнати на младиот човек. По завршувањето на матурскиот испит, работите веќе не се наметнуваат однадвор; поединецот почнува самостојно да размислува, да ги следи своите желби, да расудува и да донесува одлуки за себе и за својата иднина. Можеби за првпат младиот човек сериозно се прашува што сака да постигне во животот и прави свесен избор. Водејќи се од сопствените афинитети, советите од родителите и блиските, кај него често се појавува т.н. емоционална хаотичност:

- среќа поради завршувањето на едно поглавје и почетокот на нов период;
- несигурност пред новите предизвици;
- страв од донесување погрешни одлуки;

- страв од непознато;
- ентузијазам и восхит за новиот период што доаѓа;
- возбуда за иднината, но и тага за безгрижното детство;

Тоа е период во кој има буквално од сè по малку. Период на кој, верувам, секој човек се сеќава со особена носталгија подоцна низ годините.

На матурскиот испит ученикот треба да покаже што научил, да покаже критичко мислење, да ја покаже сопствената снаодливост, да може да функционира самостојно и да одговори на предизвиците во животот.

Државната матура во Република Македонија е задолжителна и претставува испит што се полага на крајот од средното образование, пропишано во Законот за средно образование (Службен весник на РСМ, бр. 229/2020), таа претставува збир од повеќе екстерни и интерни испити со кои се проверуваат и се вреднуваат знаењата, вештините и способностите на учениците кои ги стекнале во четиригодишно средно образование. За изборот помеѓу завршен испит и училишна матура нема да се задржиме, бидејќи тоа не претставува предмет на интерес за ова истражување.

Согласно со Календарот за организација на учебната година во јавните средни училишта, објавен во „Службен весник“ за тековната година, екстерните испити од државната матура се реализираат во две испитни сесии: јунска и августовска. Сите информации околу времето и локацијата за спроведување на матурскиот испит се објавуваат на официјалната страна на Државниот испитен центар (ДИЦ), во делот Матура, и претставуваат податоци кои се од јавен карактер, достапни за широката јавност.

На самиот матурски испит ДИЦ е задолжен да ангажира тестатори (наставници кои се од друго училиште, кои предаваат предмети што не се полагаат на конкретниот испит), присутни се претставници на Училишната матурска комисија, координатори, како и советници и претставници од Биро за развој на образованието (БРО).

Испитниот материјал е строго доверлив, самиот испит се спроведува според соодветен протокол што претходно им е соопштен на сите учесници во процесот: директорот, наставниците, тестаторите и учениците. Се изведува во точно определен час, каде што сите училишта започнуваат и завршуваат истовремено со спроведување на испитот.

Материјалот е анонимен, непотпишан од ученикот, односно шифриран со бар-код, заради заштита на податоци и идентитет, јавно објавување на резултатите, манипулација со тестови и слично.

Во однос на резултатите и оценувањата: „Воведувањето на унифицирани модели за матурски испит може да придонесе за поголема транспарентност и фер оценување.“ (Симпозиум за образовна реформа, 2020, стр. 79).

За прегледување на тестови се прави соодветна комисија на оценувачи (наставници по соодветниот наставен предмет, пријавени на оглас за оценувачи, кои што треба да задоволат извесни критериуми, компетенции, години искуство во работата и сл.) Резултатите се објавуваат јавно на веб-страницата на ДИЦ и се доставуваат до училиштата низ земјата.

За појасно да се претстави проблемот на ова истражување, мора да се истакне дека во основното образование наставниот предмет Македонски јазик до V одделение е застапен секој работен ден, односно со фонд од 5 часа неделно. Понатаму, од VI до IX одделение, фондот се намалува на 4 часа неделно. Во средното гимназиско образование, предметот Македонски јазик и литература го задржува фондот од 4 часа неделно низ сите четири години, додека во средното стручно и во уметничкото образование тој е застапен со само 3 часа неделно. Од ова произлегува дека учениците не се во рамноправна положба во текот на средното образование, иако на крајот сите полагаат идентичен тест на државната матура, без оглед на различните наставни програми по кои учеле.

Со разгледување на предметните наставни планови и програми по наставниот предмет Македонски јазик и литература во средните училишта се забележува дека тие значително варираат меѓу себе. Всушност, самата разлика во неделниот фонд на часови (4 наспроти 3) директно го условува и обемот на застапеност на одредени наставни содржини во самите програми.

Дистинкција постои, практиката на наставниците кои го предаваат наставниот предмет Македонски јазик и литература, тестаторите на матурскиот испит, оценувачите и останатите учесници јасно увиделе и потенцираат дека тука имаме главно две спротивставени страни помеѓу гимназиското образование од една страна и стручните и уметничките училишта од друга страна.

Од оваа појдовна точка се тргнува во анализа на сите елементи кои се поврзани со самиот процес на државна матура, испитните програми, извештаите од постигањата на матурантите од испитниот тест, како и анализите на анкетираните прашалници наменети за наставници и ученици.

Матурскиот испит претставува еден вид селекција според освоените поени и останати услови кои се објавуваат во конкурси на одредени универзитети, ученикот може да аплицира за упис и да го продолжи своето образование, да стане академски граѓанин.

## 1.2. Државен матурски одбор и неговите надлежности

Државниот матурски одбор претставува тело кое има свој состав:

- претседател на Државниот матурски одбор;
- членови на Државниот матурски одбор (еминентни имиња од областа на науката, професори од нашите универзитети, претставници од Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје, Министерството за образование и наука и од Државниот испитен центар);
- извршен секретар на Државниот матурски одбор и др.

Надлежност на Државниот матурски одбор е да работи според Правилникот за начинот на полагање и оценување на резултатите на учениците на испитите за државната матура во гимназиското, стручното и средното уметничко образование објавен во „Службен весник“, ги врши работите во врска со усогласување на подготовките за спроведувањето на државната матура, а особено:

- разгледува документи за организирање и спроведување на државната матура;
- разгледува годишни извештаи за спроведените матурски испити во гимназиското, стручното и уметничкото образование;
- предлага прагови на положеност за испитите кои се полагаат екстерно до Министерството за образование и наука;

- врши други работи кои се во функција на унапредување на државната матура во гимназиското, стручното и уметничкото образование. (Министерство за образование и наука, 2021, стр. 45).

### 1.3. Концепција за државна матура, училишна матура и завршен испит во јавното средно образование

Овој документ го изготвува Министерство за образование и наука и најчесто секоја година може да претрпи мали измени, привремено се ревидира и се објавува на веб-страницата на Државниот испитен центар, во делот Матура.

Во него детално се објаснува:

- модели на испити;
- државна матура во гимназиското образование;
- училишна матура во гимназиското образование;
- државна матура во четиригодишното средно стручно образование;
- завршен испит во четиригодишното средно стручно образование;
- државна матура во средното уметничко образование;
- училишна матура во средното уметничко образование;
- начин на оценување;
- критериуми за изборни предмети и проектна задача;
- гимназиско образование;
- четиригодишно средно стручно образование;
- средно уметничко образование. (Министерство за образование и наука, 2024, стр. 15).

Односно, овде можат да се најдат одговори и да се разрешат сите недоумици кои се јавуваат кај матурантите и нивните родители.

Во Концепцијата за матура прецизно се пропишани правилата, тие се идентични во делот задолжителен дел на државен матурски испит по наставниот предмет Македонски јазик и литература, без разлика дали ученикот доаѓа од гимназиското, средното стручно или уметничкото образование.

Во минатите години екстерниот државен испит по Македонски јазик и литература се полагаше според една, унифицирана испитна програма која е базирана врз наставните програми по Македонски јазик и литература, кои ученикот ги изучува во сите четири години од средното образование. Откако во јавноста се јавија извесни критики по ова прашање, МОН и ДИЦ во соработка со БРО, изготвија посебни испитни програми за секој од трите вида средно образование (гимназиското, средното стручно и уметничкото образование). Според тоа, матурантите од учебната 2025/2026 година за првпат ќе добијат различни испитни тестови. Согласно со новата Концепција за испити на крајот од средното образование (МОН, 2025), ова се дел од промените кои се во фаза на спроведување во текот на учебната 2025/2026 година, од кои допрва ќе треба да се увидат предностите и недостатоците од спроведеното.

### 1.4. Испитна програма по Македонски јазик и литература за полагање државна матура во гимназиското, средното стручно и уметничкото образование

Испитната програма се изработува од страна на МОН, БРО и ДИЦ врз основа на Законот за средно образование, потпишан од министерот за образование и наука. Претставува документ што секоја година трпи измени и привремено се објавува на веб-страницата на МОН како и на веб-страницата на ДИЦ.

Според **PISA (Programme for International Student Assessment):**

**„Испитните модели треба да се усогласат со глобалните трендови за оценување на писменоста и критичкото размислување“ (PISA Reports, 2018).**

Испитните програми за полагање матурски испит беа заеднички за гимназиското, средното стручно и уметничко и образование. Откако МОН, БРО и ДИЦ изготвија посебни испитни програми за матурскиот испит по наставниот предмет Македонски јазик и литература и тие како и претходните испитни програми имаат иста содржина со мали разлики во изборот на наставните содржини и на некои автори и нивните литературни дела.

Испитната програма има своја содржина и тоа:

- цел на испитот;
- содржина на испитот;

- спецификација на подрачја и способностите;
- конкретизација на целите;
- опис на испитот;
- критериуми на оценување.

Испитната програма се темели на наставните програми од сите четири години. Програмски подрачја/модули во наставните програми се: Јазик и Литература и постигањата на учениците ќе го проверат своето знаење преку способностите: читање, книжевна анализа (примена и вреднување со литературно-теоретски поими на познати дела) и пишување. (Министерство за образование и наука, 2024).

## 1.5. Моделот на државна матура по Македонски јазик и литература

Моделот на матурскиот испит по Македонски јазик и литература е осмислен и изготвен така што во основа треба да ги покрие програмските подрачја кои се изучуваат по наставниот предмет Македонски јазик и литература (според сите три вида образование: гимназиско, средно стручно и уметничко) и истиот трпи промени секоја година. Учениците се жива материја, општеството и образовниот систем во државата се во постојан прогрес и се обидуваат да бидат во чекор со европските земји од кои често преземаат модели на концепции за развој на образованието. Што се однесува до матурскиот испит:

„Промените во моделот на матурскиот испит треба да се темелат на анализа на реалните потреби на учениците и на наставниците“ (Георгиевски, 2019).

Испитниот тест по Македонски јазик и литература се изготвува според Испитната програма изработена од МОН, БРО и ДИЦ од тековната година. Испитната програма и правилници за претстојниот испит се објавуваат на веб-страницата на ДИЦ неколку месеци пред првата испитна сесија за матуранти. Испитната програма е конципирана врз наставните предметни содржини по предметот Македонски јазик и литература за сите четири учебни години од средното образование. Минатите години постоеше една испитна програма за сите три вида средно образование во земјава. Важна забелешка е промената што е најавена за

јунскиот испитен рок од учебната 2025/2026 година, за првпат во нашата земја ќе се спроведе екстерен испит по Македонски јазик и литература што ќе биде различен за секој вид средно образование. Според изготвените испитни програми матурантите кои го завршиле своето образование во гимназиите ќе полагаат државна матура, матурантите кои го завршиле своето образование во средните стручни училишта ќе полагаат државна стручна матура и матурантите кои своето образование го завршиле во средните уметнички училишта ќе полагаат државна уметничка матура. Се прави избор на  програмски подрачја/модули кои веќе се учени во текот на четиригодишното средно образование и имаат иста цел при што матурантот треба:

- да ги употребува потребните знаења и способности по предметот Македонски јазик и литература;
- самостојно да концилира и реализира писмено изразување;
- да ги применува правописните и правоговорните правила на стандардниот македонски јазик;
- критички и креативно да интерпретира литературни дела;
- самостојно критички да чита и да анализира познати и непознати текстови. (Министерство за образование и наука, 2023).

Разликите што се јавуваат како појдовна подготвеност за да може еден матурант да излезе на испитот од државна матура по Македонски јазик и литература се состои и од предметните програми, за кои мора да нагласиме дека предметната програма по предметот Македонски јазик и литература во гимназиско образование е обемна, бидејќи предметот се изучува со 4 часа неделен фонд, додека во уметничкото образование и средното стручно образование, кај нив истиот предмет се изучува преку 3 часа неделен фонд, што произлегува дека материјалот за средното стручно и уметничкото образование во однос на гимназиското образование е во т.н. скратена форма, некои содржини се изоставени. Освен што предметната програма се разликува во подрачјето Литература, таа се разликува и во подрачјето Јазик, не толку во наставните единици, туку во нивната обемност.

Што се однесува до изборот од подрачјето Литература, во голем процент се обработуваат исти автори и дела, меѓутоа бројот на часови на кое ќе му се посвети на еден

автор или неговото дело и разработката на делото не е исто, доколку се работи еден наставен час или три наставни часа.

Во тоа се гледа суштинската разлика, која понатаму ги менува сите параметри низ самиот тек на образовниот процес и последователно се менуваат и резултатите на крајот од матурскиот испит.

Сепак, во Испитната програма по Македонски јазик и литература за полагање државна матура се посочени конкретни автори и дела од подрачјето Литература како и содржини од подрачјето Јазик, за да матурантот може да се фокусира на материјалот, бидејќи станува збор за обемен материјал од сите четири години во средното образование.

Иако во декември 2025 година МОН, БРО и ДИЦ изготвија посебни испитни програми за сите три вида средно образование, во јунскиот испитен рок од учебната 2026 година, за прв пат следуваат различни испитни тестови за секој од трите вида средно образование. Испитните програми се разликуваат во изборот на наставните содржини од подрачјето Јазик и наставните содржини од подрачјето Литература, според тоа и тестот би бил нивелиран по својата сложеност за сите три вида средно образование поединечно.

## 2. Спроведување и оценување на матурски испит

Државниот испитен центар привремено објавува информации на својата веб-страница, согласно со Календарот за организација на учебната година во јавните средни училишта, каде што се соопштува датумот за изведување на матурскиот испит. Претходно, МОН преку училиштата прави списоци со тестатори и распоред со датуми и локации за изведување на испитот. Екстерниот испит по предметот Македонски јазик и литература се полага со однапред објавен датум и време (секогаш во сабота) и се изведува истовремено на ниво на сите средни училишта во државата.

## 2.1. Правилник за државна матура

„Министерство за образование и наука врз основа на Законот за средно образование изготвува Правилник за начинот на полагање и оценување на резултатите на учениците на испитите во државна матура во гимназиско, стручно и средно уметничко образование.“ (Министерство за образование и наука, 2024).

Правилникот ги содржи сите потребни информации во врска со начинот на полагање и оценување, секако дека овој документ е подложен и трпи соодветни промени и дополнувања, особено во учебната 2023/2024 година се забележаа повисоки критериуми околу обидите за користење мобилни телефони и други електронски апарати кои се строго забранети за користење за време на испитот.

## 2.2. Тестови од матурски испит по Македонски јазик и литература

Испитниот материјал, составен од тестови по Македонски јазик и литература, пристигнува во училиштето на денот на полагање на испитот, со висок степен на доверливост, Понатаму, испититниот материјал му се предава на директорот на училиштето како и на членовите на матурската комисија одредена во училиштето. Тестовите се делат на кандидатите за полагање, не е дозволено нивно отворање додека не започне времето за полагање на испитот. Испитот се изведува според строго определен Протокол за спроведување на матурски испит. Особено кога беше пандемијата ковид-19 се водеше сметка за санитарно-хигиенските услови под кои се изведуваше испитот (2020-2021 година). Тестовите се анонимни, односно на нив не смее да се потпише кандидатот што полага со своето име и презиме, туку секој ученик добива бар-код кој ја претставува шифрата во замена за името на кандидатот. Бар-кодот е во вид на налепница и се залепува во определено поле на тестот. Тестот започнува и завршува во исто време во сите училишта низ земјава.

Тестот за екстерниот испит од државна матура по предметот Македонски јазик и литература се состои од три дела кои се цел на вреднување на постигнатите знаења:

- читање;
- книжевна анализа;
- пишување.

Испитот е насловен како екстерен бидејќи проверувањето и оценувањето на писмениот испит се изведува од страна на надворешни, независни оценувачи.

## 2.3. Тестатори за спроведување матурски испит (пријава, упатство)

За правилно постапување со испитниот материјал ДИЦ изготвува Упатство за тестатори, во кое се пропишани сите инструкции потребни за успешно спроведено тестирање. Тестаторот е вработен наставник во друго средно училиште кој не го предава предметот што се полага на денот на изведување на испитот. БРО доставува списоци со имиња на наставници и податоци за време и локација каде се спроведува испитот. Наставникот не треба да биде тестатор во истото училиште во кое е вработен за време на екстерните испити.

Тој потпишува Изјава за тестатор и е должен строго професионално да постапува согласно со Правилникот за Државна матура. Тестаторот води записник за оние ученици за кои е задолжен на самото тестирање, должен е правилно да им го подели испитниот материјал и да внимава на временската рамка за полагање. За испитот по предметот Македонски јазик и литература предвидени се од 200 до 240 минути во зависност од обемот и содржината на тестот.

Тестаторот е должен правилно да го отвори тестот и на крајот правилно да го спакува испитниот материјал и да им го предаде на членови задолжени за спроведување на матурскиот испит определени во училиштето. Понатаму, испитниот материјал се испраќа во Скопје, во просториите на ДИЦ и го прегледуваат оценувачи.

## 2.4. Оценувачи на матурски испит

Државниот испитен центар распишува јавен конкурс за избор на надворешни соработници-оценувачи. Во него се наведени условите што кандидатите треба да ги исполнат

доколку се јават на огласот. Кандидатите откако ќе ја испратат својата документација по пошта, адресирана до ДИЦ, и доколку ги исполнуваат условите, ќе бидат повикани на обука и тестирани, по што ќе следува конечна листа од избор на оценувачи.

### 2.5. Приговори

Според Правилникот за матура, член 50: „Кандидатот, доколку смета дека е направена грешка во оценувањето на испитните задачи, во пресметување на бројот на бодовите или во изведувањето на оценката, може да достави приговор на оценката од испитот. Рокот за доставување приговор е најдоцна два дена по објавувањето на прелиминарните резултати од испитот“. (Министерство за образование и наука, 2024, стр. 14). Сите информации околу приговорите за матура се пропишани во Правилникот за матура и се достапни за широката јавност.

## 3. Релевантни истражувања

Истражувањата за државна матура е предмет на интерес изминативе неколку години. Постојат научни статии и академски трудови кои вршеле анализи за државната матура кај нас, такви се:

Магистерски труд на тема: *Концепциска поставеност на државната матура во Република Македонија* од авторката Катица Спасова-Бинчева, под менторство на проф. д-р Марија Тофовиќ-Ќамилова, напишан во 2012 година, во кој детално објаснува и доаѓа до заклучок кој има блиски допирни точки со предметот на ова истражување во делот каде што вели:

Авторот на овој труд е на мислење дека бројот на екстерни испити во гимназиското и средното стручно образование треба да биде ист. Имено, сегашното решение во Концепцијата ги става учениците од гимназиското и стручното образование во нееднаква стартна позиција. Оваа нерамноправност е особено изразена бидејќи учениците од двата профила на крајот

добиваат диплома за положена државна матура, со која рамноправно конкурираат за упис во високото образование.

> Друго значајно прашање кое се наметнува во врска со концепциската поставеност на државната матура е следното: дали и понатаму гимназиското и средното стручно образование треба да имаат заедничка Концепција за матура? (Спасова-Бинчева, 2021, стр. 97).

Второ релевантно истражување што привлекува внимание, а има допирни точки со предметот на истражување на овој труд е:

*Влијанието на екстерните испити од државна матура врз квалитетот на образовниот процес во Р Македонија* од Гордана Трајкова-Костовска, под менторство на проф. д-р. Зоран Матевски, напишан во 2013 година, каде што доаѓа до заклучок дека:

Минимални се ефектите од екстерните испити и врз квалитетот на наставата. Иако постојат докази дека со воведувањето на државната матура, особено екстерните испити кај некои наставници (оние чии наставни предмети се екстерни испити) значително го подобриле начинот на поучување, ја осовремениле својата настава, тоа не ни дава за право да донесеме генерален заклучок дека сега наставата во средното образование е поквалитетна. Точно е дека овие наставници се обидуваат да направат позитивни промени во наставата, но загрижува податокот што сета своја енергија ја насочуваат за организирање на настава во согласност со барањата во испитните програми. Помислата дека слабите резултати на учениците на екстерните испити можат да ја девалвираат нивната работа, ги натерало наставниците редовната настава да ја стават во функција на екстерните испити.

Наместо да ја организираат и реализираат редовната настава во согласност со барањата во наставните програми, голем дел од овие наставници ја приспособуваат на барањата во испитните програми и со тоа ја злоупотребуваат. Редовната настава ја искористуваат за развивање на стратегии како учениците полесно да ги решат задачите во тестовите, а не да се стекнат со трајни знаења. Оваа пракса не дозволува развој на поучувањето и учењето.

(Трајкова-Костовска, 2013, стр. 131).

# II дел

# Методологија на истражувањето

# II Методологија на истражувањето

1. Предмет на истражување

Во рамките на образовниот систем во нашата земја, државниот матурски испит игра клучна улога во оценувањето на знаењата и вештините на учениците. Испитот се изведува екстерно, претставува прв и задолжителен дел бидејќи е еден од основните наставни предмети кои се изучуваат и во основно и во средно училиште. Наставниот предмет Македонски јазик и литература има за цел да ги потврди способностите на учениците во однос на јазичните компетенции и нивните знаења од областа на литературата.

Предмет на истражувањето е да се испита како моделот на државниот матурски испит по наставниот предметот Македонски јазик и литература влијае врз знаењата и вештините кај учениците. Постојано нагласувајќи дека учениците во нашите средни училишта следат настава по наставниот предмет Македонски јазик и литература по три различни наставни програми за гимназиско, средно стручно и уметничко образование, со предност на гимназиското, бидејќи учениците го изучуваат предметот со неделен фонд од 4 наставни часа, а додека пак, учениците од средното стручното образование го изучуваат наставниот предмет со неделен фонд од 3 наставни часа.

Истражувањето се фокусира на анализите на моделот на државниот матурски испит по предметот Македонски јазик и литература, при што фокусот е ставен на видот на испитната програма и типот на задачи зададени од матурските испити.

Истовремено проблемот е истражуван и од аспект на испитување на ставовите и мислењата на непосредно вклучените целни групи во овој процес, а тоа се наставниците и учениците.

Што се однесува до методологија на истражувањето, користени се квалитативни и квантитативни методи.

Преку квалитативната методологија се анализирани постојаните модели на матурските испити, вклучувајќи примери од последните три години, со фокус на структурата на испитите,

испитните програми, типови на прашања и резултатите од спроведеното интервјуирање со наставниците.

Преку квантитативната методологија ќе се анализираат резултатите од анкетираните ученици и наставници во средното образование.

2. Цел и карактер на истражувањето

Примарна цел на ова истражување е да се анализира структуралната, организациската и програмската поставеност на идентичниот модел на матурскиот задолжителен испит по наставниот предмет Македонски јазик и литература во средното образование и неговото влијание на резултатите на постигнувањата на матурантите од спроведеното тестирање.

Секундарни цели на истражувањето се анализите од постигнатите резултати добиени од тестирањето на знаењата по задолжителниот дел од државна матура, односно матурскиот испит по наставниот предмет Македонски јазик и литература, во средните училишта во последните три учебни години (2021/2022, 2022/2023 и 2023/2024). Истовремено се испитуваат ставовите на наставниците по Македонски јазик и литература и матурантите во однос на моделот на матурскиот екстерен испит по наставниот предмет Македонски јазик и литература во средното образование.

Проучувањето на проблемот се врши со теоретско и емпириско истражување со претежно дескриптивен и аналитички карактер. Истражувањето има емпириски карактер со карактеристики на дескриптивно истражување. Ова истражување е емпириско, затоа што се испитуваат ставовите и мислењата на наставниците и учениците. Истражувањето по својот карактер има квантитативни и квалитативни карактеристики. Истражувањето по својот карактер се вбројува и во теоретски и компаративни истражувања, од причина што се прави теоретска анализа на релевантни документи за истражуваниот проблем; На педагошката документација изразена преку компаративна анализа (Извештаите од ДИЦ) на резултатите од тестовите на матурските испити по предметот Македонски јазик и литература.

3. Задачи на истражувањето

1. Да се анализираат постигнатите резултати добиениот од тестирањето на знаењата од матурскиот испит по предметот Македонски јазик и литература за средно образование во последните три учебни години (2021/2022, 2022/2023 и 2023/2024 година).
2. Да се анализира структуралната, организациската и програмската поставеност на идентичниот модел на матурскиот испит по наставниот предмет Македонски јазик и литература во средното образование во последните три учебни години (2021/2022, 2022/2023 и 2023/2024 година).
3. Да се испитаат ставовите на наставниците во однос на програмскиот, структуралниот и организацискиот модел на матурскиот испит по наставниот предмет Македонски јазик и литература во гимназиското, средното стручно и уметничкото образование и неговото влијание врз постигнатите резултати на матурантите.
4. Да се испитаат ставовите на учениците за влијанието на наставните програми и содржини во рамките на редовната настава за подготовка на матурскиот испит по наставниот предмет Македонски јазик и литература.
5. Да се испитаат ставовите на учениците за влијанието на подготвителната настава во рамките на додатна настава за подготовка на матурскиот испит по наставниот предмет Македонски јазик и литература.
6. Да се испитаат ставовите на учениците за влијанието на наставниот предмет Говорење и пишување при подготовката на матурскиот испит по Македонски јазик и литература.
7. Да се испитаат ставовите на учениците за влијанието на воннаставните активности (литературни секции, учество на натпревари и литературни конкурси), врз подготовката за полагање на матурскиот испит по наставниот предмет Македонски јазик и литература.

## 4. Хипотези на истражувањето

Општа хипотеза на истражувањето:

$Х_о$ - Идентичната, структуралната, организациската и програмската поставеност на моделот на матурскиот испит по наставниот предмет Македонски јазик и литература во средното образование, влијае на резултатите на постигнувањата на матурантите од спроведеното тестирање.

Посебни хипотези на истражувањето:

$Х_1$ - Се претпоставува дека постигнатите резултати добиени од тестирањето на знаењата од матурскиот испит по наставниот предмет Македонски јазик и литература во последните три учебни години одат во прилог на постигнатите резултати на матурантите од средно гимназиското образование во однос постигнатите резултати на матурантите од средното стручно и уметничкото образование.

$Х_2$ - Се претпоставува дека наставниците имаат ставови според кои идентичниот програмски и структурален модел на матурскиот испит по наставниот предмет Македонски јазик и литература во гимназиското, средното стручно и уметничкото образование влијае врз постигнатите резултати на матурантите.

$Х_3$ - Се претпоставува дека изборот и изучувањето на наставниот предмет Говорење и пишување во II година во гимназиското образование, претставува значајна поддршка на учениците при подготовка за полагање на матурскиот испит по Македонски јазик и литература.

$Х_4$ - Учениците кои биле вклучени во подготвителна настава во рамките на додатна настава за матурскиот испит по наставниот предмет Македонски јазик и литература, покажуваат повисоки резултати во однос на другите ученици кои немале пристап до ваквите активности.

$Х_5$ - Учениците кои учествувале во воннаставни активности (литературни секции, учествувале на натпревари и литературни конкурси) покажуваат повисоки резултати во однос на другите ученици кои немале пристап до ваквите активности.

## 5. Варијабли на истражувањето

При истражување варијаблите се групираат како независни и зависни, во случајов

**Независни** се:

- моделот на екстерниот матурски испит по наставниот предмет Македонски јазик и литература;
- временскиот период на реализација (споредбен приказ на учебните години: 2021/2022, 2022/2023 и 2023/2024 година), со цел да се утврди континуитетот или промените во постигнувањата;
- типот на средното образование (гимназиско наспроти стручно и уметничко образование);
- Модели на подготовка на учениците (Подготвителна настава за матурскиот испит по наставниот предмет Македонски јазик и литература, воннаставни активности, влијанието на сродните наставни предмети со предметот Македонски јазик и литература).

**Зависни** варијабли во истражувањето се:

- постигнувањата (резултатите) на учениците на државниот матурски испит по Македонски јазик и литература во последните три учебни години (2021/2022, 2022/2023 и 2023/2024 година);
- ставовите на наставниците за Државниот матурски испит по Македонски јазик и литература по наставниот предмет Македонски јазик и литература во средното образование.

## 6. Методи, техники и инструменти на истражувањето

Методите и техниките коишто се користени се во функција на задоволување на методолошките услови за: општост, етички пристап, анонимност во прибирањето податоци и објективност во целиот процес на истражување.

Во истражувањето доминира методот на анализа, поконкретно методот на содржинската анализа, методот на структуралната анализа и методот на компаративната анализа. Во истражувањето се користат и научни методи: синтеза, апстракција, конкретизација и генерализација,

За добивање релевантни податоци се користат следните техники и инструменти:

Техники на истражувањето:

1. анкетирање;
2. анализа на педагошка документација (Извештаи за резултатите од екстерните испити на државната матура за учебните: 2021/2022, 2022/2023 и 2023/2024 година), конкретно за резултатите од спроведеното полагање матурски испит по Македонски јазик и литература од наведените учебни години;

Инструменти на истражувањето:

1. прашалник за ученици - матуранти;
2. прашалник за наставници по Македонски јазик и литература во средните училишта.

Техника на анкетирање:

Преку техниката на анкетирање наменета за учениците (матуранти) и за наставниците по Македонски јазик и литература се добиваат релевантни податоци во однос на истражуваниот проблем и преку нив можат да се проверат/потврдат хипотезите, поточно преку резултатите се потврдува општата хипотеза или ќе произлезат нови сознанија за истражуваната проблематика. Прашалниците наменети за наставниците и матурантите се составени од по 20 прашања.

Преку техниката за анализа на педагошката евиденција, всушност се анализираат извештаите од резултатите добиени од полагање на матурскиот испит по Македонски јазик и литература од последните три учебни години (2021/2022 година, 2022/2023 година и 2023/2024 година).

Во истражувањето се направи **содржинска и структурална анализа од добиените резултати од тестовите** по Државниот матурски испит по Македонски јазик и литература од последните три учебни години, поконкретно беа анализирани застапените испитни теми и нивната компатибилност со наставните содржини застапени во наставната програма по Македонски јазик и литература за гимназиското образование, наспрема наставните содржини застапени во наставната предметната програма по Македонски јазик и литература која се изучува во средните стручни училишта и уметничките училишта.

Техниката на анализа на резултати од матурскиот испит по Македонски јазик и литература:

При анализата на Извештаите беа **анализирани и постигнатите резултати** на учениците добиени од полагањето на Државниот матурски испит по Македонски јазик и литература во јунскиот испитен рок. При спроведената анализа се опфатени резултатите и постигањата на матурантите во нашата земја од последните три учебни години коишто претставуваат релевантни документи насловени како: Извештаи за резултатите од екстерните испити на државната матура за учебните: 2021/2022 година, 2022/2023 година и 2023/2024 година) изработени од страна на МОН и ДИЦ.

Што се однесува до користените истражувачки инструменти, тие се приложени во делот Прилог број 1 и 2 од трудот. Двата инструменти, анкетните прашалници се наменети за учениците матуранти од средните училишта и наставници по Македонски јазик и литература кои реализираат настава во средните училишта.

Добиените резултати од истражувањето се анализирани и соодветно интерпретирани.

## 7. Популација и примерок

Во истражувањето се опфатени повеќе примероци, и тоа:

- Со истражувањето се опфатени повеќе општини, и тоа: Град Скопје, Општина Куманово, Општина Кавадарци и Општина Крива Паланка;
- Во истражувањето е застапен примерок на ученици-матуранти кои следеле настава по предметот Македонски јазик и литература во гимназиско, средно уметничко и средно стручно образование во наведените општини (2024/2025 учебна година). Со истражувањето се опфатени 431 ученик-матурант кои следеле настава по предметот Македонски јазик и литература во гимназиско, средно уметничко и средно стручно образование во наведените општини. (2024/2025 учебна година);
- Во истражувањето е застапен примерок на наставници по Македонски јазик од средните училишта во наведените општини во 2024/2025 учебна година. Со истражувањето се анкетираа 69 наставници по Македонски јазик и литература во средните училишта во наведените општини;
- Примерок на испитни програми за последните три учебни години од спроведување екстерен испит по Македонски јазик и литература (2021/2022, 2022/2023 и 2023/2024 година) примерок на Извештаи од постигнатите резултати од екстерниот испит Македонски јазик и литература за јунски испитен рок од последните три учебни години (2021/2022, 2022/2023 и 2023/2024 година);
- Во истражувањето како посебен суппримерок се средните училишта во наведените општини, вкупно 19 средни училишта.

Табела бр.1 Средни училишта опфатени во истражувањето

| Р.бр. | Назив на средно училиште | Општина / Град |
|---|---|---|
| 1. | СУГС Гимназија „Јосип Броз Тито“ | Град Скопје |
| 2. | СУГС Гимназија „Раде Јовчевски - Корчагин“ | Град Скопје |
| 3. | СУГС Гимназија „Никола Карев“ | Град Скопје |

| | | |
|---|---|---|
| 4. | СУГС Гимназија „Орце Николов“ | Град Скопје |
| 5. | СУГС Гимназија „Георги Димитров“ | Град Скопје |
| 6. | СУГС Гимназија „Панче Арсовски“ | Град Скопје |
| 7. | СУГС Гимназија „Кочо Рацин“ | Град Скопје |
| 8. | ДУФК „Методи Митевски - Брицо“ | Град Скопје |
| 9. | СУГС „Марија Кири Склодовска“ | Град Скопје |
| 10. | СЕТУ „Михајло Пупин“ | Град Скопје |
| 11. | СГГУГС „Здравко Цветковски“ | Град Скопје |
| 12. | АСУЦ „Боро Петрушевски“ | Град Скопје |
| 13. | СЕПУГС „Васил Антевски – Дрен“ | Град Скопје |
| 14. | ДСУЛУД „Лазар Личеноски“ | Град Скопје |
| 15. | СОУ „Перо Наков“ | Куманово |
| 16. | СОУ Гимназија „Гоце Делчев“ | Куманово |
| 17. | ОСТУ „Наце Буѓони“ | Куманово |
| 18. | СОУ Гимназија „Добри Даскалов“ | Кавадарци |
| 19. | СОУ „Ѓорче Петров“ | Крива Паланка |

# 8. Обработка на податоци

Според видот и карактерот на истражувањето, според карактеристиките на истражувачките техники и инструменти, во истражувањето се применува квантитативна и квалитативна обработка на податоците.

При квалитативното анализирање се обработени и анализирани следните податоци:

- испитните програми за матурски испит по Македонски јазик и литература;
- анализа на Извештаите за резултатите од екстерните испити на државна матура за учебните (2021/2022, 2022/2023 и 2023/2024 година);

- анализа на прашања од отворен тип од анкетниот прашалник наменет за ученици матуранти;
- анализа на прашања од отворен тип од анкетниот прашалник наменет за наставници по Македонски јазик и литература.

Добиените податоци од квантитативниот дел од истражувањето се обработени со постапки од дескриптивната статистика. Дистрибуцијата на френквенцијата на резултатите е претставена табеларно и графички.

Прашалниците за учениците и за наставниците се подготвени во електронска форма и до испитаниците се дистрибуирани преку Google Forms. Обработката на податоците се изврши во следните фази, и тоа:

- шема на кодирање (кодирање на прашања од отворен, затворен и комбиниран тип);
- изработка (компјутерска) на матрица – база на податоци;
- опис на испитуваната варијабла преку претставување со дистрибуција на фреквенција;
- претставување на фреквенциите во проценти – дистрибуции на проценти.

Во однос на анализата на статистички податоци за успехот на матурантите кои полагале државна матура, екстерен испит по Македонски јазик и литература во јунскиот испитен рок, се земат предвид резултатите од последните три учебни години (2021/2022, 2022/2023 и 2023/2024 година) објавени на веб-страницата на ДИЦ. (Државен испитен центар, 2021–2024).

## 9. Организација и тек на истражувањето

За успешно спроведување на истражувањето, целокупниот процес треба да биде добро методолошки испланиран и организиран. За таа цел истражувањето се спроведе во следните фази:

I фаза: изработка на студиски проект.

- Во теоретската рамка на истражувањето се врши елаборирање на релевантни проблеми кои се опфатени за проучување на истражувачкиот проблем. Студискиот проект е

поткрепен со избор на библиографија што се користи во понатамошниот тек на истражувањето;

- техничка и електронска подготовка на инструментите за спроведување на истражувањето;

II фаза - теренско истражување:

- барање согласност од локалните самоуправи (Сектор за образование при Општината) и доставување на писмо за одобрување за спроведување на истражувањето;
- придружни дописи до проектните училишта;
- спроведување на анкетирањето;
- прибирање и класифицирање на инструментите;
- анализа на модели на матурски тестови од изминатите три учебни години по предметот Македонски јазик и литература за 2021/2022, 2022/2023 и 2023/2024 година;
- анализа на постигнати резултати наведени во Извештаите од резултатите од државниот матурски испит по предметот Македонски јазик и литература од 2021/2022, 2022/2023 и 2023/2024 година (објавени од МОН и ДИЦ).

III фаза - обработка на податоците:

- подготовка на електронска матрица за внесување податоци;
- внесување на добиени податоци;
- обработка на податоците и документирање со квалитативни и квантитативни анализи;
- графичко и табеларно претставување на добиените резултати;
- анализа и интерпретација на добиените резултати;
- извлекување заклучоци и препораки.

Истражувањето беше спроведено во период од јануари 2024 година до мај 2025 година.

## 10. Очекувани резултати

Во рамки на истражувањето, очекуваните резултати се однесуваат на идентификување на разлики во однос на следењето настава од страна на учениците по предметот Македонски јазик и литература во гимназиско образование, од една страна, и средното стручно и уметничкото образование, од друга страна.

Преку истражувањето се добиваат информации за различните делови на државниот испит по предметот Македонски јазик и литература, вклучувајќи прашања за јазичната писменост, анализа на литературните дела, при што со оваа анализа ќе се овозможи подобро разбирање на потенцијалните предизвици со кои се соочуваат матурантите.

Со резултатите од истражувањето се утврдуваат разликите во подготвеноста на матурантите од гимназиското образование и на матурантите од средното стручно и уметничкото образование, со цел да се утврдат разликите во успешноста на совладување на наставниот материјал.

Фокусот на истражувањето е насочен и кон утврдување на фактите во однос на подготвителните вежби за полагање на матурскиот испит, учеството во литературни клубови, изучување на изборниот наставен предмет Говорење и пишување (кој е застапен само во гимназиската програма), учењето и успешноста во постигнатите ученички резултати, кои од своја страна се добра појдовна основа за предлози за идни реформи во средното образование.

Се очекува да се истакнат силните и слабите страни, идентификација на проблемите и можности за подобрување. Преку заклучните сознанија и предлозите се во насока за ревизија на самите наставни програми во сите средни училишта по наставниот предмет Македонски јазик и литература, со цел да се изедначи подготвеноста на учениците за почитување на принципот на рамноправност при полагање на Државниот матурски испит.

Во четвртиот дел од магистерскиот труд се прави осврт на придобивките од менување на концептот на наставниот план и програма по Македонски јазик и литература, односно според застапеноста на неделниот фонд на часови за овој наставен предмет диференцирано поставен во средното гимназиско, стручно и уметничкото образование. Ова дотолку повеќе

што при совладувањето на една иста наставна содржина се разликува дали ученикот ќе ја разработува на еден, два или три наставни часа. Оттука се менува и обемноста на содржините, повеќе наставни часови за анализа и интерпретација на книжевни дела, повеќе наставни часови за предметот Говорење и пишување, (предмет кој е особено важен за подобрување на јазичните компетенции кај учениците, а притоа има статус на изборен наставен предмет, со напомена само во втора година во гимназиското образование), повеќе часови за вежби и повторување и сл.

Хипотетички ќе се појави потреба од воведување на два или три модели на тестови за полагање на матурскиот испит по предметот Македонски јазик и литература во зависност од тоа матурантите според која наставна програма го изучувале наставниот предмет Македонски јазик и литература. Меѓутоа, ова пак, отвора целосно нови прашања од типот: Дали учениците ќе бидат рамноправни во однос на постигнатите резултати, од што имплицитно зависи нивниот премин во високото образование. Дали тежинското ниво на тестовите ќе биде еднакво за матурантите од гимназиското образование и за матурантите од средното стручно и уметничкото образование?

Постојат повеќе можности кои би требало да се разгледуваат кога се говори за реформи во наставните планови и програми во средното образование во Македонија. Доколку се следи примерот на образовните системи во развиените европски земји, би можело да се спореди и увиди дека во голема мера би било позитивно доколку предметот Македонски јазик и литература се подели на два посебни наставни предмети. Во развиените земји има посебно издиференцирани наставни предмети кои се занимаваат само со јазикот, кој е службен јазик во земјата и посебен предмет во кој е застапена книжевноста со автори од светската, националната и литературата на националностите во земјата.

На овој начин би се изучувале јазичните наставни предмети: Македонски јазик, Албански јазик, Турски јазик, Српски јазик и посебно издиференциран наставен предмет Книжевност, во кој ќе бидат опфатени повеќе книжевни правци и автори од светска литература, македонска литература и литература на националностите. Ова е иницирано според разгледувањето на реформираната наставна програма за прва година според гимназиско образование, која започна со реализација во учебната 2025/2026 година, при што особено се

забележува разлика на вклучување на автори и дела пишувани на јазиците на националностите кои претходно беа многу малку застапени.

Аналогно на горепредложениот модел, двата наставни предмети, поединечно би биле застапени со по 3 наставни часа во неделата. На овој начин би се овозможило поголемо изедначување во подготвеноста на матурантите кои доаѓаат од сите средни училишта, би можеле да полагаат единствени, унифицирани матурски тестови за двата предмета.

Истражувањето на моделите на државниот испит по Македонски јазик и литература, како екстерен испит од државната матура е од големо значење за евалуација на квалитетот на средното образование и постигање на подобри резултати кај матурантите. Со идентификување на разликите, предизвиците и можностите, се отвора можност за да се ревидираат и подобрат наставните програми по предметот Македонски јазик и литература во средните училишта. Овие иницијативи ќе ги зголемат шансите на учениците за успешна подготовка за идни академски граѓани и избор на професионална и животна определба, а со тоа ќе се подобри и образовниот систем во РС Македонија.

Придобивките од ова истражување можат да послужат како основа за дополнителни студии и истражувања во областа на реформите во образованието, како и во образовниот систем во целост.

# III дел

# Анализа и интерпретација на резултатите добиени од истражувањето

# III Анализа и интерпретација на резултатите

## 1. Анализа на моделите на испитните програми за матурскиот испит по наставниот предмет Македонски јазик и литература за учебните: 2021/2022, 2022/2023 и 2023/2024 година

Државниот испитен центар е задолжен да изготвува материјали и да го спроведува екстерниот дел од матурскиот испит по наставниот предмет Македонски јазик и литература. Екстерниот дел од испитот е во рамките на државната матура што се изведува според претходно изготвената испитна програма којашто се истакнува неколку месеци пред закажаниот датум за изведување на испитот. МОН, БРО, во соработка со ДИЦ изготвуваат испитна програма која е базирана врз предметните програми за средното образование по наставниот предмет Македонски јазик и литература, со посебно нагласување на фактот дека трите вида на четиригодишно образование, од кое подоцна матурантите полагаат Државен матурски испит, предметот Македонски јазик и литература го изучуваат според различни наставни програми. Наставните програми, во голема мера, имаат заеднички наставни содржини, меѓутоа се разликуваат по обем на застапеноста.

Учениците кои го изучуваат наставниот предмет по Македонски јазик и литература во средните училишта, немаат ист степен на подготвеност во текот на четиригодишното образование. Главна дистинкција се прави помеѓу ученици кои наставниот предмет го изучуваат според гимназиската наставна програма и тие се во супериорна позиција од останатите матуранти, коишто го изучуваат наставниот предмет во четиригодишното средно стручно и уметничко образование, меѓутоа според различни наставни програми. Она што неколку пати го потенциравме е фактот дека бројот на наставните часови на неделно и годишно ниво се разликува од видот на образованието. Тоа значи дека, според наставните планови и предмети предвидени за уметничкото и стручното образование, предметот го изучуваат со по три наставни часа на неделно ниво, додека според наставниот план за гимназиското образование, предметот се изучува со 4 часа неделен фонд.

Ако се разгледаат испитните програми минатите учебни години, ќе дојдеме до констатација дека, во материјалот за учебната 2021 година, веќе на првата страница, е истакнато дека испитната програма е една за сите три вида образование (гимназиско, средно стручно образование и средно уметничко образование) со оглед дека наставните содржини по предметите кои се изучуваат во сите три вида на средното образование остануваат непроменети. Во испитната програмата има околу 90% застапеност на исти наставни содржини со години, се изготвуваат нови испитни прашања на тестот секоја година коишто се разликуваат од прашањата од претходните години, односно станува збор за исти наставни содржини што секоја година се повторуваат.

Овој дел, во голема мера, е оправдан затоа што во програмата наставните содржини што се застапени мора да бидат заеднички за сите три вида на наставните програми според кои се изучува предметот Македонски јазик и литература, со забелешка дека наставните програми се разликуваат првенствено по обемот, потоа и по содржината за секоја година, одделно.

Во наставните програми за предметот Македонски јазик и литература постојат разлики во наставните содржини кои се предвидени за секоја година одделно, на пример кога станува збор за некој автор од подрачјето Литература, во гимназиската програма може да биде застапен авторот со повеќе негови дела, додека во другите две предметни програми, застапеноста ќе биде со едно дело, притоа не оставајќи многу простор за дополнителна анализа, споредба на повеќе дела и автори.

На почетокот од испитна програма се наведени сите компоненти:

- цел на испитот;
- содржина на испитот;
- спецификација на подрачја и способностите;
- конкретизација на целите;
- опис на испитот;
- критериум за оценување.

Што се однесува до делот на содржината на испитот, треба да се нагласи дека сите наставни содржини што се опфатени во испитната програма претставуваат заеднички избор од

сите наставни содржини коишто се изучуваат според сите три вида образование (гимназиското, стручното и уметничкото), така што се побиваат мислењата и коментарите дека предност има материјалот што се изучува според наставните програми коишто се реализираат во наставата на гимназиското образование.

Главна дистинкција се направи во обемноста на наставната програмата и нејзината застапеност со 4 наставни часа неделен фонд во гимназиското образование, и стручните и уметничките училишта кои истиот наставен предмет го изучуваат со 3 наставни часа неделен фонд. Тоа значи дека подготвителноста на матурантите за истиот испит не е еднаква. Тие не се ставени во еднаква позиција уште од самиот старт, при избор и запишување на соодветно средно образование.

Ако ги погледнеме Испитните програми за матурскиот тест по наставниот предмет Македонски јазик и литература за учебната 2021/2022 и 2022/2023 година, можеме да видиме дека испитната програма во целост е иста во подрачјето Јазик, додека во подрачјето Литература има минимални измени:

Во Испитната програма за учебната 2022/2023 година во делот за национална литература се изоставени авторите: Коле Чашуле - „Црнила“ и Ташко Георгиевски - „Црно семе“, а е додаден авторот Стале Попов со неговото дело „Крпен живот“. Во однос на светската литература нема ниту една разлика, сите автори и нивни дела се исти и во Испитната програма за учебната 2021/2022 и 2022/2023 година.

Меѓутоа, подоцна МОН одлучи да издаде нова испитната програма за учебната 2022/2023 година, која беше поставена на веб-страницата на ДИЦ, во која во делот Светската литература, изоставени беа уште автори, меѓу кои: Данте Алигиери - „Божествена комедија“, Оноре де Балзак - „Чичко Горио“, Шарл Бодлер - „Цвеќињата на злото“, Франц Кафка - „Процес“ и Семјуел Бекет - „Чекајќи го Годо“, а во испитната програма е вметнат авторот Ф. М. Достоевски - „Злосторство и казна“. Според ова можеме да констатираме дека програмата за овие две години претрпе извесни промени кои одат во насока да го сметаме матурскиот тест за уште полесен, затоа што голем број на обемни дела кои се обработуваат во подрачјето Литература се изоставени, па според тоа и програмата можеме да ја сметаме за преработена и намалена по обем на содржини.

Што се однесува, пак, до Испитната програма за учебната 2024/2025 година, некои содржини пак се вратени по претходното скратување на испитната програма:

Во матурската испитна програма во подрачјето Литература застапени се авторите: Оноре де Балзак - „Чичко Горио“, Ф.М Достоевски - „Злосторство и казна“, за разлика од претходните испитни програми за учебните години каде што беа изоставени, според тоа испитната програма за учебната 2024/2025 година, во голема мера се доближува до онаа испитна програма за матура од учебната 2021/2022 година.

Од националната литература и понатаму се изоставени авторите Коле Чашуле - „Црнила“ и Ташко Георгиевски - „Црно семе“, а е додаден авторот Стале Попов со неговото дело „Крпен живот“.

Во останатите делови од матурските испитните програми за овие три учебни години нема промени. Генерално, заклучокот оди во таа насока дека интервенцијата којашто се одвивала во Испитните програми е резултат на скратување на времетраење на самиот испит и следствено на тоа, се изоставени наставни содржини заради временското ограничување на спроведување на тестот.

Овие разлики наведени во овие две испитни програми не ја менуваат подготвителноста на матурантите кои го полагаат матурскиот испит по предметот Македонски јазик и литература. Материјалот е намален по обем, меѓутоа подеднаква е застапеноста на истите автори во сите три предметни програми.

Новини се внесоа во проверување на способноста Пишување, МОН и БРО во соработка со ДИЦ изготвија Упатство за пишување на текст.

Во ова Упатство се дава пример со наслов на тема која матурантите треба да ја елаборираат, конкретни насоки и помош при пишување на есеј. Матурантите имаат голема потреба од вакво Упатство со оглед на фактичката состојба на резултатите од Матурскиот тест по наставниот предмет Македонски јазик и литература, каде што е забележана ниска оценка во изминатите години и нивниот низок интерес за пишување, недоволна мотивираност, немање насоки за пишување на текст на извесна тема во чекори, летаргичност и страв.

Коректно е да се истакне дека МОН изминативе години направи иницијатива за да се внесат промени во основното, средното и високото образование. Во периодот кога се спроведува истражувањето, треба да се напомене дека е во тек последната година од реализација на Стратегија за образование за 2018-2025 година. МОН најави дека во тек е изготвување на новата Стратегија за образование за 2026-2032 година, која ги предвидува насоките кон кои ќе се води образованието во РС Македонија. Од она што веќе е најавено од МОН, се очекува новата Стратегија во наредните шест години да донесе подобар квалитет во високото и во средното стручно образование, поголема инклузивност, едносменска настава, дигиталната писменост, грижа за менталното и физичкото здравје на младите и др.

Што се однесува до матурските испити, согласно со новите концепции на наставните програми, најавени се измени, во рамките на Концепцијата за испити на крајот од средното образование со бр. 13-12804/1 од 03.10.2025 год., според која се предвидуваат две фази, и тоа:
Првата фаза ќе се реализира во учебната 2025/2026 година и опфаќа:

- воведување завршен испит, училишна стручна матура и училишна уметничка матура;
- воведување државна стручна матура и државна уметничка матура со два екстерни испити, два интерни предмети и проектна задача.

Втората фаза ќе се реализира од учебната 2028/2029 година и опфаќа:

- воведување три екстерни испити во државната матура (државната, државна стручна матура и државната уметничка матура), согласно со наставните планови за средното образование.

Во моментот се  спроведува првата фаза, од која допрва следуваат анализи кога ќе се добијат првите резултати од овие промени.

# 2. Анализа и интерпретација на резултатите од екстерниот испит по Македонски јазик и литература во последните три учебни години претставени во Извештаите од ДИЦ

При анализата на резултатите од државната матура за екстерниот испит по Македонски јазик и литература посебно внимание се обрна на документот - „Извештај за резултатите од екстерните испити на државната матура“ изготвен од Државниот испитен центар на Република Северна Македонија, конкретно за добиените резултати од изминатите 3 години (2021/2022, 2022/2023 и 2023/2024 година) со акцент на екстерниот испит по наставниот предмет Македонски јазик и литература.

## 2.1 Анализа на Извештајот за резултатите од екстерните испити на државна матура по Македонски јазик и литература за учебната 2021/2022 година

Во Извештајот од резултатите од државната матура за екстерниот испит по Македонски јазик и литература за учебната 2021/2022 година јасно се истакнати целите кон кои треба да биде насочен екстерниот испит. Откако учениците успешно ќе ги положат предвидените предмети и ќе ги добијат нивните резултати од постигањата, односно валидирање на нивното знаење за завршено средно четиригодишно образование, ќе имаат можност да конкурираат на домашни и странски универзитети.

Успешно положените испити би значело дека општото ниво на знаења, умеења и способности кај учениците е на солидно ниво, ќе се овозможи поквалитетна и поправедна селекција при влез во високото образование, многу важни информации и за учениците, родителите и наставниците, како и за образовните институции за постигањата кај учениците по пат на валидни и веродостојни мерења. Според законската основа за спроведување на државната матура, особено е истакната дистинкцијата помеѓу видовите на средното образование во однос на испитните модели што ги полагаат учениците. Учениците прават избор за видот матура, полагаат: државна матура, училишна матура или завршен испит. Понатаму, особено треба да се нагласи дека во однос на државната матура, конкретно - екстерниот испит по Македонски јазик и литература, моделот на испитната програма, којашто се објавува неколку месеци пред изведување на екстерниот испит, е идентична за сите ученици кои полагаат екстерен испит, без разлика каков вид на средно образование имаат завршено.

Испитите се детално регулирани во *Концепцијата за државна матура, училишна матура и за завршен испит во јавното средно образование*.

Начинот на полагање и оценување на постигањата на екстерните испити од државната матура според гимназиско, средно стручно и уметничко образование се уредуваат со *Правилник за начинот на полагање и оценување на резултатите на учениците на испитите во државната матура во гимназиското, стручното и уметничкото образование.*

Во Извештајот за државната матура за учебната 2021/2022 година е наведено:

„Во ***Стратегијата за образование 2018− 2025,*** поточно во алинејата 94, се појаснува улогата и значењето на државната матура: „Со државната матура се очекува да се обезбеди контрола на квалитетот во средното образование, следење на реализацијата на наставните програми, заокружување на средното образование со соодветна диплома и да ја помогне селекцијата за универзитетско образование.“

Во ***Прегледот на ОЕЦД за евалуацијата и оценувањето во образованието во Република Македонија*** (2019 година), државната матура е оценета со највисоки оценки. Секако, дадени се и препораки за подобрување, имајќи ги предвид светските трендови за ваков тип мерење на постигања и наставните планови и програми во јавното средно образование во РСМ.“

Треба да се истакне дека при полагање на наставните предмети од јазичната група (во случајот - Македонски јазик и литература, Албански јазик и литература, Турски јазик и литература, а од учебната 2024/2025 година и Српски јазик и литература), во најголем процент тестот е преведен и на другите јазици (се мисли на текстови за анализа - Читање со разбирање), но во деловите каде што е застапена националната литература од соодветната наставна програма се предложени извадоци на национални автори и нивни дела, секој соодветни според наставниот јазик.

Во овој контекст коректно е да се напомене дека во минатата учебна година 2024/2025 година, учениците кои четири години наставата ја следеле наставата на Српски јазик, по првпат во рамките на Државната матура е воведено полагање екстерен тест по Српски јазик и литература.

Во Извештајот од резултатите од државната матура, табеларно претставени содржат податоци кои се однесуваат на сите екстерни предмети, односно, број на ученици кои пријавиле државна матура во јунскиот и августовскиот испитен рок, бројот на присутни/отсутни ученици кои полагале и од кои образовни профили доаѓаат учениците, која е средната оценка за успехот што го постигнале во јунскиот испитен рок, кои се просечните постигања според пол и наставен предмет и др. Треба да се нагласи дека во следните анализи ќе ги опфатиме постигањата на матурантите само во јунскиот испитен рок, со оглед на тоа дека се најрепрезентативни. Во августовскиот испитен рок најчесто полагаат матуранти кои не ја завршиле годината, односно биле на поправни испити или не го положиле матурскиот испит во јунскиот испитен рок.

Следуваат табели со податоци од постигнатите резултати од екстерниот матурски испит по Македонски јазик и литература во јунскиот испитен рок:

Табела бр. 2 Број на кандидати според наставни предмети (испити) во јунскиот испитен рок за учебната 2021/2022 година

| Наставен предмет (испит) | Бр. на пријавени кандидати | Бр. на присутни кандидати | Бр. на отсутни кандидати | Отсутни кандидати во % |
|---|---|---|---|---|
| **Македонски јазик и литература** | 11.071 | 10.758 | 313 | 2,83% |

Табела бр. 3 Дистрибуција на оценки од јунскиот испитен рок од испитот по наставниот предмет Македонски јазик и литература за учебната 2021/2022 година

| Наставен предмет | Не положиле (бр/%) | Положиле со 2 (бр/%) | Положиле со 3 (бр/%) | Положиле со 4 (бр/%) | Положиле со 5 (бр/%) | Средна оценка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Мк. јазик и лит.** | 120 (1,12%) | 375 (3,49%) | 1480 (13,76%) | 4725 (43,92%) | 4058 (37,72%) | **4,14** |

Од податоците наведени во табела бр. 2 и табела бр. 3 евидентно е дека од вкупно 10.758 присутни кандидати, најголем број ученици 4725 положиле со оценка 4, што претставува солидно познавање на наставниот материјалот што се изучувал изминатите четири години.

Средната оценка по екстерниот испит по Македонски јазик и литература за 2021/2022 година јунскиот испитен рок изнесува 4,14.

Табела бр. 4 Просечни постигања според пол за наставниот предмет Македонски јазик и литература за учебната 2021/2022 година во јунскиот испитен рок

**Просечни постигања според пол за предметот Македонски јазик и литература**

| Пол | Број на кандидати кои полагале | Средна оценка |
|---|---|---|
| **Женски** | 5.706 | **4,31** |
| **Машки** | 5.052 | **3,94** |
| **Вкупно** | **10.758** | **4,14** |

Од добиените резултати може да се констатира дека испитот го полагале 5706 кандидати од женскиот пол и 5052 кандидати од машкиот пол. Евидентни се разликите во просечните постигања на кандидатите од женскиот пол во однос на кандидатите од машкиот пол.

Во следните табели се претставени постигањата на учениците од јунскиот испитен рок од испитот по Македонски јазик и литература според видот на средното образование: гимназиско образование, стручно образование и уметничко образование.

Табела бр.5 Успехот на учениците од гимназиското образование по наставниот предмет Македонски јазик и литература за учебната 2021/2022 година во јунскиот испитен рок

| Наставен предмет (испит) | Не положиле (бр/%) | Положиле со 2 (бр/%) | Положиле со 3 (бр/%) | Положиле со 4 (бр/%) | Положиле со 5 (бр/%) | Средна оценка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Македонски јазик и литература** | 11 (0,23%) | 41 (0,85%) | 346 (7,18%) | 1914 (39,69%) | 2510 (52,05%) | **4,42** |

Табела бр. 6 Успехот на учениците од средното стручно образование по наставниот предмет Македонски јазик и литература за учебната 2021/2022 година во јунскиот испитен рок

| Наставен предмет | Не полож. (бр/%) | Со 2 (бр/%) | Со 3 (бр/%) | Со 4 (бр/%) | Со 5 (бр/%) | Ср. оценка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Мк. јазик и лит.** | 106 (1,86%) | 313 (5,49%) | 1094 (19,19%) | 2679 (46,98%) | 1510 (26,48%) | **3,91** |

Табела бр. 7 Успехот на учениците од средното уметничко образование по наставниот предмет Македонски јазик и литература за учебната 2021/2022 година во јунскиот испитен рок

| Наставен предмет | Не полож. (бр/%) | Со 2 (бр/%) | Со 3 (бр/%) | Со 4 (бр/%) | Со 5 (бр/%) | Ср. оценка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Мк. јазик и лит.** | 3 (1,28%) | 21 (8,97%) | 40 (17,09%) | 132 (56,41%) | 38 (16,24%) | **3,77** |

Анализираните податоци нѐ наведуваат на основните хипотези кои се поставени во врска со истражувањето, односно во делот каде што се прави дистинкција меѓу трите вида на средното образование. Резултатите упатуваат на констатација дека кандидатите кои завршиле гимназиско образование се супериорни, односно имаат средна оценка од 4,42, за разлика од учениците кои завршиле средно стручно и средно уметничко образование.

Во прилог на оваа констатација треба да се наведе и фактот дека овие ученици наставниот предмет Македонски јазик и литература го изучуваат со 4 часа неделен фонд, а во текот на учебните години преку понудените изборни наставни предмети, како што е предметот Говорење и пишување во втора година или предметот Компаративна книжевност за учениците кои ќе го изберат пакетот јазично-уметничко подрачје, имаат можност да го слушаат предметот Компаративна книжевност во четврта година, при што особено се развива една од главните цели зададени во наставните програми - читање со разбирање и формирање критичко мислење. Учениците од другите видови средно образование, за жал, не учат според истите наставни програми во кој предметот е застапен со помал фонд на часови. Па така, наставата по Македонски јазик и литература се реализира преку 3 часа неделен фонд. Општиот впечаток што се добива од анализата на наставните програми за сите три вида средно образование и наставните содржини во нив, имаат извесни доближувања и раздалечувања, меѓутоа во некоја

скратена форма, која подоцна се рефлектира преку постигнатите резултати при полагањето на матурскиот тест.

Средната оценка од екстерниот испит по Македонски јазик и литература за средно стручно образование во јунскиот испитен рок во учебната 2021/2022 година изнесува 3,91, а за средното уметничко образование средната оценка изнесува 3,77.

Оттука може да се увиди дека послабите резултати од матурските испити се во корелација со образовните профили кои ги изучуваат учениците, каде што неделниот фонд по предметот Македонски јазик и литература изнесува 3 наставни часа.

Генералниот заклучок, кој е изнесен во Извештајот, оди во прилог за потврдување на првата посебна хипотеза од ова истражување која гласи:

$X_1$ - Се претпоставува дека постигнатите резултати добиениот од тестирањето на знаењата од матурскиот испит по наставниот предмет Македонски јазик и литература во последните три учебни години одат во прилог на матурантите од средно гимназиско образование во однос на матурантите од средното стручно и уметничкото образование.

Во заклучокот е наведено дека просечните постигања на матурантите од гимназиското образование се повисоки од оние од стручното и уметничкото образование. Понатаму, овие резултати се очекувани и потврдени затоа што учениците од гимназиското образование работат според други наставни планови и програми и наставните предмети се застапени со повеќе наставни часови. Коректно е да се наведе и препораката што е дадена според која за надминување на овој проблем постои потреба, во блиска иднина да се раздвојат испитите што се полагаат на крајот на четиригодишното средно образование, според видот на завршено средно образование. Од заклучоците изнесени во извештајот може да се констатира дека во самиот процес на конципирање и спроведување на екстерните испити од државната матура има очигледни пропусти што треба многу брзо да бидат надминати.

Да не се занемари и критериумот според кој се запишуваат кандидатите во средните училишта. Според постигнатиот просечен успех од основното училиште, во гимназиското образование се запишуваат ученици со повисоки резултати.

Оттаму, последователно, поголемиот дел од учениците од гимназиите го задржуваат континуитетот на учење, имаат подобри резултати во средното образование како и на државниот матурски испит по Македонски јазик и литература.

Во Извештајот за учебната 2021/2022 година се наведуваат деталите во однос на разликите што ги содржат испитните програми за предметите од јазичната група (Македонски јазик и литература, Албански јазик и литература, Турски јазик и литература и Српски јазик и литература). Испитните програми се идентични повеќе од 80%, со исти усогласени задачи се проверуваат способностите за Пишување, Читање со разбирање, Јазик, Книжевна анализа на дело и автор од светската литература и од националната литература. За задачите со кои се проверуваат знаењата од подрачјето Јазик се внимава да имаат релативно исти поставени барања, односно иста тежина на тестот, со што се почитуваат стандардизираните правила за изготвување на испитните тестови.

При анализата на податоците што се наведени во Извештајот може да се констатира дека преку 9 задачи и 28 барања се тестира способноста - Книжевна анализа; преку 2 задачи и 18 барања се тестира способноста - Читање со разбирање и преку 1 задача се проверува способноста - Пишување и кон оваа задача се додадени и 21 задача од подрачјето Јазик.

Понатаму, се наведуваат правилата според кои се прави бодирањето, максимумот на поени што можат да се добијат од овој тест изнесува 80. Во делот Пишување вкупно се 12 поени, додека преостанатите 67 се распределени на задачите од делот Читање со разбирање и Книжевна анализа, кои се бодираат со по еден поен. Сите ученици го полагаат екстерниот испит составен од 33 испитни задачи, за време од 240 минути.

Според анализата од постигнатите резултати за учебната 2021/2022 година, бројот на задачите кои имаат точна решеност над 90% е поголем во споредба со резултатите од претходните испитни сесии. Оттука се разгледуваат севкупните резултати и според анализите тестот се вбројува во категорија на просечно лесни тестови.

За учебната 2021/2022 година во јунската испитна сесија по предметот Македонски јазик и литература најдобри резултати се постигнаа на задачите од програмското подрачје Јазик, релативно добри знаења се покажани во способноста за Книжевна анализа, а послаби резултати се добиени при испитување на способноста Читање со разбирање. Во Извештајот се

заклучува дека Читањето со разбирање, постигањата во делот за анализа на текстови во наставата не се практикувало доволно. За разлика од оваа способност, постигањата во Книжевна анализа се повисоки затоа што многу наставни часови се посветени на анализа на книжевни дела. Но, и покрај тоа се има впечаток дека учениците во голема мера репродуцираат стекнати знаења од книжевноста, без да развијат способност за самостојна и критичка анализа на книжевен текст. Што се однесува на резултатите од делот Пишување, во оваа учебна година се најслаби, што исто така укажува на фактот дека пишувањето не се практикува доволно во наставниот процес.

Според горенаведените заклучоци од анализата наведена во Извештајот за спроведената државна матура и резултатите од екстерниот испит по Македонски јазик и литература, можат да се увидат силните и слабите страни од конципираноста на матурскиот испит. Следните табели преземени од Извештајот ги претставуваат постигањата на кандидатите, кои го полагале матурскиот испит по наставниот предмет Македонски јазик и литература за учебната 2021/2022 година, како и постигањата според подрачја на испитниот тест од претходните три испитни години.

Табела бр. 8 Постигањата на кандидати кои го полагале матурскиот испит по Македонски јазик и литература според подрачја за учебната 2021/2022 година

| Способност / подрачје | Просечен процент на решеност |
|---|---|
| Книжевна анализа | 82,14 % |
| Читање со разбирање | 77,09 % |
| Пишување | 53,68 % |
| Јазик | 83,51 % |

Табела бр. 9 Споредба на постигања на кандидатите кои го полагале матурскиот испит по Македонски јазик и литература според подрачја во различни испитни години

| Подрачје | 2019 г. (%) | 2021 г. (%) | 2022 г. (%) |
|---|---|---|---|
| Книжевна анализа | 77,99 | 76,43 | 82,14 |
| Читање со разбирање | 79,28 | 63,75 | 77,09 |
| Пишување | 45,21 | 51,64 | 53,68 |
| Јазик | 73,47 | 78,07 | 83,51 |

Поразувачки се резултатите процентуално изразени, според кои постигањата во подрачјето Пишување, со многу низок процент (45,21% во 2019 година, 51,64% во 2021 година и 53,68% 2022 година), ова укажува на недоволна присутност на пишувањето во наставната практика.

Според оваа анализа, може да извлечат извесни заклучоци кои укажуваат на тоа дека учениците не се еднакво подготвени за полагање на матурскиот испит по овој предмет, не следат исти, унифицирани наставни програми по предметот Македонски јазик и литература, немаат иста застапеност на наставните предмети, изразено во наставни часови на неделно и годишно ниво. Според тоа и резултатите од постигањата се разликуваат, а сепак сите полагаат еден, единствен, унифициран модел на испит.

Последователно и успехот ќе резултира според поставените цели и изучуваните содржини, понатаму, во предност се учениците кои имале можност во средното образование да изберат наставни предмети што се во корелација со наставниот предмет Македонски јазик и литература. Важно е да се наведе дека и во овие наставни изборни предмети се стекнуваат знаења и развиваат способности поврзани со програмските подрачјата Јазик и Литература, при што се подобруваат во делот на Читање со разбирање, Пишување и Книжевна анализа, во однос на кандидатите кои ги немале овие можности. Следствено на гореизнесените аргументи и постигнатите резултати се пониски, но сепак, со соодветен број на добиени поени од матурските испити и тие конкурираат за упис на некој од домашните и странските универзитети.

Ова го потврдуваат и резултатите добиени од полагањето на екстерниот испит по предметот Македонски јазик и литература, според тоа од кој вид на завршено средно образование доаѓаат кандидатите (гимназиското образование, стручното образование и уметничко образование).

Табела бр. 10 Споредбен преглед на постигањата на учениците на програмските подрачја, според видот на завршено средно образование за учебна 2021/2022 година

| Вид образование | Просечен успех | Способност / подрачје | Процент на решеност (%) |
|---|---|---|---|
| **Гимназиско** | **81,34 %** | Книжевна анализа | 86,50 |
| | | Јазик | 88,40 |
| | | Читање со разбирање | 73,79 |
| | | Пишување | 60,95 |
| **Стручно** | **73,07 %** | Книжевна анализа | 78,76 |
| | | Јазик | 79,63 |
| | | Читање со разбирање | 74,85 |
| | | Пишување | 47,78 |
| **Уметничко** | **71,22 %** | Книжевна анализа | 74,51 |
| | | Јазик | 77,21 |
| | | Читање со разбирање | 76,26 |
| | | Пишување | 47,47 |

Во делот на коментар, изнесен во Извештајот се наведува дека овие резултати се показател на потребата за раздвојување на испитите од државната матура за различните видови на завршено средно образование.

Од ова произлегува дека, во голема мера, се потврдуваат хипотезите коишто се зададени во ова истражување, и тоа неколку пати експлицитно нагласени во рамките на документот изготвен од Државниот испитен центар - Извештај за резултатите од екстерните испити на државната матура 2021/2022 година.

Во Извештајот во делот на Заклучни согледувања и препораки се наведени следните препораки:

„Исто така, очигледно е дека треба да се раздвои државната матура според видот на образование, односно да не полагаат исти испити на крај на средното четиригодишно образование матурантите од гимназиското, средното стручно и средното уметничко образование“. Анализите ја покажуваат неопходната потреба од таа дистинкција.

Во делот препораки во насока за подобрување на реализацијата на државната матура, а со цел подигнување на квалитетот на средното образование во нашата држава, дел од овие препораки се веќе имплементирани:

- се изготвија нови наставни планови и програми за прва година средно гимназиско образование кои започнаа со реализација во учебната 2025/2026 година;
- учениците од учебната 2024/2025 година екстерните испити ги полагаат во амфитеатрите на факултетите при УКИМ во Скопје и на факултетите при УГД во Штип, во спортските сали и училишните холови.

Во наредниот период предвидено е да се испочитуваат и заострат мерките и да се следат следниве препораки:

- да се сведе на минимум можноста учениците да ги употребуваат мобилните телефони и други недозволени електронски направи во текот на тестирањето;
- да им се забрани користење на мобилни телефони на тестаторите за време на изведувањето на испитите и друго.

## 2.2 Анализа на Извештајот за резултатите од екстерните испити на државна матура по Македонски јазик и литература за учебната 2022/2023 година

Во Извештајот за резултатите од екстерните испити на државната матура за учебната 2022/2023 година стојат нови податоци подредени според идентичниот редослед во Извештајот од претходната година. Во делот општи информации за испитите на државната матура, конкретно екстерниот испит по Македонски јазик и литература, стои дека во споредба со

минатата година, забележано е зголемување на бројот на кандидатите за полагање државна матура во средното стручно и средното уметничко образование, а благо опаѓање на бројот на матурантите од гимназиското образование. Претставени се податоци во врска со сите екстерни предмети, бројот на ученици кои пријавиле државна матура во јунската и августовската испитна сесија, бројот на присутни/отсутни ученици на самиот ден на изведување на матурскиот испит и податоци на ученици кои ни покажуваат на кои образовни профили го изучувале наставниот предмет Македонски јазик и литература, податоци за успехот, средната оценка што ја постигнале во јунскиот испитен рок, просечните постигања по пол на кандидатите, предмет и др.

Следнава табела се однесува за јунскиот испитен рок:

Табела бр. 11 Број на кандидати според наставни предмети (испити) во јунскиот испитен рок за учебната 2022/2023 година

| Наставен предмет (испит) | Бр. на пријавени кандидати | Бр. на присутни кандидати | Бр. на отсутни кандидати | Отсутни кандидати во % |
|---|---|---|---|---|
| **Македонски јазик и литература** | 10.768 | 10.539 | 229 | 2,13 |

Табела бр. 12 Дистрибуција на оценки од јунскиот испитен рок од испит по наставниот предмет Македонски јазик и литература за учебна 2022/2023 година

| Наставен предмет | Не положиле (бр/%) | Со 2 (бр/%) | Со 3 (бр/%) | Со 4 (бр/%) | Со 5 (бр/%) | **Вкупно кандидати** | Ср. оценка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Мк. јазик и лит.** | 136 (1,29%) | 290 (2,75%) | 1.397 (13,26%) | 5.283 (50,13%) | 3.433 (32,57%) | **10.539** | **4,10** |

Врз основа на податоци презентирани на Табела бр. 11 и 12 евидентно е дека од вкупно 10.539 присутни кандидати, (50,13%) од кандидатите, односно 5.283 положиле со оценка 4, што претставува солидно познавање на наставните содржини кои се изучувале изминатите 4 години. Средната оценка изнесува 4,10 за јунскиот испитен рок за екстерниот испит по Македонски јазик и литература за 2022/2023 година.

Табела бр.13 Просечни постигања според пол за наставниот предмет Македонски јазик и литература за учебната 2022/2023 година во јунскиот испитен рок

| Наставен предмет | Женски (бр. канд.) | Женски (ср. оценка) | Машки (бр. канд.) | Машки (ср. оценка) |
|---|---|---|---|---|
| **Мк. јазик и лит.** | 5.544 | **4,28** | 4.995 | **3,92** |

Во однос на просечните постигања од вкупниот број пријавени кандидати кои полагале матурски испит по предметот Македонски јазик и литература во јунскиот испитен рок, 5.544 кандидати се од женски пол и 4.995 кандидати се од машки пол, подобри просечни постигања имаат кандидатите од женскиот пол, како и претходната учебна година.

Табела бр.14 Успехот на учениците од гимназиското образование по наставниот предмет Македонски јазик и литература за учебната 2022/2023 година во јунскиот испитен рок

| Наставен предмет | Не пол. (бр/%) | Со 2 (бр/%) | Со 3 (бр/%) | Со 4 (бр/%) | Со 5 (бр/%) | Ср. оценка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Мк. јазик и лит.** | 17 (0,37%) | 46 (1,00%) | 293 (6,36%) | 2146 (46,56%) | 2107 (45,71%) | **4,36** |

Табела бр. 15 Успехот на учениците од средното стручно образование по наставниот предмет Македонски јазик и литература за учебната 2022/2023 година во јунскиот испитен рок

| Наставен предмет | Не пол. (бр/%) | Со 2 (бр/%) | Со 3 (бр/%) | Со 4 (бр/%) | Со 5 (бр/%) | Ср. оценка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Мк. јазик и лит.** | 118 (2,07%) | 239 (4,19%) | 1073 (18,79%) | 3003 (52,60%) | 1276 (22,35%) | **3,89** |

Табела бр. 16 Успехот на учениците од средното уметничко образование по наставниот предмет Македонски јазик и литература за учебната 2022/2023 година во јунскиот испитен рок

| Наставен предмет | Не пол. (бр/%) | Со 2 (бр/%) | Со 3 (бр/%) | Со 4 (бр/%) | Со 5 (бр/%) | Ср. оценка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Мк. јазик и лит.** | 1 (0,45%) | 5 (2,26%) | 31 (14,03%) | 134 (60,63%) | 50 (22,62%) | **4,03** |

Ваквата дистрибуција на резултатите е во корелација со хипотезите поставени на ова истражување, односно во делот каде што се врши јасна дистинкција помеѓу трите вида средно образование и застапеноста на наставниот предмет Македонски јазик и литература во неделен фонд на наставни часови каде што може да се увиди дека и оваа учебна година, како и претходната, супериорни се кандидатите кои доаѓаат од гимназиските паралелки со средна оценка од 4,36.

Средната оценка од екстерниот испит по Македонски јазик и литература на кандидатите кои го изучувале овој наставен предмет во средното стручно образование во јунскиот испитен рок за учебната 2022/2023 год, изнесува 3,89, додека кандидатите кои го изучувале наставниот предмет според средното уметничко образование, е малку повисока, односно средната оценка изнесува 4,03.

Резултатите се речиси повторени од минатата година, со мали измени во средниот успех, поголеми доближувања или раздалечувања во некои сегменти. Иако, пак, имаме блага супериорност на кандидатите кои доаѓаат од редовите на гимназиското образование, во голема мера е оправдано бидејќи како оправдување стои објаснувањето дека учениците од гимназиското образование го изучуваат наставниот предмет Македонски јазик и литература според наставни планови и програми застапени со повеќе наставни часови. За надминување на овој проблем треба да се реализира Концепцијата за испити на крајот на четиригодишно средно образование (изготвена во 2021 година) во која е пропишано дека завршните испити се концепирани според видот на образованието. Ова сè уште го немаме реализирано, бидејќи и во учебната 2024/2025 година сè уште матурантите полагаа еден идентичен модел на испитен тест. Во текот на истражувањето на овој магистерски труд промените кои се внесуваат во делот Матура, предводени од МОН, БРО и ДИЦ, веќе се во делумна имплементација, со тоа што во јунската испитна сесија, во учебната 2025/2026 година, за првпат матурантите имаат да одберат една од понудените три видови матура: државна, државна стручна и државна уметничка матура, според објавените испитни програми на веб-страницата на ДИЦ, се очекува дека на денот на изведувањето на екстерниот матурски испит по Македонски јазик и литература ќе се изготват посебни матурски тестови кои соодветствуваат со испитната програма за соодветен

вид државна матура. Ова значи дека моделот нема веќе да биде унифициран. Во делот на нивелирање на постигнатите знаења и точна решеност на тестовите и нивното бодирање и претворање во поени кои ќе ги изедначат кандидатите според успехот, останува да се реализираат и потоа да се издвојат извесни забелешки од спроведените промени. Проблемот поставен во ова истражување претставува авангарда и предвесник на промените кои ќе следат во иднина.

За да се обезбеди праведна евалуација на државниот екстерен испит по предметот Македонски јазик и литература, неопходно е сите четиригодишни образовни профили, вклучувајќи го и стручното образование, да се изедначат во делот на општообразовните наставни содржини (конкретно на наставниот предмет Македонски јазик и литература). Практично, тоа подразбира дека учениците кои претендираат кон високото образование треба да ги усвојуваат знаењата според наставна програма што ќе се реализира со идентичен неделен фонд од 4 наставни часа. На овој начин, државната матура би престанала да биде извор на нееднаквост и би се трансформирала во веродостоен инструмент за селекција за универзитетските студии во земјава и странство.

Во извештајот за учебната 2022/2023 година се наведуваат деталите во однос на разликите што ги содржат испитните програми за предметите од јазичната група (Македонски јазик и литература, Албански јазик и литература, Турски јазик и литература и Српски јазик и литература) програмите се доближуваат повеќе од 80%, со усогласени задачи се проверуваат способностите Пишување, Читање со разбирање, Книжевна анализа на дело и автор од светската литература и од националната литература. За задачите со кои се проверуваат знаењата од подрачјето Јазик се внимава да имаат релативно исти поставени барања, односно иста тежина на тестот, со што се почитуваат стандардизираните правила за изготвување на испитните тестови.

Во испитната програма за учебната 2022/2023 година на матурскиот испит по Македонски јазик и литература се воведени одредени структурни корекции, испитниот материјал содржи 24 прашања со вкупно 55 барања. Насоките за реализација и за структурата на испитот, како и секоја година, се привремено поставени на веб-страницата на ДИЦ.

Врз основа на презентираните податоци во Извештајот може да се констатира дека преку 2 задачи и 16 барања се тестира способноста - Книжевна анализа; преку 2 задачи и 18 барања се тестира способноста - Читање со разбирање и преку 1 задача се проверува способноста – Пишување и кон оваа задача се додадени и 21 задача од подрачјето Јазик.

Понатаму следуваат правила според кои се прави бодирањето, максимумот на поени кои што можат да се добијат од овој тест изнесува 68. Во делот Пишување вкупно се 13 поени, додека преостанатите 55 се распределени на задачите од делот Читање со разбирање и Книжевна анализа, коишто се бодираат со по еден бод. Сите ученици го полагаат екстерниот испит за време од 210 минути на зададените 26 испитни задачи, што претставува скратување на материјалот и времето за кое се изведува тестот (за 30 минути помалку) во споредба со минатата година.

Според анализата од постигнатите резултати за учебната 2022/2023 година бројот на задачите кои имаат точна решеност изнесува 74,79%. Оттука се разгледуваат севкупните резултати и според анализите тестот е во категорија на просечно лесни тестови.

За учебната 2022/2023 година во јунската испитна сесија по предметот Македонски јазик и литература најдобри резултати се постигањата на задачите од програмското подрачје Јазик, релативно добри резултатите се покажани во задачите каде што се проверува способноста Книжевна анализа, а послаби резултати се добиени од задачите каде што се проверува способноста Читање со разбирање, во Извештајот се наведува дека ваквата состојба се должи на недоволното читање различни видови текстови во наставата. За разлика од оваа способност, постигањата во Книжевна анализа се повисоки затоа што повеќе наставни часови се посветени на анализа на книжевни дела. Но, и покрај тоа, останува впечатокот дека учениците во голема мера репродуцираат стекнати знаења од книжевноста, но не ја развиле способноста за самостојна анализа на книжевен текст.

Што се однесува до делот Пишување, резултатите во овој Извештај во јунската испитна сесија се најслаби, од што произлегува дека пишувањето не се практикува доволно во наставниот процес во нашите училишта.

Врз основа на елаборираните наоди од Извештајот за државната матура и постигнатите резултати по предметот Македонски јазик и литература, се дефинира јасна дистинкција помеѓу

функционалните предности и системските недостатоци од конципираноста на матурскиот испит. Прикажаните податоци во табелите кои следат, преземени од официјалниот Извештај, нудат компаративен преглед на постигањата на кандидатите за учебната 2022/2023 година, како и ретроспективна анализа на резултатите по испитни подрачја за периодот од 2019 година до 2023 година.

Табела бр. 17 Компарација на постигања за предметот Македонски јазик и литература, од 2019 година до 2023 година, по подрачја изразена во проценти

| Способност / Подрачје | 2019 г. (%) | 2021 г. (%) | 2022 г. (%) | 2023 г. (%) |
|---|---|---|---|---|
| **Книжевна анализа** | 77,99 | 76,43 | 82,14 | 78,01 |
| **Читање со разбирање** | 79,28 | 63,75 | 77,09 | 73,26 |
| **Пишување** | 45,21 | 51,64 | 53,68 | 50,46 |
| **Јазик** | 73,47 | 78,07 | 83,51 | 88,69 |

Врз основа на презентираните податоци во Табела бр.17, евидентно е дека во учебната 2022/2023 година кандидатите покажале највисок степен на постигања во подрачјето Јазик. Забележливо е отстапување од приближно 10% во постигањата кај Книжевната анализа, по што следува делот Читање со разбирање, додека најниска перцепција на знаење е регистрирана во делот Пишување. Практиката покажала дека матурантите свесно го маргинализираат овој сегмент поради тоа што сметаат дека делот Пишување не генерира значителен фонд на бодови, затоа го изоставаат овој дел од испитот.

Спроведената анализа овозможува изведување на релевантни заклучоци кои ја рефлектираат системската различност во образовниот процес. Евидентно е дека кандидатите пристапуваат кон државната матура со различна подготвеност, што е директна последица на неусогласените наставни програми и различниот неделен фонд на наставните часови по наставниот предмет Македонски јазик и литература. Контрадикторноста се покажува во фактот што, и покрај различните стартни позиции во кои се наоѓаат учениците, сите полагаат матурски испит според унифициран модел на тестирање. Тезите застапени во овој труд не само

што ја отсликуваат реалната состојба, туку се и емпириски верификувани преку официјалните Извештаи, чијашто анализа иницира неопходноста од итни и суштински системски реформи.

Во врска со успехот од резултатите од матурските испити како и заклучоците што произлегуваат од нив, анализите во Извештајот од учебната 2022/2023 година, конкретно се мисли на испитот по наставниот предмет Македонски јазик и литература, во голема мера се доближуваат и повторуваат со претходните извештаи од претходните учебни години.

Главната разлика е во тоа што ДИЦ го намали обемот на прашањата како и времето за кое се изведува тестот (за 30 минути помалку) во споредба со минатата година. Во јунскиот испитен рок од учебната 2022/2023 година беа зголемени критериумите за надзор. Покрај тестаторите, чија обврска е да бидат присутни за време на тестирањето, беа ангажирани и набљудувачи (најчесто претставници од ДИЦ или БРО), кои што вршеа директен увид на терен на денот на испитот.

Во однос на просторните услови за изведување на екстерните испити, државната матура беше организирана надвор од вообичаените училници. Испитите се спроведуваа во училишните холови и спортски сали со цел да се овозможи подобра прегледност и контрола врз матурантите. Истовремено, правилата за користење мобилни телефони и друга напредна технологија беа јасно истакнати, а учениците беа однапред запознаени со санкциите во случај на нивна злоупотреба.

Фактот дека матурантите кои го изучуваат наставниот предмет Македонски јазик и литература според гимназиските планови и програми имаат постигнато најдобри резултати, го потврдува и табеларниот приказ на резултати од испитот претставен според кандидатите кои доаѓаат од гимназиското образование, стручното и уметничко образование, во следнава табела:

Табела бр. 18 Компаративен преглед на постигањата за предметот Македонски јазик и литература по подрачја според видот на образование за учебна 2022/2023 година

| Вид образование | Подрачје / способност | Процент на решеност (%) |
|---|---|---|
| **Гимназиско образование** | Книжевна анализа | 82,32 |
| | Јазик | 92,00 |
| | Читање | 76,33 |
| | Пишување | 57,39 |
| **Стручно образование** | Книжевна анализа | 74,46 |
| | Јазик | 86,04 |
| | Читање | 70,85 |
| | Пишување | 44,97 |
| **Уметничко образование** | Книжевна анализа | 75,93 |
| | Јазик | 88,00 |
| | Читање | 71,47 |
| | Пишување | 48,00 |

Резултатите јасно покажуваат дека матурантите од гимназиското образование постигнуваат повисоки проценти на точност на испитот по Македонски јазик и литература, особено во подрачјето Јазик, каде што успешноста изнесува 92%. Ова упатува на заклучокот дека програмата за екстерниот испит е во голема мера усогласена со наставните содржини во гимназиите. Дополнителен фактор за ваквите резултати е и структурата на учениците во овие училишта, кои најчесто се запишуваат со одличен успех и го задржуваат успехот во текот на целото образование.

Во Извештајот за екстерниот матурски испити за учебната 2022/2023 година во делот на Заклучни согледувања и препораки стои:

„Според ДИЦ неопходно е итно да се пристапи кон усвојување на новата Концепција за испити на крајот на четиригодишното средно образование, која е изготвена и предадена во МОН уште во 2021 година за да може да се почне со реализација. Спроведувањето на завршните испити во средното

образование, според новата Концепција за испити на крајот на четиригодишното средно образование, ќе овозможи надминување на предизвиците кои се присутни, особено со воведувањето на модуларните наставни програми во средното стручно образование по општообразовните предмети кои се екстерни испити во рамките на државната матура.“

Насоките за подобрување на државната матура, со цел подигање на квалитетот на средното образование, во голем дел веќе се опфатени во Извештајот за 2021/2022 година. Кон нив, во овој дел се додаваат и следниве препораки:

- Почитување на барањата претставени во *Компетенции за 21 век од ЕУ* – при развивање на постојните наставни програми или при изготвување нови наставни програми по јазичните наставни предмети: Македонски јазик и литература, Албански јазик и литература, Турски јазик и литература и Српски јазик и литература Неопходно е да се обезбеди усогласеност на наставните содржини, особено во делот на светската книжевност, додека националните книжевности треба да ја задржат својата специфичност.
- Неопходно е да се започне со имплементација на новата Концепција за завршни испити во четиригодишното средно образование, подготвена уште во 2021 година. Со оглед на реформите во гимназиското образование кои започнаа во учебната 2025/2026 година, се предвидува дека новиот модел на полагање ќе претрпи значителни измени. Наместо досегашниот унифициран модел, испитот ќе биде различно конципиран за средното стручно образование и за уметничкото образование во однос на гимназиското образование.

Не се исклучени и најавите е дека се размислува и за воведување на прелиминарен (приемен) испит, за влез во високото образование, во зависност од одлуката на универзитетите.

Целосната примена на овие промени се очекува во учебната 2028/2029 година со воведувањето на втората фаза од реформите. Оваа фаза предвидува три екстерни испити во рамките на државната, стручната и уметничката матура, во согласност со новите наставни планови. Сепак, треба да се напомене дека во учебната 2025/2026 година, на матурантите им

беа воведени одредени новини кои не беа претходно најавени, што предизвика бројни дилеми и нејаснотии во процесот.

- Делот за казнени мерки против користење на мобилните телефони е во голема мера испочитуван.
- Во однос на воведувањето паричен надоместок за полагање на државната матура, предвидени се неколку категории на кандидати. Оваа обврска се однесува на учениците од приватните училишта, како и на кандидатите кои го полагаат испитот по втор или трет пат. Исто така, надоместок ќе плаќаат и оние кои биле отсутни од земјата во редовните термини, како и кандидатите кои задоцниле со пријавувањето. На оние кои ќе го пропуштат редовниот рок, ќе им биде овозможено да пријават испит најдоцна 60 дена пред почетокот на сесијата, со соодветен паричен надомест, со цел да не го изгубат правото на полагање.

Со овие препораки, предлози и констатации се заокружува анализата на Извештајот за резултатите од екстерните испити на државната матура за учебната 2022/2023 година, со специфичен фокус на постигањата на матурантите по предметот Македонски јазик и литература.

### 2.3. Анализа на Извештајот за резултатите од екстерните испити на државна матура за учебната 2023/2024 година

Извештајот за учебната 2023/2024 година ја следи идентичната структура и редослед на податоци како и претходниот документ. Во делот со општи информации за државната матура, забележано е намалување на вкупниот број кандидати за 5%, со благо опаѓање на бројот на матуранти кај сите типови образование. Понатаму, содржани се детални податоци за сите екстерни предмети, вклучувајќи го бројот на пријавени и отсутни ученици во јунската и августовската сесија, нивните образовни профили, како и постигнатиот просечен успех по предмети и полот.

Како и во претходните случаи, предмет на оваа анализа се резултатите од јунската испитна сесија како најрепрезентативна за успехот на матурантите. За разлика од неа, во августовскиот рок се пријавуваат кандидати кои претходно имале поправни испити или кои во

првиот обид не го положиле екстерниот испит по Македонски јазик и литература. Проследете ги табелите за јунскиот испитен рок:

Табела бр. 19 Број на кандидати за испитот по Македонски јазик и литература во јунскиот испитен рок за учебната 2023/2024 година

| Наставен предмет (испит) | Бр. на пријавени кандидати | Бр. на присутни кандидати | Бр. на отсутни кандидати | Отсутни кандидати во % |
|---|---|---|---|---|
| **Македонски јазик и литература** | 10.089 | 9.881 | 208 | 2,06 |

Од податоците во табелата може да се забележи дека од вкупно 10.089 пријавени кандидати, дури 208 биле отсутни (2,06%), што претставува значителна бројка. Оваа појава главно се должи на кандидатите кои во последен момент се одлучиле да полагаат училишна матура или завршен испит, како и на вонредните ученици кои не ја завршиле годината навремено. Со оглед на тоа што овој тренд се повторува со години, неопходно е системско решение. Отсуството на пријавените кандидати предизвикува непотребен трошок на финансиски средства и човечки ресурси, бидејќи ДИЦ подготвува испитни материјали за секој пријавен ученик.

Табела бр. 20 Дистрибуција на оценки од јунскиот испитен рок од испит по наставниот предмет Македонски јазик и литература за учебна 2023/2024 година

| Наставен предмет | Не пол. (бр/%) | Со 2 (бр/%) | Со 3 (бр/%) | Со 4 (бр/%) | Со 5 (бр/%) | Ср. оценка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Мк. јазик и лит.** | 579 (5,86%) | 1248 (12,63%) | 3376 (34,17%) | 3966 (40,14%) | 712 (7,21%) | **3,30** |

Споредбената анализа на резултатите по предметот Македонски јазик и литература покажува значителен пад на успехот во јунскиот испитен рок. Средната оценка за оваа учебна година изнесува 3,30, што претставува сериозно намалување во однос на претходната година, кога просечниот успех изнесуваше 4,10.

Табела бр. 21 Просечни постигања според пол за наставниот предмет Македонски јазик и литература за учебната 2023/2024 година во јунскиот испитен рок

| Наставен предмет (екстерен испит) | Женски (бр. канд.) | Женски (ср. оценка) | Машки (бр. канд.) | Машки (ср. оценка) |
|---|---|---|---|---|
| **Македонски јазик и литература** | 5.243 | **3,5** | 4.638 | **3,08** |

Од вкупниот број матуранти кои пристапиле на испитот (5.243 од женски пол и 4.638 од машки пол), лицата од женски пол покажуваат подобри просечни постигања. Ваквите резултати се во согласност со веќе утврдениот тренд забележан во изминатите години.

Табела бр. 22 Успехот на учениците од гимназиското образование по предметот Македонски јазик и литература за учебната 2023/2024 година во јунскиот испитен рок

| Наставен предмет | Не пол. (бр/%) | Со 2 (бр/%) | Со 3 (бр/%) | Со 4 (бр/%) | Со 5 (бр/%) | Ср. оценка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Мк. јазик и лит.** | 94 (2,18%) | 293 (6,80%) | 1253 (29,07%) | 2142 (49,69%) | 529 (12,27%) | **3,63** |

Табела бр. 23 Успехот на учениците од средното стручно образование по наставниот предмет Македонски јазик и литература за учебната 2023/2024 година во јунскиот испитен рок

| Наставен предмет | Не пол. (бр/%) | Со 2 (бр/%) | Со 3 (бр/%) | Со 4 (бр/%) | Со 5 (бр/%) | Ср. оценка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Мк. јазик и лит.** | 469 (8,78%) | 909 (17,02%) | 2034 (38,09%) | 1749 (32,75%) | 179 (3,35%) | **3,05** |

Табела бр. 24 Успехот на учениците од уметничкото образование по наставниот предмет Македонски јазик и литература за учебната 2023/2024 година во јунскиот испитен рок

| Наставен предмет | Не пол. (бр/%) | Со 2 (бр/%) | Со 3 (бр/%) | Со 4 (бр/%) | Со 5 (бр/%) | Ср. оценка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Мк. јазик и лит.** | 16 (6,96%) | 46 (20,00%) | 89 (38,70%) | 75 (32,61%) | 4 (1,74%) | **3,02** |

Се повторуваат броевите и анализите како и заклучоците од извештаите дека се потврдуваат основните хипотези кои се поставени во врска со ова истражување, односно во делот каде што правиме дистинкција помеѓу трите вида средно образование и оваа учебна година супериорни се кандидатите кои доаѓаат од гимназиските паралелки со положен екстерен испит по Македонски јазик и литература со средна оценка од 3,63.

Средната оценка на екстерниот испит по Македонски јазик и литература во јунскиот испитен рок од учебната 2023/2024 година изнесува 3,05 за кандидатите од средното стручно образование. Речиси идентични резултати постигнаа и учениците од уметничкото образование, со просечен успех од 3,02.

Споредбената анализа на податоците потврдува евидентен пад на успехот во однос на претходната учебна година. Средната оценка по предметот Македонски јазик и литература е намалена од 4,10 во 2022/2023 година на 3,30 во 2023/2024 година. Ваквиот негативен тренд е загрижувачки и претставува поразителен показател за состојбите во севкупното средно образование во државата.

Иако кандидатите од гимназиското образование и понатаму покажуваат супериорност во резултатите, тоа е директна последица на наставните програми со поголем неделен фонд часови по Македонски јазик и литература. За надминување на овој јаз, неопходна е итна имплементација на *Концепцијата за државна матура од 2021 година*, која предвидува завршните испити да бидат приспособени според спецификите на секој вид образование. Притоа, од суштинско значење е да се изврши нивелација на тежината на тестовите, со цел да се обезбеди правичност при рангирањето на кандидатите.

Со оглед на тоа што и во учебната 2024/2025 година сè уште се применува унифициран модел на тестирање, се наметнуваат две можни системски решенија:

- Целосно изедначување на неделниот фонд на 4 наставни часа за сите профили во четиригодишното средно образование (доколку се задржи унифицираниот модел на матура).
- Трансформација на наставниот предмет во два посебни задолжителни настави предмети: Јазик и Книжевност, со по 3 наставни часа за секој од нив, што би изнесувало вкупно 6 часа неделно.

Извештајот за учебната 2023/2024 година ги детализира разликите и сличностите во испитните програми по јазичните наставни предмети (македонски, албански, турски и српски јазик). Утврдено е дека овие програми содржат над 80% идентични наставни содржини, при што преку усогласени задачи се проверуваат клучните способности: пишување, јазик, читање со разбирање, како и книжевна анализа на автори од светската и националната литература. Посебно внимание се посветува на подрачјето Јазик, каде што задачите имаат релативно исти барања и тежина, со што доследно се почитуваат стандардизираните правила за изготвување на испитни тестови.

Во испитната програма за учебната 2023/2024 година на матурскиот испит по Македонски јазик и литература се воведени мали измени, испитниот материјал содржи 27 прашања со вкупно 74 барања. Насоките за реализација и за структурата на испитот, како и секоја година, се привремено поставени на веб-страницата на ДИЦ.

Врз основа на презентираните податоци во Извештајот може да се констатира дека преку 3 прашања и 22 барања се тестира способноста Книжевна анализа; преку 2 прашања и 18 барања се тестира способноста Читање со разбирање и преку 1 прашање се проверува способноста Пишување и кон оваа задача се додадени и 21 прашање од подрачјето Јазик.

Понатаму следуваат правила според кои се прави бодирањето, максимумот на поени коишто можат да се добијат од овој тест изнесува 74, во делот Пишување вкупно се 13 поени, додека преостанатите 61 поен се распределени на задачите од делот Читање со разбирање и Книжевна анализа коишто се бодираат со по еден поен. Сите ученици го полагаат екстерниот испит за време од 210 минути на зададените 27 испитни прашања.

Според официјалните податоци за јунскиот испитен рок во учебната 2023/2024 година, на испитот по Македонски јазик и литература пристапиле вкупно 9.881 кандидат, од кои успешно положиле 9.302, односно (94,14%). Анализата на постигнувањата по области открива извесни повторувања со претходните две години. Најдобри резултати се забележани во подрачјето Јазик, додека релативно солидни знаења се покажани во делот Книжевна анализа. Сепак, кај способноста Читање со разбирање се евидентирани послаби резултати. Критична точка претставува подрачјето Пишување, каде што постигањата се најслаби, со стапка на решеност од само 46,14%. Ваквиот податок е директен показател дека вештината на писмено

изразување недоволно се практикува во наставниот процес. Овие согледувања од Извештајот јасно ги диференцираат силните и слабите страни на актуелната концепција на матурскиот испит.

Во продолжение се презентирани табеларните прегледи преземени од официјалниот Извештај, кои ги прикажуваат постигањата на кандидатите за учебната 2022/2023 година. Дополнително, даден е компаративен приказ на успехот по наставни подрачја низ неколку испитни циклуси (2019, 2021, 2022, 2023 и 2024 година), со цел да се следи континуитетот и промените во квалитетот на знаењето.

Табела бр. 25 Компарација на постигања за предметот Македонски јазик и литература, од 2019 година до 2024 година, по подрачја изразена во проценти

| Способност / Подрачје | 2019 г. (%) | 2021 г. (%) | 2022 г. (%) | 2023 г. (%) | 2024 г. (%) |
|---|---|---|---|---|---|
| **Книжевна анализа** | 77,99 | 76,43 | 82,14 | 78,01 | **61,51** |
| **Читање со разбирање** | 79,28 | 63,75 | 77,09 | 73,26 | **61,26** |
| **Пишување** | 45,21 | 51,64 | 53,68 | 50,46 | **46,14** |
| **Јазик** | 73,47 | 78,07 | 83,51 | 88,69 | **69,41** |

Податоците од табелата потврдуваат дека во учебната 2023/2024 година, највисок процент на успешност е постигнат во подрачјето Јазик, додека знаењата во делот на Книжевна анализа и Читање со разбирање се на значително пониско ниво. Најслаби резултати, пак, се евидентирани во подрачјето Пишување. Практиката укажува на загрижувачката перцепција кај матурантите, како и претходните години и оваа, тие често го занемаруваат овој дел сметајќи дека не носи пресуден број бодови. Хронолошкиот преглед за последните четири години покажува континуиран пад во оваа сфера, што јасно говори дека кај матурантите не се негува културата на писмено изразување. Кај нив, наместо стремеж кон убавиот пишан збор, доминира пристапот на задоволување само на минималните критериуми за преодна оценка.

И овде и во претходните анализи доаѓаме до иста констатација која укажува на тоа дека учениците не излегуваат на матурски испит со еднаква подготвеност, не следат исти, унифицирани наставни програми по предметот Македонски јазик и литература, немаат иста

застапеност на предметите во наставни часови на неделно и годишно ниво, последователно на тоа такви резултати од постигањата ќе бидат очекувани.

Тезите застапени во овој труд само ја потврдуваат реалната состојба, поткрепена со факти од официјалните извештаи на спроведени и објавени од ДИЦ. Притоа, конкретен акцент во овој труд е ставен на предметот Македонски јазик и литература, како задолжителен екстерен испит во јунските испитни рокови, со цел да се прикажат објективните постигања и предизвиците во државната матура.

Заклучоците кои произлегуваат од анализата за учебната 2023/2024 година, во голема мера, го потврдуваат континуитетот на резултатите забележани во изминатите години. Сепак, како значителен напредок во овој циклус треба да се истакне подобрената организација на самиот процес на тестирање. Полагањето на испитите во училишните холови и спортски сали овозможи поголема прегледност и подобра контрола врз кандидатите. Паралелно со ова, строгите правила за забрана на мобилни телефони и друга напредна технологија беа јасно пропишани, а матурантите беа целосно информирани за последиците, со што дополнително се подигна нивото квалитетно спроведување на испитниот процес.

Анализите спроведени во овој труд во целост ги потврдуваат почетните тези: резултатите на испитот по Македонски јазик и литература се во директна корелација со видот на средното образование. Постигањата на кандидатите од гимназиското, средното стручно и уметничкото образование се разликуваат правопропорционално со застапеноста на предметот во наставните планови, односно со неделниот и годишниот фонд на часови.

Оваа причинско-последична врска меѓу наставната застапеност и испитниот успех е прецизно илустрирана во следната табела:

Табела бр. 26 Споредбен преглед на постигањата на учениците на екстерниот испит по Македонски јазик и литература по програмските подрачја, според видот на завршено средно образование за учебна 2023/2024 година во јунскиот испитен рок

| Вид образование | Подрачје / способност | Процент на решеност (%) |
|---|---|---|
| **Гимназиско образование** | Книжевна анализа | 66,59 |
| | Јазик | 75,77 |
| | Читање | 64,55 |
| | Пишување | 52,59 |
| | **Вкупно:** | **66,24** |
| **Стручно образование** | Книжевна анализа | 57,66 |
| | Јазик | 64,69 |
| | Читање | 58,62 |
| | Пишување | 40,94 |
| | **Вкупно:** | **56,95** |
| **Уметничко образование** | Книжевна анализа | 55,51 |
| | Јазик | 59,63 |
| | Читање | 60,87 |
| | Пишување | 46,02 |
| | **Вкупно:** | **56,32** |

Анализата на постигањата останува непроменета со претходните извештаи. Евидентно е дека кандидатите од гимназиското образование остваруваат највисок процент на точност, особено во подрачјето Јазик (75%). Ова упатува на заклучокот дека испитната програма за екстерниот испит по Македонски јазик и литература е најтесно усогласена со наставните планови на наставниот предмет што се изучува според гимназиското образование. Дополнителен фактор е и самата структура на учениците во гимназиите, кои вообичаено се запишуваат со одличен успех и го одржуваат истиот одличен успех во континуитет. За разлика

од нив, учениците од стручното и уметничкото образование имаат приближни, но значително пониски резултати во делот Јазик (65%, односно 60%). Очигледната разлика ги потврдува претпоставките дека повисокиот влезен успех и обемот на наставната програма според гимназиското образование се клучни одредници за подобрите резултати на државната матура.

Во Извештајот за резултатите од државна матура за учебната 2023/2024 година во делот на Заклучни согледувања и препораки стои:

- Почитување на барањата претставени во *Компетенции за XXI век од ЕУ* – при развивање на постојните наставни програми или при изготвување нови наставни програми по предметите Македонски јазик и литература, Албански јазик и литература, Турски јазик и литература и Српски јазик и литература. Новите наставни програми треба да обезбедат висок степен на унифицираност, особено во делот на светската книжевност. Иако националните книжевности природно се разликуваат, изборот на заеднички автори и содржини е клучен за обезбедување еднакви критериуми при проверката на знаењата на државната матура.
- Неопходно е веднаш да се започне со имплементација на Концепцијата за испити на крајот на четиригодишното средно образование, која беше финализирана и доставена до МОН уште во 2021 година. Во оваа насока се забележуваат првичните промени предвидени за учебната 2025/2026 година (започнува реализацијата на првата фаза од предвидените реформи). Овој процес ќе се одвива етапно, при што во наредните години се очекува воведување на посуштински промени во структурата и начинот на полагање на завршните испити
- Системот на казнени мерки против употреба на мобилни телефони и други електронски уреди се покажа ефикасен. Високиот степен на почитување на овие протоколи во текот на испитните сесии придонесе за зачувување на објективноста на резултатите од државната матура.
- Сите екстерни испити, како и оваа година, да се организираат и реализираат во големи простори (амфитеатрите на факултетите при УКИМ во Скопје и на факултетите при УГД во Штип, во спортските сали и училишните холови и слично).

- Да се обезбеди алатки (како на пример „Turnitin“) за докажување на неправилност од интернет-страници или од алатката „ChatGPT“, Овие алатки се клучни за идентификување на неправилности при одговорите на прашањата и изработката на есеите, особено во случаи на недозволено користење на мобилни телефони и напредни технолошки помагала за време на испитот.
- Да се воведе систем за паричен надоместок за полагање на државната матура во специфични случаи. Оваа мерка би ги опфатила кандидатите кои доаѓаат од приватните средни училишта; кандидатите кои повторно ги полагаат испитите; кандидатите кои поднеле задоцнети пријави по предвидениот рок. Целта на оваа препорака е рационализација на трошоците на ДИЦ и поттикнување на поголема одговорност кај матурантите во процесот на пријавување.

Со овие препораки и констатации ја заокружуваме анализата на Извештајот за државната матура во учебната 2023/2024 година, со специфичен фокус на испитот по Македонски јазик и литература за јунскиот испитен рок.

## 3. Анализа и интерпретација на добиените резултати од спроведеното анкетирање на наставниците

Во овој сегмент од магистерскиот труд се врши детална анализа и интерпретација на податоците добиени преку техниката на анкетирање, спроведена меѓу наставниците по Македонски јазик и литература во средните училишта. Истражувањето е дизајнирано да го утврди влијанието на постојните наставни програми врз реализацијата на екстерниот државен испит, како и да го дефинира соодносот помеѓу содржините предвидени за четиригодишното средно образование и барањата поставени во моделот на државната матура по овој предмет

Во продолжение се презентирани резултатите од спроведеното истражување преку графички и табеларен приказ на податоците, по што следува темелна анализа на квалитативните и квантитативните согледувања, со цел да се овозможи сеопфатно толкување на добиените резултати.

## Општи информации

**Прашање број 1**. Во кои од средните училишта реализирате настава?

Графикон бр. 1 Примерок на средни училишта во кои се реализира истражувањето




За потребите на истражувањето беше спроведено анкетирање на наставници по Македонски јазик и литература од средните училишта во Скопје, Куманово, Крива Паланка и Кавадарци. Со оглед на концентрацијата на образовни установи, најголем дел од испитаниците се од подрачјето на Град Скопје. Вкупниот примерок го сочинуваат 69 наставници, од кои: 38 (55,1%) наставници се од средните стручни училишта, 29 (42%) наставници се од гимназиското образование и 2 (2,9%) наставници се од уметничкото образование.

**Прашање број 2.** Основни информации/Пол

Графикон бр. 2 Примерок на анкетирани наставници според пол




Податоците добиени од второто прашање кои се однесуваат на половата структура на испитаниците, во голема мера се очекувани, со оглед на долгогодишниот воспоставен тренд во образовната сфера, каде што професијата наставник по Македонски јазик и литература е доминантно застапена кај женската популација. Конкретните бројки го потврдуваат ова согледување: од вкупно 69 анкетирани наставници, 65 се од женски пол (94,2%), додека само 4 испитаници се од машкиот пол (5,8%).

**Прашање број 3.** Во кој град се наоѓа Вашето училиште?

Графикон бр.3 Примерок на анкетирани наставници според општина/ град каде што се наоѓа средното училиште




Анализата на територијалната застапеност на примерокот открива дека највисока концентрација на испитаници се забележува во Град Скопје, со вкупно 45 наставници (65,22%). Понатаму, во истражувањето учествуваа 20 наставници од Куманово (28,99%), додека општините Кавадарци и Крива Паланка се застапени со по 2 наставници (2,90%) од вкупниот број на испитаници 69.

**Прашање број 4**. Колку години реализирате настава по предметот Македонски јазик и литература?

Графикон бр. 4 Примерок на анкетирани наставници според години на нивното работно искуство.

4. Колку години реализирате настава по предметот Македонски јазик и литература?
69 responses




Особена вредност на ова истражување му дава фактот што релевантен дел од собраните ставови и мислења доаѓаат од искусни едукатори со долгогодишен работен стаж во наставата по Македонски јазик и литература. Речиси половина од вкупниот примерок, односно 31 наставник (44,9%), поседуваат над 20 години работно искуство, што гарантира длабок увид во образовните процеси. Понатаму, 20 испитаници (29%) имаат стаж од 10 до 20 години, додека 12 наставници (17,4%) се со работно искуство од 5 до 10 години. Најмала е застапеноста на наставниот кадар со стаж под 5 години, со вкупно 6 испитаници (8,7%). Ваквата структура на испитаниците му дава на истражувањето висок степен на веродостојност, бидејќи заклучоците се темелат на долгогодишна наставна практика и искуство со државната матура.

Со презентираните податоци се заокружува првиот сегмент од истражувањето, кој ја дефинира рамката на испитуваната популација, спроведена на вкупно 69 наставници, доминантна застапеност на кадар од средните стручни училишта, со изразена полова претставеност на женскиот пол, и примарна географска концентрација во Град Скопје.

Клучниот индикатор за веродостојноста на ова истражување произлегува од фактот што речиси половина од испитаниците поседуваат над 20 години професионален стаж. Ваквото долгогодишно искуство, стекнато во услови на континуирани образовни реформи, му дава на истражувањето висок степен на методолошка релевантност и овозможува толкување на практичните аспекти на државната матура.

Вториот дел од анкетниот прашалник е фокусиран на евалуација на наставната програма и нејзината директна апликативност во процесот на подготовка за државниот матурски испит.

**Прашање број 5.** Дали наставната програма по Македонски јазик и литература ги опфаќа сите потребни теми за матурскиот испит по Македонски јазик и литература

Графикон бр. 5 Ставови на наставниците во однос на степенот на усогласеност на наставната програма со испитните содржини за матурскиот испит по Македонски јазик и литература




Најголем дел од наставниците, дури 49 наставници (71%) сметаат дека наставната програма по Македонски јазик и литература целосно ги опфаќа сите потребни теми за државната матура. Понатаму, 19 наставници (27,5%) го потврдуваат ова согледување во голема мера, но посочуваат постоење на одредени наставни единици кои не им се доволно познати или јасни. Мал дел од примерокот, односно само 1 наставник (1,4%), изразил негативен став, укажувајќи на недоволна покриеност на испитните содржини во рамките на постојната програма.

**Прашање бр. 6** Како ја оценувате обемноста на наставните програми по Македонски јазик и литература според која се изведува наставата?

Графикон бр. 6 Ставови на наставниците во однос на обемноста н наставните програми по наставниот предмет Македонски јазик и литература




На ова прашање доминантниот дел од испитаниците, односно 45 наставници (65,2%), ги сметаат наставните содржини за средно обемни и сложени. Понатаму, 19 наставници (27,5%) сметаат дека темите се многу обемни и сложени, додека најмал број од испитаниците, односно 5 наставници (7,2%), не укажуваат на висок степен на обемност или сложеност. Ваквата дистрибуција на одговорите сугерира дека општата перцепција на наставниот кадар во врска со наставите програми се движи кон средна оцена, односно сметаат дека материјалот е со умерена тежина на сложеност.

**Прашање број 7.** Дали ги приспособувате наставните часови по Македонски јазик и литература за подобра подготовка на учениците за матурскиот испит?

Графикон бр. 7 Ставови на испитаници во врска со приспособување на наставните часови по Македонски јазик и литература за подобра подготовка за матурскиот испит




Мнозинство од испитаниците 64 наставници (92,8%) потврдиле дека во континуитет ги нагласуваат наставните содржини што се потенцијално застапени во матурските тестови. Останатите 5 наставници (7,2%) оваа практика ја спроведуваат повремено, додека негативен одговор не е евидентиран кај ниту еден испитаник. Ваквите показатели недвосмислено потврдуваат дека наставниците поседуваат темелно познавање на испитните програми за државната матура, што во голема мера се должи на нивното долгогодишно искуство и континуираното следење на образовните стандарди.

**Прашање број 8.** Дали програмата по наставниот предмет Македонски јазик и литература што ја реализирате е усогласена со барањата на матурскиот испит?

Графикон бр. 8 Ставови на испитаници за поврзаноста помеѓу наставната програма по Македонски јазик и литература и испитните критериуми на екстерниот матурски испит

8. Дали програмата по наставниот предмет Македонски јазик и литература што ја реализирате е усогласена со барањата на матурскиот испит?

69 responses




Речиси идентичен број на наставници се определиле за двете доминантни опции: 34 наставници (49,3%) сметаат дека постои делумна усогласеност, додека 33 наставници (47,8%) се на став дека програмата е комплетно синхронизирана со испитните барања. Само незабележлив дел од примерокот, односно 2 наставници (2,9%) изразиле скептицизам по ова прашање. Добиените податоци укажуваат на поделени мислења кај испитаниците во однос на нивото на усогласеност на наставната програма по Македонски јазик и литература со екстерниот матурски испит.

**Прашање број 9.** Дали сметате дека наставните програми по Македонски јазик и литература доволно ги подготвува учениците за полагање на матурскиот испит по Македонски јазик и литература?

Графикон бр. 9 Ефикасност на наставната програма во функција на подготовка на учениците за матурскиот испит

9. Дали сметате дека наставните програми по Македонски јазик и литература доволно ги подготвува учениците за полагање на матурскиот испит по Македонски јазик и литература?
69 responses




Поголемиот дел од наставниот кадар изразува доверба во подготвителниот капацитет на наставната програма. Конкретно, 40 наставници (58%) сметаат дека програмата целосно ги подготвува учениците за предизвиците на матурскиот испит. Сепак, значаен сегмент од испитаниците, односно 25 наставници (36,2%) заземаат повнимателен став, одговарајќи дека програмата само делумно ги исполнува овие потреби. Критички став е забележан кај 4 наставници (5,8%), кои сметаат дека наставните содржини не се доволни за квалитетно полагање на матурата. Овие податоци индицираат дека, иако основата е цврста, постои простор за дооформување на програмата со цел зголемување на нејзината ефикасност.

Вториот дел од прашањето содржи три ставки:

а) доколку Вашиот одговор е „Да“ - Објаснете зошто?

б) доколку Вашиот одговор е „Делумно“ - Објаснете зошто?

в) доколку Вашиот одговор е „Не“ - Објаснете зошто?

Претставува прашање од отворен тип, каде што наставниците ги изнесоа своите ставови и мислења. Најмногу одговори се потврдни, наставниците сметаат дека постои природна корелација помеѓу четиригодишната програма и матурскиот испит. Оваа сигурност е особено изразена во гимназиското образование, каде што поголемиот фонд часови дозволува целосна обработка на темите.

Во делот каде што наставниците се определија за одговорот „Делумно“ како главен проблем се посочува диспропорцијата помеѓу обемниот материјал и ограничениот број часови. Испитаните наставници од средните стручни училишта нагласуваат дека е тешко да се постигне ист квалитет на подготовка со помал фонд на часови, со оглед на тоа што тестот е унифициран за сите. Незначителен број наставници дале критика, која е насочена директно кон нееднаквиот неделен фонд на часови (4 наспроти 3 часа). Според овие испитаници, наставната програма во стручното образование не нуди доволна временска рамка за квалитетна подготовка. Заклучокот од ова прашање оди во насока на евидентна нееднаквост во подготвителниот процес. Матурантите од гимназиите се во привилегирана положба, додека оние од стручните училишта се соочуваат со временски дефицит за совладување на истиот материјал.

**Прашање број 10.** Дали реализирате наставни часови за подготовка на матурантите за полагање на матурскиот испит по Македонски јазик и литература, во рамките на додатна настава?

Графикон бр. 10 Ангажираност на наставниците во реализација на додатна настава за подготовка за матурскиот испит по Македонски јазик и литература




Најголем дел од наставниците, 51 наставник (73,9%) потврдиле дека редовно реализираат додатна настава со цел квалитетна подготовка на матурантите. Значаен дел од 17 наставници (24,6%) применуваат селективен пристап, односно повремено одржуваат додатни

часови, во зависност од искажаниот интерес кај самите ученици. Само маргинален дел од примерокот, односно 1 наставник (1,4%), не практикува ваков вид дополнителен ангажман. Овие податоци наведуваат дека додатната настава се поставува како клучен, а често и неопходен инструмент за компензирање на евентуалните недостатоци во редовниот наставен процес.

Сумираниот заклучок, од податоците добиени на последните 6 прашања, покажува дека постои висока содржинска усогласеност помеѓу наставната програма и матурскиот испит. Наставниците применуваат индивидуален пристап, при што во завршната година од образованието интензивно ги акцентираат клучните теми застапени во испитните содржини. Генералниот став е дека постојниот наставен план по Македонски јазик и литература претставува релевантна и квалитетна основа за подготовка на матурантите, при што испитните барања директно произлегуваат од реализираните наставни цели.

Наредното прашање можеме да кажеме дека е од круцијално значење, со оглед на актуелните реформи што се спроведуваат во текот на учебната 2025/2026 година, охрабрувачки звучат промените, станува збор за воведувањето на диференцирана државна матура. Имено, за првпат се воспоставува јасна дистинкција помеѓу три вида државни матурски испити: Државна матура, Државна стручна и Државна уметничка матура, секоја базирана на спецификите на соодветната наставна програма. Иницијативата на МОН и ДИЦ резултира со изготвување на три засебни испитни програми за екстерниот испит по Македонски јазик и литература. Ваквиот пристап има за цел да обезбеди поголема праведност и соодветност на проверката на знаењата на кандидатите.

**Прашање број 11.** Дали сметате дека е потребно да се изготви посебна испитна програма за матурскиот испит по Македонски јазик и литература наменета за матуранти кои следеле настава според гимназиското образование, а посебна испитна програма за матурантите кои следеле настава наменета за средни стручни и уметнички училишта, за подобра усогласеност со матурскиот испит?

Графикон бр. 11 Ставови на испитаници во однос на изготвување на посебни испитни програми

11. Дали сметате дека е потребно да се изготви посебна испитна програма за матурскиот испит по Македонски јазик и литература наменета за матуранти кои следеле настава според гимназиското образование, а посебна испитна програма за матурантите кои следеле настава наменета за средни стручни и уметнички училишта, за подобра усогласеност со матурскиот испит?
69 responses




Мнозинството од наставниот кадар дава поддршка на новите реформски процеси за диференцијација на матурата. Имено, 48 наставници (69,6%) се на став дека е неопходно матурантите да полагаат различни испитни тестови, приспособени на спецификите на нивното образование. Овој став ја рефлектира потребата за поголема праведност во оценувањето, со оглед на разликите во наставните планови. Од друга страна, значаен дел од испитаниците, односно 21 наставник (30,4%), сметаат дека матурскиот тест по Македонски јазик и литература треба да остане единствен модел за сите ученици.

Идентични се и одговорите на **Прашање број 12**. Дали наставните програми по предметот Македонски јазик и литература во сите видови средни училишта треба да се изедначат? Каде, исто така, најголем број од наставниците дадоа позитивно мислење, 49 наставници или (71%), а останатите 20 наставници (29%), се на ставот дека наставните програми не можат да се изедначат, ниту содржински, ниту пак според фондот на наставните часови.

Врз основа на анализата на последните две прашања и евидентирање на процесот на имплементација на новите модели на испитните програми, кои се во тек во учебната 2025/2026 година, во моментов се наоѓаме во првата фаза од реформите, континуираното следење на нивната примена е од суштинско значење за успешноста на исходот.

Овие согледувања директно ја потврдуваат основната теза на овој магистерски труд, аргументирајќи дека диференцирањето на матурските испити е суштински чекор кон објективизација на знаењата во согласност со специфичниот образовен профил на учениците. Со тоа, овој труд се етаблира како релевантна основа на тековните реформи во моментот на нивното воведување.

**Прашање број 13.** Кои наставни содржини од наставните програми по предметот Македонски јазик и литература сметате дека најмногу придонесуваат за подготовката на учениците за полагање на матурскиот испит? Претставува прашање од отворен тип, во него одговорите можеме да ги групираме во 9 ставки, со напомена дека некои наставници набројувале повеќе содржини.

Табела бр. 27 Дистрибуција на мислењата на наставниците за релевантноста на тематските единици во однос на матурскиот испит

Наставна содржина/одговор - процентуална застапеност (N = 69)

| Наставна содржина / Одговор | Број на наставници | Процент (%) |
| --- | --- | --- |
| **Литература** (анализа на дела, автори, периоди) | 26 | 37,68% |
| **Сите содржини** (сеопфатен пристап) | 22 | 31,88% |
| **Јазик** (граматика, историја на јазик) | 17 | 24,64% |
| **Правопис** | 2 | 2,90% |
| **Есеј** (вештина за пишување) | 2 | 2,90% |
| **Вкупно** | **69** | **100,00%** |

Според добиените податоци, најголем дел од испитаниците, односно (37,68%), ги издвојуваат литературните содржини како клучен фактор за успешна подготовка на матурантите. Веднаш по нив, со (31,88%), се наоѓа групата наставници кои сметаат дека сите наставни области се со подеднаква тежина и значење за финалниот испит.

Посебна група од наставниците (24,64%) ја издвојуваат наставата по јазик (граматика и правопис) како фундаментална за матурскиот тест, додека остатокот од одговорите се

распределени на поединечни специфични содржини. Ваквата дистрибуција на мислењата укажува на предност на книжевно-теориските содржини во подготвителниот процес, но и неопходност од сеопфатно совладување на предметот.

**Прашање број 14.** Дали користите дополнителни ресурси за подготовка на учениците за матурскиот испит?

Графикон бр. 12 Степен на користење на дополнителна литература и ресурси од страна на наставниот кадар




Најзастапениот метод, применет од 58 наставници (84%), е заедничкото анализирање на официјалните матурски тестови од претходните години, објавени од ДИЦ. Овој пристап овозможува директно запознавање на учениците со форматот и тежината на испитните прашања.

Паралелно со ова, висок степен на застапеност од 48 наставници (69,6%) имаат и часовите наменети за вежби за пишување есеи. Овој податок е од особено значење, бидејќи ја рефлектира свесноста за специфичните барања на матурскиот испит во делот на писменото изразување. Дополнително, повеќе од половина од испитаниците, односно 39 наставници (56,5%), ја поттикнуваат потребата на учениците за користење на соодветни прирачници за самостојно учење. Ваквата комбинација на достапни материјали од ДИЦ, практични вежби и прирачници овозможува сеопфатна подготовка и минимизирање на ризикот од неуспех.

Добиените одговори од **Прашање број 14.** а) Доколку Вашиот одговор е „Користам други ресурси“ - наведете кои? Откриваат дополнителен професионален ангажман кај наставниците. Тие ги користат достапните ресурси за подготовка, но активно креираат сопствени наставни материјали, интерни прирачници и специфични вежби. Фактот што ниту еден испитаник не се изјаснил дека не користи дополнителни ресурси, зборува за целосната посветеност на кадарот во овој процес.

Во претходниот систем, индивидуалната одговорност за подготовка за приемните испити на факултетите паѓаше речиси исклучиво на матурантот. Со укинувањето на приемните испити на повеќе факултети, целиот образовен притисок е префрлен кај предметните наставници во средното образование. Наставниците се обврзуваат со подготовки на учениците за матура, тестатори за матура (каде што се ангажирани наставници од сите средни училишта) како и оценувачи (каде, пак, се ангажирани наставните од средните училишта). Ова значи дека наставникот по Македонски јазик и литература носи тројна професионална одговорност: реализатор, ментор и извршител во државниот испитен систем (во улога на тестатор или оценувач).

Следната група на прашања (**Прашање бр. 15, 16 и 17)** го потенцира влијанието на подготвителната настава  и изборните активности врз финалната подготвеност на учениците. Речиси апсолутно се усогласени наставниците (92,8%) дека подготвителната настава е клучен инструмент кој значајно го олеснува совладувањето на матурските содржини. Дел од испитаниците (47,8%) заземаат умерен став, сметајќи дека учеството во вакви активности само делумно придонесува за подобар резултат, првенствено во доменот на пишувањето. Податокот дека дури (**24,6%)** од наставниците сметаат дека воннаставните успеси не се гаранција за висок резултат на матурата. Ова сугерира на тоа дека државната матура бара прецизно познавање на испитниот материјал, кој се разликуваат од слободата на креативното изразување на конкурсите во вид на есеи и поетски творби.

Што се однесува до **Прашање број 17**, тоа е наменето само за наставници кои го имаат реализирано изборниот наставен предмет Говорење и пишување во втора година, според гимназиска предметна програма. Анализа на одговорите од ова прашање од отворен тип (19 одговори), од кои можеме да ги истакнеме следниве:

„Со изучување на овој предмет учениците ги развиваат вештините на помнење и изразување, самостојно и инвентивно ги применуваат стекнатите вештини на усно говорење и креативно пишување.“

„Наставните содржини се корисни за учениците како идни академски граѓани.“

„Да, но застапен е само во гимназиите.“

Укажува дека главен дефицит е неговата ексклузивност само во гимназиското образование, што дополнително ја нагласува системската нееднаквост во подготовката на учениците од различните профили, како и системскиот јаз на учениците од средното стручно и уметничкото образование.

Третиот дел овој анкетен прашалник е посветен на детална анализа на типолошката разлика на прашањата и на самата структура на матурскиот испит по Македонски јазик и литература

**Прашање број 18.** Како ја оценувате тежината на прашањата на матурскиот испит по Македонски јазик и литература во споредба со наставните програми по овој предмет?

Графикон бр. 13 Перцепција на наставниците за тежината на матурскиот тест во корелација со предметната програма




Мнозинство наставници, дури 59 наставници (85,5%) сметаат дека прашањата имаат прифатлива тежина, иако забележуваат присуство на лесни прашања во структурата на испитот. Мал дел од испитаниците, односно 9 наставници (13%), го карактеризираат испитот

како тежок, додека само 1 наставник (1,4%) го оценува како лесен. Ставовите на наставниците се во корелација со официјалните Извештаи на ДИЦ за последните три учебни години, чијашто анализа е дадена погоре во овој труд. Ваквото поклопување на ставовите на практичарите со официјалната статистика ја потврдува објективноста на наставниот кадар во евалуацијата на државниот матурски испит по Македонски јазик и литература.

**Прашање број 19.** Дали сметате дека испитните прашања се јасно формулирани? Иако (72,5%) од наставниците ја оценуваат формулацијата на прашањата како јасна, критичките осврти на останатите 27,5% укажуваат на сериозни методолошки пропусти. Главната забелешка се однесува на:

„Има двосмислени прашања, а одговорите се со клуч. Од една страна ги наведуваме за развивање на критичко размислување, а од друга ги оценуваме со клуч.“

„Прашањата се двосмислени.“

Следните три прашања ја истражуваат објективноста при вреднувањето и содржинската соодветност на матурскиот испит.

**Прашање број 20.** Кои способности сметате дека најдобро го оценуваат знаењето и постигањето на учениците при полагање матурскиот испит по Македонски јазик и литература? (можете да обележите повеќе од еден одговор).

Графикон бр. 14 Перцепција на наставниците за релевантноста на знаењето и постигањето при полагање матурскиот испит по Македонски јазик и литература



Резултатите потврдуваат 61 наставник (88,4%) смета дека книжевната анализа е доминантен фактор за успешна решливост на матурскиот тест, што соодветствува со бодовната структура на тестот. 36 наставници (52,2%) сметаат дека вештините за читање и пишување 37 (53,6%) се рангирани значително пониско. Со оглед на можноста за избор на повеќе одговори, добиените резултати ја потврдуваат примарноста на книжевната анализа, која за најмногу од наставниците претставува клучен сегмент во структурата на испитот.

**Прашање број 21.** Дали содржинската структура на матурскиот испит по Македонски јазик и литература е соодветна за сите ученици од средните училишта кои следат настава според гимназиската програма, програмата за средни стручни училишта и наставната програма за уметнички училишта?

Графикон бр. 15 Перцепција на наставници за содржинската соодветност на испитот по Македонски јазик и литература во однос на различните наставни програми за сите три вида на средно образование




Иако мнозинството од 41 наставник (59,4%) сметаат дека структурата е соодветна, значаен дел од 28 наставници (40,6%) изразуваат несогласување. Анализата открива дека иако испитот содржински ги опфаќа заедничките теми за сите училишта, формалната изедначеност не гарантира еднаква подготвеност. Постои видлив јаз во фондот на часови и интензитетот на изучување на материјата, што ги става учениците од стручното и уметничкото образование во неповолна положба во споредба со учениците од гимназиското образование.

Во прашањето 21 а) од отворен тип, Наставниците кои сметаат дека структурата е несоодветна, ги посочуваат разликите во образовните профили и фондот на часови како главни пречки:

„Не е соодветен за ученици со ИОП и за учениците од стручното образование затоа што сите теми не кореспондираат со наставните програми.“

„Учениците од стручните училишта имаат помал неделен фонд на наставни часови за изучување на предметот.“

Дополнително, наставниците го истакнуваат и мотивацискиот фактор кај овие ученици:

„Поради бројот на часови, 3 часа во стручното образование се малку за целосна реализација на целите“.

Наставниците добиваат впечаток дека постојат ученици кои го сметаат предметот за второстепен и неважен за нивната идна професија.

Од прикажаните резултати и ставови на испитаниците, неминовно се наметнува заклучокот дека наставниците, кои се секојдневно инволвирани во воспитно-образовниот процес, согледуваат одреден вид деградација на предметот Македонски јазик и литература. Оваа појава е особено видлива во средните стручни училишта, каде што системскиот приоритет се става на стручните предмети и практичната настава кај работодавач, која е застапена со значително поголем фонд на часови на неделно и годишно ниво. Сепак, наспроти овие предизвици, наставниците остануваат во „првите борбени редови“ како вистински чувари на националното обележје – јазикот, литературата и културата на македонската држава. Зачувувањето на културното наследство започнува и се негува токму преку образованието, поради што предметот Македонски јазик и литература е од витално значење за секое општество. Тој не треба да се третира само како обичен општообразовен предмет; тој претставува основа за познавање на сопствената култура и идентитет. Преку него се гради младата личност, се развиваат критички ставови и елоквентност - вештини кои се неопходни за успех во која било професија што ученикот ќе ја избере во иднина.

Последните две прашања од отворен тип, насочени кон предлозите и коментарите на наставниците. Во овој дел е сублимирана нивната секојдневна критика во однос на проблемите

и предизвиците со кои тие и матурантите се соочуваат низ годините во текот на подготовката и реализацијата на испитот.

**Прашање број 22.** Кои промени би ги предложиле во однос на наставните програми по Македонски јазик и литература и државниот испит по Македонски јазик и литература во новите концепти за гимназиско, средно стручно и уметничко образование?

Претставува особено актуелно прашање, многу често поставувано изминативе 2 години, со воведување на последните промени во образованието во нашата држава.

Табела бр. 28 Предлози за наставните програми по Македонски јазик и литература и државниот испит по Македонски јазик и литература во рамки на новите образовни концепти

Други препораки – процентуална застапеност (N = 69)

| Предложени промени | Број на наставници | Процент (%) |
|---|---|---|
| **Измена и намалување на испитната програма** | 18 | 26,09% |
| **Усогласување на програмите во сите училишта** | 10 | 14,49% |
| **Нема предлог** | 10 | 14,49% |
| **Зголемен фонд на часови (стручно/уметничко)** | 7 | 10,14% |
| **Посебна матура за секој вид образование** | 5 | 7,25% |
| **Своевиден предлог за промени** | 5 | 7,25% |
| **Повеќе часови за пишување есеи** | 4 | 5,80% |
| **Сè е одлично** | 4 | 5,80% |
| **Укинување матура / Воведување приемен испит** | 3 | 4,35% |
| **Полагање на начин сличен на ПИСА** | 2 | 2,90% |
| **Да не се препишува** | 1 | 1,45% |
| **ВКУПНО** | **69** | **100,00%** |

Податоците од табеларниот приказ укажуваат дека најголем број од наставниците 18 (26,09%) сметаат дека е неопходно да се изврши измена и намалување на испитната програма, додека значителен дел од испитаниците 10 (14,49%) предлагаат зголемување на неделниот фонд на часови. Истовремено, ист број наставници не изнеле конкретен предлог, што може да индицира неопределеност или делумно задоволство од постојната состојба. Она што особено треба да се истакне е дека во ова истражување само 5 наставници од вкупно 69 го поддржале

воведувањето посебни испити за матурантите во зависност од видот на средното образование. Сепак, токму оваа учебна година, МОН, БРО и ДИЦ ги воведоа новите концептуални промени: Државна матура (гимназиска), Државна стручна матура и Државна уметничка матура. Но останува да се спроведе и да се евалуира исходот, бидејќи струката останува скептична во однос на тоа дали овие промени навистина нудат еднаква шанса за успех или само создаваат нови правни и образовни недоумици за матурантите. Постои оправдан страв дека матурантите ќе се изгубат во новите образовни лавиринти, каде што се принудени да избираат помеѓу своите желби за понатамошно образование и она што реално го изучувале изминатите четири години. Засега, оваа практика останува во фаза на имплементација, а времето и исходите ќе покажат дали ваквиот модел е одржлив или само дополнително ќе ја продлабочи образовната нееднаквост.

Наставниците сметаат дека новата концепција за гимназиско образование треба да го постави ученикот во центарот, верувајќи дека фокусирањето на неговите афинитети ќе донесе подобри резултати на меѓународните тестирања. Тие апелираат за растоварување на наставните програми од нефункционални податоци и воведување квалитетни учебници кои ќе бидат вистинска поддршка во наставата. Се нагласува потребата од приспособување кон новата дигитална реалност преку интеграција на вештачката интелигенција и ревидирање на начинот на кој се оценуваат есеите.

За илустрација од коментарите на наставниците се издвојува следниов коментар: „Програмите да не се оптоваруваат премногу со податоци кои брзо се заборавaат и не се функционални, да се направат квалитетни учебници кои ќе бидат поддршка во наставата, и за учениците, и за професорите, да се воведат текстови кои ќе послужат како поткрепа на теоретскиот дел, да се следат интересите на учениците со оглед на новите услови за пристап до информации, да се приспособи програмата на новата реалност, да се интегрира вештачката интелигенција, да се најде поинаков начин на оценување на есеите (без да бараме дали се пишувани од ученикот или од ChatGPT!).“

**Прашање број 23.** Наведете дополнителни предлози или коментари?

Табела бр. 29 Приказ на дополнителни предлози и коментари на испитаните наставници
Други препораки – процентуална застапеност (N = 69)

| Други препораки | Број | Процент (%) |
|---|---|---|
| **Немам предлог** | 34 | 49,28% |
| **Нов модел на матурски тест** | 10 | 14,49% |
| **Зголемен фонд часови (стручно/уметничко)** | 7 | 10,14% |
| **Спречување препишување и неправилности** | 5 | 7,25% |
| **Работни групи од наставници** | 4 | 5,80% |
| **Укинување матура и воведување приемен испит** | 4 | 5,80% |
| **Сè е во ред** | 1 | 1,45% |
| **Нови учебници и предмет „Говорење и пишување“** | 1 | 1,45% |
| **Усогласени програми и еден тест за сите** | 1 | 1,45% |
| **Нов прирачник од ДИЦ** | 1 | 1,45% |
| **4 часа неделно за ученици од други заедници** | 1 | 1,45% |
| ВКУПНО | 69 | 100,00% |

Анализата на дополнителните препораки покажува дека, иако речиси половина од испитаниците (49,28%) не дале конкретни предлози, значителен дел од наставниците (14,49%) апелираат за изработка на целосно нов модел на матурски тест. Овој податок е јасен индикатор дека постојниот концепт на државна матура не ги исполнува очекувањата во однос на објективноста и релевантноста, ниту пак е целосно усогласен со современите наставни програми. Понатаму, 10,14% од испитаниците ја потенцираат неопходноста од зголемување на фондот на часови во средното стручно и уметничко образование. Ваквиот став ја разоткрива структурната нерамноправност меѓу различните типови образование, при што сегашниот неделен фонд се оценува како недоволен за квалитетна реализација на содржините и соодветна подготовка за државниот испит. Сериозна загриженост за релевантноста на испитот изразуваат 7,25% од наставниците, кои нагласуваат дека мора итно да се елиминираат ризиците од

препишување и другите неправилности при полагањето. Оваа критика директно ја доведува во прашање вистинитоста на добиените резултати и нивната реална вредност во мерењето на знаењата на матурантите.

Останатите предлози се со помала процентуална застапеност, тоа се иницијативите за изработка на нови учебници, воведување посебен задолжителен наставен предмет Говорење и пишување во сите училишта, како и усогласување на програмите за учениците од заедниците, укажуваат на потребата од сеопфатен системски пристап. Крајната цел на овие барања е унапредување на функционалната писменост и комуникациските компетенции како клучни столбови на јазичното образование.

Ова прашање го заокружува анкетниот прашалник наменет за наставниците по Македонски јазик и литература, преку кој детално се анализирани испитната и наставната програма, содржинската поврзаност и разликите меѓу трите вида средно образование. Собраните мислења, ставови и препораки нудат сеопфатна слика за реалните предизвици во наставата и претставуваат значаен патоказ за сите идни реформи поврзани со државниот матурски испит.

Анализата на анкетниот прашалник недвосмислено потврдува дека наставниците манифестираат висока професионална одговорност кон своите ученици. Преку организирање додатна настава, изработка на сопствени вежби и користење специјализирани прирачници, тие се обидуваат да ги компензираат недостатоците на системот. Фактот што наставниците креираат сопствени материјали е директен показател дека официјалните помагала и учебници се недоволни или несоодветни за сеопфатна подготовка на матурата. Иако индивидуалниот ентузијазам е на високо ниво, наставниците јасно порачуваат дека тој не може да биде замена за итно потребното системско решение.

Врз основа на „гласот на практиката“, во продолжение е даден преглед на потврдените хипотези:

- Општата хипотеза $Х_о$ - Моделот на матурскиот испит ја потврдува супериорноста на гимназијалците во однос на учениците од средните стручни и уметнички училишта. Ова се должи на поголемиот неделен фонд на часови и обемноста на наставната

програма според гимназиското образование, додека во останатите видови образование наставната програмата е само „скратена форма“ што создава структурна нееднаквост.

- $X_2$ (Поврзаноста на моделот и резултатите): Наставниците ја потврдуваат оваа хипотеза преку апелот за унапредување на моделот и поголема правичност во оценувањето. Сметаат дека сегашната структура не ги рефлектира објективно знаењата на сите ученици под еднакви критериуми.
- $X_4$ - (Додатна настава): Оваа хипотеза е директно потврдена со податокот дека наставниците редовно организираат дополнителни часови, сметајќи ги за пресудни за успехот на матурантите.

Од приложената анализа се констатира дека поставените хипотези се целосно потврдени. Покрај тоа, фактот што наставниците се принудени самите да изработуваат вежби и да користат дополнителни ресурси, е силен аргумент очигледниот јаз меѓу наставните предметни програми по Македонски јазик и литература во сите видови средно образование и барањата на матурскиот испит по Македонски јазик и литература. Ова несогласување се рефлектира низ две клучни точки: прво, наставниот фонд на часови е недоволен за темелна разработка на материјалот што го бара матурскиот тест, и второ, преобемноста на наставните содржини претставува сериозна пречка за учениците, наметнувајќи потреба од дополнителни подготовки за постигнување на посакуваниот успех.

# 4. Анализа и интерпретација на добиените резултати од спроведеното анкетирање на учениците

Во овој дел од магистерскиот труд се анализираат и интерпретираат податоците добиени од истражувањето спроведено меѓу учениците. Преку техниката на анкетирање се обезбедуваат релевантни сознанија за влијанието на различните наставни програми врз реализацијата на државната матура по Македонски јазик и литература. Притоа, фокусот е ставен на соодносот помеѓу моделот на матурскиот испит и наставните содржини изучувани во текот на четиригодишното гимназиско, средното стручно и уметничкото образование.

Во продолжение се презентирани резултатите од спроведеното истражување преку табеларен и графички приказ, по што следува детална квалитативна и квантитативна анализа од секој добиен одговор. Целта на ваквиот пристап е да се понудат аргументирани констатации за ставовите и мислењата на матурантите во однос на државниот матурски испит.

Анкетниот прашалник наменет за ученици- матуранти се состои 20 прашања од отворен и затворен тип, при што за секое е обезбеден табеларен или графички приказ проследен со соодветна анализа. Истражувањето е структурирано во четири дела, при што првиот дел ги опфаќа општите информации и демографските карактеристики на испитаниците, како што се видот на училиштето, полот и населено место.

Вториот дел ги опфаќа поединостите во врска со наставните програми и подготовката на учениците за матурскиот испит по Македонски јазик и литература, третиот дел го испитува влијанието на наставните програми по предметот Македонски јазик и литература врз матурскиот испит по Македонски јазик и литература и четвртиот дел содржи прашања од отворен тип што ги сублимира предлозите и квалитативните коментари на матурантите.

Во делот Општи информации и првото прашање од вкупно 431 испитаник ги добивме следниве податоци:

**Прашање број 1.** Во кое средно училиште учите?

Графикон бр. 16 Податоци на матуранти во кое средно училиште учат.




Во однос на образовниот профил на испитаниците, најголем дел од матурантите доаѓаат од гимназиското образование - вкупно 266 (61,7%), потоа следуваат 156 ученици (36,2%), додека најмал е бројот на матурантите од уметничкото образование со 9 испитаници (2,1%). Со оглед на тоа што доминантното мнозинство испитаници доаѓаат од гимназиското образование, се јавуваат одредени тешкотии при анализата на специфичните предизвици кај останатите профили. Имено, малата застапеност на учениците од стручните и уметничките училишта, кои се директно засегнати од неделниот фонд од 3 наставни часови, може да ја замагли реалната слика за овој структурен недостаток, од причина што испитаниците од гимназиското образование не се засегнати со оваа проблематика.

**Прашање број 2.** Кој пол сте?

Графикон бр.17 Структура на примерокот анкетирани матуранти во однос на пол.



Во однос на родовата структура на примерокот, од вкупно 431 анкетиран ученик, поголемиот дел се припадници на женскиот пол, односно 261 испитаник (60,6%), додека 170 (39,4%) се од машки пол

**Прашање број 3.** Во кој град се наоѓа вашето училиште?

Табела бр.30 Дистрибуција на испитаниците според локацијата (градот) на средното училиште

| Град | Број на испитаници | Процент (%) |
|---|---|---|
| **Скопје** | 270 | 62,64% |
| **Куманово** | 108 | 25,06% |
| **Крива Паланка** | 29 | 6,73% |
| **Кавадарци** | 24 | 5,57% |
| **ВКУПНО** | **431** | **100%** |

Од анкетираните ученици најголем дел од нив, односно 270 ученици **(62,64%)**, се од територија на Град Скопје (повеќе општини), 108 испитаници (25,06%) се од Куманово се, 29 испитаници (6,73%) се од Крива Паланка и 24 испитаници (5,57%) се од Кавадарци. Добиените резултати се во директна корелација со бројот на опфатените средни училишта, при што најголемата концентрација на испитаници се забележува на територијата на Град Скопје, како резултат на најголемиот број анкетирани училишта во овој регион.

**Прашање број 4.** Дали сметате дека сте добро подготвени за матурскиот испит по Македонски јазик и литература?

Графикон бр.18 Приказ на ставови на учениците во однос на нивната подготвеност за матурскиот испит




Најголем дел од испитаниците, односно 202 матуранти (46,9%) се изјасниле дека се „Делумно“ подготвени за претстојниот испит. Со одговорот „Да“ се идентификувале 103 ученици (23,9%), додека загрижувачки е фактот што дури 126 матуранти (29,2%) одговориле со „Не“, односно се чувствуваат неподготвени за полагање на државната матура по Македонски јазик и литература. Добиените одговори укажуваат на значителна несигурност кај учениците, што може да биде резултат на обемноста на материјалот или недоволниот фонд на часови за негова темелна подготовка.

Вториот дел од анкетното истражување е насочен кон наставните програми и процесот на подготовка за матурскиот испит.

**Прашање број 5.** Преку колку наставни часови неделно го изучувате предмет Македонски јазик и литература?

Графикон бр.19 Застапеност на предметот Македонски јазик и литература според неделниот фонд на часови

II Наставни програми и подготовка за матурскиот испит по Македонски јазик и литература 5. Преку колку наставни часови неделно го изучувате предмет Македонски јазик и литература?

431 responses




Најголемиот дел, односно 265 матуранти (61,5%), го изучуваат предметот Македонски јазик и литература со фонд од четири наставни часови неделно, што одговара на наставниот план за гимназиското образование. Од друга страна, 166 испитаници (38,5%) наставата ја следат со три наставни часови неделно, што е карактеристично за средното стручно и уметничко образование. Речиси 40% од испитаниците се соочуваат со помала застапеност во однос на неделен фонд на наставни часови на предметот Македонски јазик и литература, што директно се рефлектира врз нивните постигања и резултира со послаб успех во споредба со учениците од гимназиското образование. Ваквата констатација не е само субјективен став на испитаниците, туку е официјално потврдена и во Извештаите за резултатите од екстерните испити објавени од ДИЦ, кои беа предмет на анализа во претходните поглавја на овој труд.

**Прашање број 6.** Дали наставната програма по Македонски јазик и литература ги опфаќа сите потребни теми за матурскиот испит по Македонски јазик и литература?

Графикон бр. 20 Перцепција на матурантите за усогласеноста на наставната програма со испитните содржини на државната матура по предметот Македонски јазик и литература




Најголем дел од испитаниците, односно 193 матуранти (44,8%) сметаат дека програмата ги опфаќа темите во голема мера, но со одредени непознаници. Дека програмата е целосно соодветна се изјасниле 164 ученици (38,1%) додека 74 матуранти (17,2%) се изјасниле со одговорот „Не, има теми кои не ми се познати.“ Ваквиот висок степен на информираност е очекуван, со оглед на достапноста на испитните програми и испитните тестови на веб-страницата на ДИЦ, што овозможува навремено запознавање со содржината на матурата.

**Прашање број 7.** Како ја оценувате обемноста на наставните програми по Македонски јазик и литература според која се изведува наставата?

Графикон бр. 21 Перцепција на учениците за обемноста на наставните програми по Македонски јазик и литература според која се изведува наставата




Во однос на обемноста на наставните речиси половина од испитаниците, односно 211 матуранти (49%) ги оцениле програмите како средно обемни и сложени. Дека материјалот е „многу обемен и сложен“ сметаат 195 ученици (45,2 додека само мал дел, односно 25 матуранти (5,8%), не ја доживуваат програмата како сложена. Ваквите податоци потврдуваат дека огромното мнозинство од матурантите (над 94%) се соочуваат со значителен квантитет и комплексност на наставната материја по наставниот предмет Македонски јазик и литература

**Прашање број 8.** Дали наставниците по Македонски јазик и литература ги приспособуваат наставните часови за подобра подготовка за матурскиот испит?

Графикон бр. 22 Перцепција на матурантите за улогата на наставникот во подготовката за матурскиот испит



Од вкупно анкетираните 431 матуранти, мнозинството од испитаниците, односно 278 матуранти (64,5%), потврдиле дека наставниците често вршат адаптација на часовите преку посочување на содржините релевантни за матурскиот тест. Дополнителни 108 ученици (25,1%) изјавиле дека тоа се случува повремено, додека само 45 матуранти (10,4%) сметаат дека наставниот процес е строго без простор на дополнителни насочувања во однос на матурскиот тест. Високиот процент на позитивни одговори ја потврдува активната улога и ангажираноста на наставниците во финалната подготовка на учениците за државната матура.

**Прашање број 9**. Дали користите дополнителни материјали за подготовка за матурскиот испит по Македонски јазик и литература? (можете да обележите повеќе од еден одговор)

Графикон бр. 23 Структура и вид на дополнителните ресурси кои ги користат матурантите за подготовка на испитот




Со оглед на тоа што ова прашање овозможуваше избор на повеќе одговори, резултатите нудат сеопфатна слика за методите на подготовка. Од прикажаните резултати 299 испитаници самостојно користат прирачници со матурски тестови, што укажува на висока свесност и ангажираност. Понатаму, 176 матуранти (40,8%) практикуваат заедничка анализа на тестовите од претходните години објавени на веб-страницата на ДИЦ со своите наставници. Загрижувачки е што само 72 матуранти (16,7%) навеле дека имаат часови за вежби за пишување есеј. Овој податок е во согласност со претходно анализираните извештаи на ДИЦ,

каде што делот за пишување е детектиран како критична точка која често останува нерешена. Најмал е бројот на ученици (59 или 13,7%) кои воопшто не користат дополнителни материјали.

**Прашање број 10.** Дали следите (ќе следите) подготвителна настава за полагање матурскиот испит по Македонски јазик и литература во рамките на додатна настава по предметот Македонски јазик и литература?

Графикон бр. 24 Дистрибуција на испитаниците според нивната вклученост во подготвителна настава за државна матура по Македонски јазик и литература




Од вкупно 431 анкетирани испитаници матуранти 232 матуранти (53,8%) планираат или веќе следат подготвителна настава, додека 199 (46,2%) не ја користат оваа можност. Оваа поделба сугерира дека додека половина од учениците имаат потреба од дополнителна поддршка во вид на подготвителна настава, останатите се потпираат на самостојна подготовка или сметаат дека редовната настава е доволна.

**Прашање број 11.** Дали се согласувате дека доколку сте учествувале во литературни секции, натпревари и литературни конкурси ќе имате подобри резултати на матурскиот испит по Македонски јазик и литература?

Графикон бр. 25 Ставови на матурантите за корелацијата меѓу учеството во литературни конкурси и успехот на државната матура

11. Дали се согласувате дека доколку сте учествувале во литературни секции, натпревари и литературни конкурси ќе имате подобри резултати на матурскиот испит по Македонски јазик и литература
431 responses




Мнозинството од испитаниците, односно 323 матуранти (74,9%), сметаат дека учеството на натпревари и конкурси не е пресуден фактор за матурската подготовка, иако потврдуваат дека се подготвуваат за испитот на други начини. Од друга страна, 108 ученици (25,1%) го препознаваат бенефитот од воннаставните активности, согласувајќи се дека тие водат до подобри резултати. Иако не се масовно застапени, ваквите активности нудат значајна предност преку континуираното повторување на материјалот и усовршувањето на вештините за креативно изразување и пишување есеј

Третиот дел од анкетниот прашалник е насочен кон поврзаноста помеѓу содржината на наставните програми и финалните резултати на државниот екстерен испит по Македонски јазик и литература.

**Прашање број 12.** Дали ви се познати прашањата од матурскиот испит во однос на наставните содржини кои сте ги изучувале?

Графикон бр. 26 Перцепција на матурантите за испитните прашања во однос на реализираните наставни содржини




Резултатите покажуваат висок степен на информираност, при што најголем дел, односно 171 матурант (39,7%) потврдиле дека делумно ги препознаваат испитните прашања од редовната настава. Фактот што 110 испитаници (25,5%) целосно го идентификуваат материјалот е позитивен индикатор за нивната проактивност кон испитната програма. Дополнително, за 12,3% од учениците, подготвителната настава била клучниот извор за запознавање со структурата на тестовите. Наспроти нив, кај вкупно 13% од испитаниците е евидентна слаба информираност за содржините на претходните матурски тестови достапни на веб-страницата matura.gov.mk.

**Прашање број 13** Дали сметате дека наставните програми по Македонски јазик и литература ве подготвуваат за матурскиот испит по Македонски јазик и литература?

Графикон бр. 27 Ставови на матурантите за соодветноста на наставните содржини со барањата на матурскиот испит




По однос на ова прашање имаме понудено три одговори од кои најголем број 255 матуранти (59,2%) сметаат дека таа делумно ги подготвува за испитот, додека 120 (27,8%) одговориле дека подготовката е целосна. Овие податоци го потврдуваат високиот степен на корелација помеѓу наставните содржини и испитните барања. Сепак, кај 56 матуранти (13%) е забележан изразен негативен став. Овој податок е во спротивност со анализираните извештаи за резултатите од матурата, според кои тестовите се оценети како релативно лесни во однос на предвидениот материјал, што укажува на можен јаз помеѓу тежината на прашањата и размислувањата на одреден дел од учениците, веројатно се должи на општото расположение за укинување на државната матура, што дополнително влијае врз нивната мотивација и критички став кон релевантноста на наставните програми.

Прашањата 14 и 14а ја анализираат подготвеноста на матурантите за реформи во матурскиот модел. Податоците од Прашање бр. 14 го утврдуваат бројот на застапници за промени, додека отвореното прашање 14а ги дефинира нивните размислувања околу потребата од промени. Оваа квалитативна анализа директно ги посочува слабите точки на постојниот систем преку искуствата на самите ученици.

**Прашање број 14** Дали сметате дека е потребна промена во моделот за матурскиот испит?

Графикон бр. 28 Ставови на испитаниците за потребата од промена на постојниот модел на државна матура




Ставот на испитаниците е категоричен: дури 330 матуранти (76,3%) сметаат дека постои потреба од промени во моделот на државната матура, додека само 101 испитаник (23,7%) се изјаснил против измени. Овој изразен процент во прилог на реформите кореспондира со најавите на МОН, ДИЦ и БРО од декември 2025 година за ревидирање на матурскиот концепт. Иако процесот на имплементација е во тек, резултатите од истражувањето потврдуваат дека барањата на матурантите се во целосна согласност со планираните институционални промени за наредните учебни години.

**Прашање број 14а**

а) Доколку вашиот одговор е „Да, постои потреба“ - објасни зошто!

б) Доколку вашиот одговор е „Не, не постои потреба“ - објасни зошто!

Табела бр. 31 Систематизација на образложенијата кај позитивни одговори („Да“)

| Бр. | Категорија на образложение | Број на одговори | Процент (%) |
|---|---|---|---|
| 1 | **Преобемен материјал** | 25 | 7,58% |
| 2 | **Нееднаквост меѓу образовни насоки** | 15 | 4,55% |
| 3 | **Приемен испит како алтернатива на матура** | 10 | 3,03% |
| 4 | **Стрес и психолошки притисок** | 6 | 1,82% |
| 5 | **Нејасни / двосмислени прашања** | 6 | 1,82% |
| 6 | **Друго (општи или неспецифични образложенија)** | 226 | 68,48% |
| 7 | **Без образложение (празно)** | 42 | 12,73% |
| | **ВКУПНО** | **330** | **100%** |

Во оваа категорија доминираат неспецифичните или општи образложенија, каде што 226 испитаници (68,48%) изразиле поддршка за промени без детална аргументација (најчесто само со потврдно „Да“ или „треба промена“). Ова упатува на заклучок дека кај голем дел од матурантите постои револт или чувство на незадоволство, но без јасно дефинирана визија за новиот модел.

Сепак, преку анализа на подеталните одговори, се издвојуваат неколку клучни насоки кои ги отсликуваат реалните проблеми со кои се соочуваат учениците, и тоа:

Коментари во вид на барања за укинување и замена со приемен испит:

„Не е потребна државна матура, доволен е приемен испит на факултетите.“

„Нема логика целиот процес на полагање државна матура; приемните испити на факултетите се многу подобар принцип на проценување дали ученикот е достоен да се запише.“

Коментари во вид на критика на содржината и обемноста:

„Прашањата се малку застарени и непотребни за нашето знаење (никој во светот не обработува толку детално).“

„Прашањата се абнормално тешки, со многу информации кои се речиси невозможни за учење (сите години, книжевни правци и дела).“

Коментари во вид на психолошки притисок и ментално здравје:

„Не е хумано 13 години да се изучува мајчин јазик за на тест во рок од 3 часа под огромен притисок да кажам сè што знам!“

„Толку многу стрес не е добар за ментално здравје. Лично јас имав неколку удари поради стрес за матура.“

Коментари во вид на проблеми со реализацијата и стручното образование:

„Стручните училишта немаат доволно часови за обработка на сите теми.“

„Матурата е добра, но треба да има приемен испит при запишување на факултет! Голем проблем е препишување!“

И слични вакви ставови.

Анализата на добиените одговори во рамките на поставените прашања од отворен тип ја потврдува доминантната желба за промена, иако кај мнозинството таа е изразена како општа согласност без конкретна аргументација. Кај прецизно дефинираните ставови, како клучни проблеми се издвојуваат преобемноста на наставниот материјал (7,58%) и нееднаквоста помеѓу различните образовни насоки (4,55%). Дополнителен предизвик за истражувањето претставуваат оние 12,73% од испитаниците кои воопшто не понудиле образложение, што

укажува на одредена доза на индиферентност, каде што одговорите се во вид на (..., /, ?, празно) и др.

Табела бр. 32 Анализа на образложенијата кај негативни одговори („Не“)

**Табела: Анализа на образложенијата кај негативни одговори („НЕ“)**

**Вкупен број негативни одговори ($N = 101$)**

| Бр. | Категорија | Број на одговори | Процент (%) |
|---|---|---|---|
| 1 | Задоволство од тековниот концепт / нема потреба од промени | 20 | 19,80 % |
| 2 | Матурата е неопходна за проверка на знаењето | 15 | 14,85 % |
| 3 | Скратување на материјалот (олеснување, а не укинување) | 9 | 8,91 % |
| 4 | Потреба од подобра организација (а не укинување) | 7 | 6,93 % |
| 5 | Друго (општи одговори, „не знам“, „немам коментар“) | 26 | 25,74 % |
| 6 | Без образложение (празно место, „/“, „.“) | 24 | 23,76 % |
| **Вкупно** | | **101** | **100 %** |

Од анализираниве податоци може да се заклучи дека 20 испитаници (19,80%) сметаат дека постојниот модел на државна матура е соодветен и нема потреба од негова измена. Дополнително, дел од матурантите препознаваат вредност во испитот како алатка за евалуација на стекнатото знаење, иако сугерираат намалување на обемноста на материјалот како единствена потребна корекција. Сепак, најзастапени се неопределените ставови. Доколку се сумираат категориите 5 и 6 (општи одговори и одговори без образложение), се доаѓа до бројка од 50 испитаници, што претставува точно 50% од вкупниот број негативни одговори. Ваквиот висок процент на индиферентност кај половина од оваа група укажува на тоа дека нивниот отпор кон промените често доаѓа од недоволна заинтересираност или неможност за образложување на сопствениот став.

Споредбата помеѓу двете групи испитаници го разоткрива контрастот во нивните мотиви и перцепции за државната матура.

Табела бр. 33 Компаративен преглед на позитивни наспроти негативни аргументи во врска со промените во матурскиот модел

**Споредбен приказ: Позитивни наспроти Негативни одговори**

| Категорија на аргументи | Позитивни (ДА, $N = 330$) | Негативни (НЕ, $N = 101$) | Разлика во фокусот |
|---|---|---|---|
| **Системски промени** | **7,58%** бараат кратење на материјалот | **19,80%** сметаат дека не треба промени | Групата „ДА“ сака олеснување, групата „НЕ“ сака статус-кво. |
| **Вреднување** | **3,03%** бараат приемни испити | **14,85%** сметаат дека матурата е неопходна | Групата „НЕ“ повеќе верува во матурата како објективен тест. |
| **Квалитет на тестот** | **1,82%** се жалат на нејасни прашања | **6,93%** бараат само подобра организација | Двете групи ги гледаат техничките маани, но различно ги решаваат. |
| **Празни одговори** | **12,73%** без образложение | **23,76%** без образложение | Оние кои се против промени поретко ги образложуваат своите ставови. |

Споредбата на двете групи ги открива следните клучни разлики:

- Група позитивни одговори „Да“: Бараат промени поради преоптовареност (7,58%) и нееднаквост меѓу насоките (4,55%), гледајќи ги реформите како начин за намалување на стресот.
- Група негативни одговори „Не“: Сметаат дека матурата е неопходна за проверка на знаењето (14,85%) и дека тековниот модел е веќе соодветен (19,80%).
- Најголем дел –„празни одговори“ – во оваа категорија во категоријата „Друго“ или „Општи образложенија“ (68,48% кај позитивните и 25,74% кај негативните). Оваа висок процент на неспецифични одговори укажува на тоа дека ставовите на матурантите најчесто се потпираат на субјективен, личен впечаток, наместо на конкретни забелешки. Како што претходно беше објаснето, под категоријата „Друго“ се опфатени токму овие лични ставови кои не нудат конкретни одговори.

**Прашање број 15.** Дали од листата на изборни задолжителни наставни предмети го избравте наставниот предмет Говорење и пишување

(Ова прашање е наменето за учениците од Гимназиско образование, доколку сте ученици кои наставата ја следат според програмата за средно стручно или уметничко образование одете на следното прашање)

Графикон бр. 29 Дистрибуција на податоци при изборот на предметот Говорење и пишување кај матурантите во гимназиското образование




Од вкупно 310 испитаници во гимназиското образование дури 241 (77,7%) се изјасниле негативно во однос на изборот на предметот Говорење и пишување, додека само 69 матуранти го избрале истиот. Овие податоци укажуваат за низок интерес за овој наставен предмет кој носи исклучителен бенефит за матурантите како идни академски граѓани. Без оглед на понатамошното професионално надградување, вештините за правилно говорење и пишување се исклучително важни за развојот на секоја личност, што укажува на потребата од нивно поголемо вреднување во образовниот процес.

Со ова се заокружува третиот дел од анкетниот лист по што следи четвртиот дел насловен како Предлози и коментари, кој преку пет прашања од отворен тип им овозможува на матурантите целосна слобода да ги искажат своите ставови.

**Прашање број 16.** Наведете ги вашите предлози за измени во наставните содржини по наставниот предмет Македонски јазик и литература од I до IV година!

Табела бр. 34 Анализа на предлози за измени на наставните содржини по предметот Македонски јазик и литература (I–IV година)

**Табела: Анализа на предлози за измени во наставните содржини**

**Вкупен примерок ($N = 431$)**

| Бр. | Категорија на предлог | Број на одговори | Процент (%) |
|---|---|---|---|
| 1 | **Модернизација на лектирите** (современи автори, светски трендови) | 98 | 22,74 % |
| 2 | **Намалување на обемот** (кратење материјал, помалку фактографија) | 74 | 17,17 % |
| 3 | **Фокус на практична писменост** (правопис, говор, дебата) | 52 | 12,06 % |
| 4 | **Промена на методологијата** (интерактивност, филмска анализа) | 41 | 9,51 % |
| 5 | **Други специфични барања** (изборни содржини, медиумска култура) | 48 | 11,14 % |
| 6 | **Без предлог / Празно / Нема потреба** | 118 | 27,38 % |
| **Вкупно** | | **431** | **100 %** |

Анализата на податоците прикажани во Табела бр. 34 открива специфична дистрибуција на ставовите кај матурантите во однос на наставната програма:

Најголем дел, дури 118 испитаници (27,38%) не понудиле конкретен предлог, користејќи симболи (., /, ?) или празни полиња за да го поминат прашањето. Ова укажува на одредена доза на индиферентност или неможност за изнесување барања во моментот на анкетирањето. За среќа, оние испитаници кои имаат предлог за промените во наставната содржина се поголем дел или (72,62%).

Најсилниот впечаток од одговорите е дека постои огромен јаз помеѓу она што се предава и современиот свет. Дури 98 или (22,74%) испитаници конкретно бараат модерна литература.

Учениците не бараат целосно исфрлање на класичните дела, туку нивно балансирање со автори кои обработуваат теми од современиот живот. Тие ја перципираат сегашната програма како „застарена“, што резултира со механичко усвојување на фактите, наместо вистинско уживање во читањето и формирање критичкото мислење при совладување на наставните содржини.

74 испитаници (17,17%) го нагласуваат проблемот со преобемноста на наставната програма. Учениците се чувствуваат преоптоварени со историски податоци, хронологии и биографски детали, кои често резултираат со краткотрајно меморирање единствено за потребите на тестирањето. Постои јасен предлог за намалување на обемот на материјалот. Целта на ваквата измена е да се овозможи простор за подлабоко и поквалитетно разбирање на суштинските пораки на книжевните дела, наместо површно совладување на обемни факти.

Точките 3, 4 и 5 од табелата можеме да ги разгледаме сумативно. Збирниот процент од (32,71%) оваа категорија го надминува дури и барањето за нови лектири, претставува јасен показател дека третина од испитаните ученици бараат „жива“ и применлива настава. Тие го доживуваат предметот Македонски јазик и литература како алатка за личен развој, а не како задолжителен предмет при полагање екстерен матурски испит.

Како најрепрезентативни се издвојуваат следниве одговори:

Коментар во вид на читачка мотивација:

> „Читаме дела кои немаат допирна точка со нашиот живот. Ни требаат книги што ќе нѐ мотивираат да читаме, а не да бараме кратки содржини на интернет.“

Коментар во вид на функционална писменост наспроти фактографски податоци:

> „Наместо да знаеме во која година е роден некој писател, подобро е да знаеме како да напишеме официјален мејл или молба без правописни грешки.“

Коментар во вид на квалитет наспроти квантитет на материјалот

> „Материјалот од прва до четврта година е преобемно набиен. Се оди на квантитет наместо на квалитет на знаењето.“

Коментар во вид на мултимедијалност и дебата:

> „Потребни се повеќе часови каде што ќе гледаме филмови базирани на книгите и ќе дебатираме за нив, наместо само да ги прераскажуваме.“

Од сите овие одговори на Прашањето бр. 16 се констатира дека иако учениците имаат поделени ставови во однос на државната матура како концепт, кај прашањето за наставните содржини постои заеднички став. Генералниот заклучок е дека наставниот предмет Македонски јазик и литература мора да претрпи модернизација и „растоварување“ од фактографија за да стане корисен за нивниот понатамошен академски и професионален развој на матурантите.

**Прашање број 17.** Наведете ги вашите предлози за начинот на реализација на наставниот предмет по Македонски јазик и литература од I до IV година во редовната настава!

Табела бр. 35 Анализа на предлози за начинот на реализација на наставата по Македонски јазик и литература (I–IV година)

**Вкупен примерок ($N = 431$)**

| Бр. | Категорија на предлог | Број на одговори | Процент (%) |
|---|---|---|---|
| 1 | **Интерактивност и дискусија** (наместо само предавање) | 112 | 25,99 % |
| 2 | **Дигитализација и визуелни помагала** (филмови, презентации) | 89 | 20,65 % |
| 3 | **Повеќе практична работа** (пишување есеи, вежби, реторика) | 64 | 14,85 % |
| 4 | **Теренска настава и посети** (театри, библиотеки, музеи) | 45 | 10,44 % |
| 5 | **Помалку формално оценување / Опуштена атмосфера** | 32 | 7,42 % |
| 6 | **Без специфичен предлог / Празно / „Добро е вака“** | 89 | 20,65 % |
| **Вкупно** | | **431** | **100 %** |

Резултатите добиени од 431 испитаник јасно го потврдуваат отпорот кон традиционалниот модел на „предавање од катедра“, кој се чини дека е целосно неприфатлив за современите

генерации. Најголем дел од испитаниците 112 испитаници (25,99%) бараат интеракција во наставниот процес. Ова барање претставува суштинска потреба за промената на ученикот од пасивен примател на информации во активен чинител на наставниот процес.

Речиси секој петти ученик или 20,65% од испитаниците ја нагласува потребата од воведување на технологијата и филмската уметност како составен дел од наставата по предметот Македонски јазик и литература. Ова е директен одраз на дигиталната ера и мултимедијалното опкружување во кое живеат денешните генерации, на овој начин тие подобро ги усвојуваат презентираните содржини.

Специфичен и мошне релевантен дел од одговорите, односно 14,85%, е насочен кон усвојување на вештини кои имаат директна примена во секојдневниот и професионалниот живот. Учениците ја препознаваат потребата од вежбање на јавниот настап и дебатирањето како клучни компетенции. Ова барање индиректно укажува на фактот дека сегашниот модел на настава посветува премногу внимание на теоријата, а премалку на развивањето на овие вештини и самодовербата кај младите. Матурантите сакаат часот по Македонски јазик и литература да биде „тренинг центар“ каде што ќе се оспособат со потребните компетенции потребни за современиот свет.

Во делот Пишување испитаниците бараат помалку „тематски писмени работи“, а повеќе практични задачи како пишување есеи, статии или професионална кореспонденција.

Последниот значаен сегмент од предлозите, поддржан од 10,44% од испитаниците, се однесува на изместување на наставниот процес надвор од училишните простории. Учењето преку посета на театри, кина и други културни институции би овозможило промена на сегашната перцепција за предметот како „затворен“ и негово конечно излегување од рамките на училницата. Нивната визија подразбира суштинска трансформација на улогата на наставникот. Иако теоретски, наставникот веќе не се дефинира како обичен пренесувач на информации, во праксата сè уште е евидентен дефицитот од модерен едукатор, кој во улога на ментор и модератор ќе го насочува ученикот кон истражување, критичко размислување и самостојно стекнување нови знаења.

Во продолжение се издвоени автентични ставови кои ја отсликуваат желбата за суштинска промена на атмосферата во училницата:

„Часот да не биде монолог на професорот, туку дијалог со нас. Сакаме да го кажеме нашето мислење за ликовите, а не само да го запишеме она што го пишува во учебникот.“

„Повеќе филмски адаптации на лектирите и мултимедијални презентации. Полесно се помни кога ќе се види, отколку само кога се слуша.“

„Потребни се повеќе работилници за креативно пишување и часови по дебата каде што ќе вежбаме како јавно да зборуваме без страв.“

„Наместо само да читаме драми во училница, барем еднаш во полугодие да одиме организирано во театар да ги погледнеме тие дела во живо.“

**Прашање број 18.** Наведете ги вашите предлози за начинот на реализација на наставниот предмет по Македонски јазик и литература од I до IV година во додатната и дополнителна настава!

Табела бр.36 Анализа на предлозите на матурантите за унапредување и редефинирање на дополнителната и дополнителната настава по Македонски јазик и литература

**Табела: Анализа на предлози за додатна и дополнителна настава**

**Вкупен примерок ($N = 431$)**

| Бр. | Категорија на предлог | Број на одговори | Процент (%) |
|---|---|---|---|
| **1** | **Подготовка за матура и натпревари** (фокус на тестови) | 95 | 22,04 % |
| **2** | **Индивидуален пристап** (појаснување на нејасното) | 82 | 19,03 % |
| **3** | **Креативни работилници** (пишување, драма, дебата) | 58 | 13,46 % |
| **4** | **Поголема достапност и терминска флексибилност** | 41 | 9,51 % |
| **5** | **Други предлози** (онлајн материјали, консултации) | 37 | 8,58 % |
| **6** | **Без одговор / Не посетуваат / Празно** | 118 | 27,38 % |
| **Вкупно** | | **431** | **100 %** |

Од табелата можеме да забележиме одреден процент на пасивност во однос на ова прашање. Вкупно 118 испитаници (27,38%) не понудиле конкретен предлог, оставајќи го полето празно или користејќи симболи за да преминат на следното прашање. Ова укажува на фактот дека дел од испитаниците веќе се изјасниле во претходните одговори, додека останатите покажуваат одреден степен на незаинтересираност кон овие издвоени форми на настава.

Најголем дел од испитаниците 95 (22,04%) ја перципираат оваа настава исклучиво како подготовка за државната матура. Силното барање за решавање тестови и вежбање на структурата на есејот открива висок степен на несигурност кај матурантите и потреба од конкретна, практична поддршка пред испитот.

Речиси 19% од испитаниците бараат индивидуален пристап преку дополнителната настава, што е директна последица на прекубројните паралелки (особено во Град Скопје). Учениците ја гледаат оваа настава како неопходна можност за појаснување на материјалот кој,

поради недостиг на време и големиот број ученици во класот, не успеале да го совладаат во текот на редовниот час.

Значаен дел од матурантите (13,46%) ја препознаваат додатната настава како простор за негување на нивниот талент преку креативни работилници Нивните предлози за формирање литературни секции, драмски групи и дебатни клубови укажуваат на желбата за трансформирање на теоретските знаења во креативен производ.

Во продолжение се издвоени автентични ставови на испитаниците:

Коментари во вид на поредба од консултации и индивидуален пристап:

> „Дополнителната настава да не биде повторување на предавањето, туку професорот да ни посвети време за она што конкретно не го разбираме во граматиката.“
>
> „Сакаме дополнителната настава да биде поопуштена, во форма на консултации, каде што без страв можеме да кажеме дека нешто не ни е јасно.“

Коментар каде што фокусот е врз матурскиот испит:

> „Дополнителните часови во четврта година треба да бидат исклучиво за решавање на задачи од претходни матурски испити и вежбање есеи.“

Коментари во вид на желба за креативен развој и менторство:

> „На дополнителната настава сакаме да работиме на нашите песни или раскази, да добиваме насоки како да ги подобриме, а не само да учиме за натпревари.“

Заклучокот е дека учениците ги доживуваат овие часови како неопходен механизам за пополнување на пропустите во знаењето, особено за матурата. Нивната порака е јасна: бараат помалку теоретска оптовареност, а повеќе практично решавање на нејаснотиите и простор за развој на сопствените таленти.

**Прашање број 19**. Наведете ги вашите придобивки од изборниот наставен предмет по Говорење и пишување при подготовката за полагање матурски испит по Македонски јазик и литература!

(Ова прашање е наменето исклучиво за учениците од гимназиското образование кои во втора година го избрале предметот Говорење и пишување. Овој сегмент ги истражува придобивките од овој специфичен предмет како директна поддршка за подготовка на државната матура.)

Методолошка забелешка. При обработка на одговорите од ова прашање се забележува одредена методолошка тешкотија. Иако прашањето беше наменето за специфична целна група (ученици од гимназиското образование) одговор дале сите 431 испитаник. Поради превид во читањето на упатството, одговор дале и учениците кои не го изучувале предметот Говорење и пишување. Најчесто одговорот „Немам“, во овој контекст не посочува на немање придобивки, туку потврдува дека станува збор за испитаници кои воопшто не го изучувале изборниот предмет Говорење и пишување.

Табела бр.37 Анализа на ставовите на матурантите за влијанието на предметот Говорење и пишување врз матурскиот испит

**Вкупен примерок ($N = 431$)**

| Бр. | Категорија на одговор | Број на одговори | Процент (%) |
|---|---|---|---|
| **1** | Подобрена вештина за пишување есеј | 104 | 24,13% |
| **2** | Зголемена самодоверба во јавен настап | 68 | 15,78% |
| **3** | Подобро познавање на структурата на матурата | 55 | 12,76% |
| **4** | Општи позитивни одговори (корисно е, супер е) | 42 | 9,74% |
| **5** | Ирелевантни / Без одговор / Не го следеле упатството | 162 | 37,59% |
| | **Вкупно** | **431** | **100%** |

Податоците од Табелата се ревидирани преку спојување на неодредените одговори (со знаци .,/,?) со одговорите на оние испитаници кои не го изучувале изборниот предмет Говорење и пишување, односно не го разбрале прашањето или не го следеле упатството.

Сублиматот на одговорите е направен со цел да се прочисти анализата и да се издвојат само релевантните ставови за придобивките од наставата.

Од табелата се воочува дека најголем број испитаници 162 (37,59%) не дале придонес за оваа анализа. Сепак, од релевантните одговори 104 (24,13%) го издвојуваат пишувањето есеј како

клучна придобивка. Ова потврдува дека овој изборен предмет примарно се перципира како добра практика за подготовка на писмениот дел од матурата, кој воедно се препознава како најкритична точка за учениците.

Дополнително, 68 испитаници (15,78%) го истакнуваат зголемувањето на самодовербата при јавен настап како значаен бенефит. Овој процент ја потврдува потребата од предмети кои нудат конкретна подготовка за усно изразување, област во која учениците сè уште чувствуваат сериозен дефицит.

Иако речиси 40% од податоците се нерелевантни за конкретната цел на прашањето (поради претходно наведените причини), преостанатите 60% нудат јасна слика за вредноста на овој изборен предмет. Резултатите покажуваат дека изборниот предмет Говорење и пишување е од исклучително значење за учениците токму во делот на практичната примена на јазикот (пишување есеј и вештини за говорење). Овој податок претставува силен контраст со претходно искажаните поплаки за преоптовареност со обемен наставен материјал во редовната настава.

Во продолжение се издвоени најкарактеристичните одговори на испитаниците:

„Ми помогна точно да знам како се гради вовед, разработка и заклучок во есејот, што претставува половина од задачите за матура.“

„Научив како да ги контролирам емоциите и тремата кога треба да се изразам пред публика или пред комисија наставници.“

„Најголема придобивка е богатењето на речникот и избегнувањето на повторување исти зборови и фрази при пишувањето.“

**Прашање број 20.** Наведете ги вашите предлози за моделот на матурскиот испит по Македонски јазик! - претставува последно прашање од овој анкетен прашалник

Табела бр. 38 Ставови и визии на учениците за иден модел на државна матура

**Вкупен примерок ($N = 431$)**

| Бр. | Категорија на предлог | Број на одговори | Процент (%) |
|---|---|---|---|
| **1** | **Приемен испит на факултет** (како замена за матура) | 108 | 25,06 % |
| **2** | **Намалување на бројот на предмети / Полесни прашања** | 82 | 19,03 % |
| **3** | **Промена на есејот** (повеќе теми, појасни критериуми) | 65 | 15,08 % |
| **4** | **Дигитално полагање / Современи методи** | 28 | 6,50 % |
| **5** | **Други предлози** (усна компонента, проектни задачи) | 42 | 9,74 % |
| **6** | **Без предлог / Празно / „Да се укине целосно“** | 106 | 24,59 % |
| **Вкупно** | | **431** | **100 %** |

Анализата на податоците упатува на јасен став кај учениците дека се неопходни промени во сегашниот модел на екстерниот испит по Македонски јазик и литература. Највисок процент 108 испитаници (25,06%) предлагаат замена на матурскиот испит со приемен испит на факултетите. Овој податок е издржан, бидејќи матурантите тежнеат кон проверка на компетенциите која е во директен соодност со нивната идна професија.

Втората и третата точка укажуваат на квалитативна промена на матурскиот тест. Учениците не бараат само „полесни“, туку „попаметни“ прашања. Комбинирано, над (34%) од предлозите се насочени кон промена на структурата на тестот и есејот, со силен отпор кон „шаблонското“ оценување на есеите и барање за поголема слобода во изразот.

Високиот процент на одговори во категоријата „Да се укине целосно“ или оставените празни полиња на 106 испитаници (24,59%) е јасен сигнал за општото незадоволство и демотивација кај голем дел од матурантите, со што дополнително се нагласува потребата од итни промени во системот.

Во продолжение се издвоени најрепрезентативните цитати:

Коментар кој укажува на реформи на моделот на матура:

> „Наместо општа матура, секој факултет треба да си има сопствен приемен испит кој ќе го проверува знаењето само за таа област.“

Коментар кој укажува на промена на вреднување на знаење

> „Матурата треба да биде повеќе насочена кон логичко размислување и анализа на непознат текст, а не на паметење на факти од пред четири години.“

Коментар кој укажува на потреба од креативна слобода во изразот:

> „Да се дадат повеќе теми за есејот, вклучително и теми од секојдневниот живот, за да можеме навистина да го покажеме нашиот стил на пишување.“

Коментар во вид на барање за намалување на психолошки притисок:

> „Моделот треба да биде таков што ќе го намали притисокот врз учениците. Можеби полагање на делови од матура во текот на целата четврта година е помалку стресен пристап.“

Одговорите на матурантите упатуваат на заклучок дека тие се наоѓаат во систем кој го доживуваат како застарен и премногу теоретски. Иако постои поделеност за самото постоење на матурата, мнозинството испитаници се согласуваат за итна потреба од:

- модернизација на литературните содржини. (Избор на автори и нивни литературни дела со цел доближување на литературата до современиот контекст);
- интерактивност и дигитализација на часовите. (Да „излезе“ предметот од училница);
- практична примена на јазикот наместо проучување на историја на јазикот. (Повеќе вежби во говорна и писмена форма).

Анализата на анкетниот прашалник укажува на специфичен пристап кај новите генерации. Речиси една четвртина од испитаниците ги избегнуваат прашањата од отворен тип и одбираат брза селекција на одговорите. Новите генерации се насочени кон брзи, јасни и концизни прашања и одговори. Кај нив доминира првата асоцијација, наместо подлабока анализа. Иако

постои дел од учениците кои посветиле повеќе време на прашалникот, тие се во значително помал број.

Врз основа на добиените одговори во анкетниот прашалник, треба се потенцира доминантниот став кај учениците дека наставната програма по Македонски јазик и литература е во сериозен јаз, расчекор со реалноста.

Матурантите од сите образовни профили (гимназиско, стручно и уметничко образование) упатуваат апел за промени во изборот на литературните дела кои се застапени во наставните програми по Македонски јазик и литература за сите четири години. Повеќе од 22% од испитаниците бараат итна модернизација во овој дел, посочувајќи дека делата се „застарени“, тешки за разбирање, оддалечени од современиот живот, што влијае демотивирачки и директно ја намалува желбата за читање.

Тие сметаат дека и обемот на содржини од подрачјето Јазик е преголем, изразувајќи силен отпор кон теоријата за сметка на практичната писменост. Околу 12% од испитаниците бараат наставата да ги подготви за секојдневниот живот преку вештини за пишување официјални документи и мејлови, јавен настап и говорништво. Учениците покажуваат развиена свест дека традиционалниот модел на предавање е веќе нефункционален. Најголемиот дел од испитаниците (25,99%) се залагаат за дијалог наместо пишување планови во тетратките, при што критичкото размислување ќе биде поважно од меморирањето податоци.

Младите се во чекор со новото време што иницира наставата да излезе надвор од училницата (преку посети на театри и библиотеки) со цел литературата да се доживее „во живо“. Со оглед на тоа што новите генерации поминуваат значително време со новите технологии, тие природно ја поврзуваат литературата со филмот и мултимедијата. Ваквите алатки ги користат за полесно совладување на материјалот, бидејќи преку нив подобро го следат и го совладуваат материјалот.

Матурантите лесно го детектираат проблемот: речиси 25% од нив предлагаат укинување на државна матура и воведување приемен испит на факултетите. Како најголема пречка го издвојуваат делот Пишување (есејот) за кој бараат појасни критериуми и поголем избор на теми за есејот, бидејќи сегашниот модел го сметаат за премногу шаблонски. Нивната порака е јасна: Тие сакаат да бидат активни учесници во модерната настава. Бараат форма која ќе ги

стави во центарот на наставниот процес, настава која е технолошки модерна и систем на оценување кој е праведен и фокусиран на нивниот иден кариерен развој.

# IV дел

# Заклучни сознанија и препораки

# IV Заклучни сознанија и препораки

## Заклучни сознанија од спроведеното истражување

Врз основа на деталната обработка на податоците од ова истражување, произлегоа значајни согледувања од двете засегнати страни: матурантите и наставниците по Македонски јазик и литература. Анализата на официјалните извештаи на Државниот испитен центар (ДИЦ), како релевантни документи што директно ги посочуваат системските недостатоци на државната матура, овозможи дефинирање на клучните сознанија и препораки во ова истражување.

**$X_0$ - Идентичната, структуралната, организациската и програмската поставеност на моделот на матурскиот испит по наставниот предмет Македонски јазик и литература во средното образование, влијае на резултатите на постигнувањата на матурантите од спроведеното тестирање.**

Анализата на теренското истражување недвосмислено **ја потврдува основната хипотеза $X_0$**, демонстрирајќи дека структуралната и програмската поставеност на матурата директно ја обликуваат перцепцијата и подготвеноста на учениците. Високиот процент на матуранти кои изразија децидно барање за системска промена на моделот (вклучително целосно укинување на државната матура и воведување приемен испит на факултетите) претставува јасен показател за нивната моментална нефункционална положба. Ова не е само барање за поедноставување на процесот, туку директен одраз на чувството на нерамноправност во кое се наоѓаат учениците од стручните и уметничките профили во однос на сегашниот испитен концепт.

Преку детална интерпретација на податоците, направен е критички осврт на посебните хипотези, што овозможи верификација на основната хипотеза. Врз таа основа, во ова поглавје се дефинирани најсуштествените заклучоци и се понудени конкретни препораки кои произлегуваат од истражувањето.

Првата посебна хипотеза гласи:

**$X_1$ - Се претпоставува дека постигнатите резултати добиени од тестирањето на знаењата од матурскиот испит по наставниот предмет Македонски јазик и литература во последните три учебни години одат во прилог на постигнатите резултати на матурантите од средно гимназиското образование во однос постигнатите резултати на матурантите од средното стручно и уметничко образование.**

Во согласност со извршените анализи, првата хипотеза **се потврдува.**

Анализата на извештаите од ДИЦ за последните три учебни години (*2020/2021, 2021/2022 и 2022/2023* година) нуди јасен увид во состојбите со матурскиот испит по Македонски јазик и литература, овозможувајќи ги следните клучни заклучоци:

**Потврда на образовниот јаз (посебна хипотеза $X_1$):**

- Податоците директно ја потврдуваат супериорноста на учениците од гимназиското образование во постигнатите резултати. Со континуирана средна оценка, која во анализираниот период се движи помеѓу 3,63 во учебната 2024 година и 4,42 во учебната 2022 година;
- Оваа разлика не е случајна, таа претставува директна последица на поголемиот фонд на наставни часови во гимназиското образование (4 наспроти 3 наставни часа неделно) што овозможува подлабока обработка на материјалот и повеќе време за совладување на испитните содржини;
- Актуелниот испитен модел е тесно поврзан со гимназиската наставна програма, при што ги става матурантите од стручното и уметничкото образование во нерамноправна положба, односно стручните насоки се системски запоставени поради идентичниот модел. Иако во тековната 2025/2026 учебна година, за првпат се воведуваат три вида државна матура — каде што секој профил би требало да полага според сопствената наставна програма и видот на средното образование — сепак во стручната јавност и понатаму постојат сериозни дилеми, отворени прашања. Ова формално разграничување според видот на образованието, суштински не го решава проблемот со нееднаквата подготвеност. Напротив, се чини дека повторно се фаворизира гимназиското

образование, поточно пак се повторува инфериорната положба на учениците од стручните училишта – доколку ученик од стручно или уметничко образование одлучи да се запише на факултет кој не е во тесна корелација со неговата струка, тој е принуден да полага државна матура според гимназискиот модел. Ваквите промени во моделот прават системски бариери при реориентација - проблемот станува уште поизразен доколку студентот по првата година одлучи да го промени факултетот со друг кој бара гимназиска матура. Во таков случај, системот го принудува кандидатот да се врати чекор назад и повторно да полага државна матура според гимназиски модел, што претставува сериозно губење време и ресурси. Нерамноправноста се продлабочува - Вака поставениот модел наместо да овозможи проодност, тој создава граници. Матурантите од гимназиското образование ја задржуваат широката проодност кон сите факултети, додека стручните кадри се казнети поради системскиот пропуст во разминувањето на наставните содржини по Македонски јазик и литература и неделниот фонд на часови.

Во однос на преостанатите хипотези, фокусот на истражувањето се поместува кон емпириските податоци прибрани преку теренската работа. Добиените резултати нудат јасна слика за функционалното разминување помеѓу она што системот го бара и она што образовниот процес реално го испорачува во средните училишта.

**Делумно потврдување од страна на наставниот кадар, делумно потврдување од страна на учениците (посебна хипотеза $X_2$):**

**$X_2$ - Се претпоставува дека наставниците имаат ставови според кои идентичниот програмски и структурален модел на матурскиот испит по наставниот предмет Македонски јазик и литература во гимназиското, средно стручно и уметничкото образование влијае врз постигнатите резултати на матурантите.**

- Анализата на одговорите од анкетните прашалници открива специфична динамика во ставовите на испитаниците: додека наставниците се попретпазливи во своите изјави, со

оглед на тоа што го познаваат системот однатре, учениците се далеку порадикални во своите барања за промена. Сепак, и покрај оваа разлика во интензитетот на ставовите, двете групи се обединети во една точка — наставниците јасно ги детектираат тешкотиите со кои се соочуваат матурантите при подготовките за државната матура. Иако тие вложуваат дополнителен напор преку реализација на додатна и дополнителна настава, наставниците од средните стручни училишта децидно посочуваат дека несоодветниот фонд на часови во соднос со обемноста на материјалот останува непремостлива бариера. Кај нив е присутна свеста за диференцираните потреби на учениците - оние кои планираат да продолжат во високото образование и оние кои го завршуваат својот образовен циклус со средното стручно оспособување. Токму затоа како логично решение се наметнува потребата од јасно издиференцирани наставни програми по Македонски јазик и литература: од една страна, програми приспособени за двегодишното и тригодишното стручно образование, а од друга страна, унифицирани програми за четиригодишното средно образование (стручно, уметничко и гимназиско) кои би биле соодветно поддржани со ист фонд на часови. Од страна на матурантите, оваа хипотеза е индиректно потврдена. Високиот процент на ученици (25,06%) кои бараат воведување приемни испити наместо општа матура, јасно го поткрепува ставот дека структурата на испитот мора да се диференцира. Ова барање е всушност реакција на нелогичноста на идентичниот модел кој не ги препознава разликите во видот на образованието и предвидениот фонд на наставни часови.

**Бенефит од изборниот предмет Говорење и пишување (посебна хипотеза $X_3$) - потврда со методолошка забелешка:**

**$X_3$ - Се претпоставува дека изборот и изучувањето на наставниот предмет Говорење и пишување во II година во гимназиското образование, претставува значајна поддршка на учениците при подготовка за полагање на матурскиот испит по Македонски јазик и литература.**

- И покрај методолошката забелешка (евидентирани се 37,59% невалидни одговори, произлезени од фактот што на прашањето одговориле сите испитаници, наместо само целната група - гимназијалци кои го слушале предметот Говорење и пишување), значаен дел од учениците (24,13%) потврдуваат дека стекнатите вештини од предметот Говорење и пишување им помогнале во делот Пишување, полесно го напишале есејот. Дел од испитаниците (15,78%) препознале бенефит од предметот преку зголемена самодоверба, правејќи ги да се чувствуваат поподготвени во споредба со нивните врсници. Овие наоди докажуваат дека специфичната подготовка уште во втората година од средното образование има **долгорочен позитивен ефект** врз финалниот испит. Овој бенефит не застанува тука; се претпоставува дека истиот ќе се рефлектира и во високото образование, каде што преку правилната дикција, интонација и вештини за јавно излагање, овие ученици ќе покажат супериорност при усните и писмените испити.

**Додатна настава како клучен фактор за успех (посебна хипотеза $X_4$).**

**$X_4$ - Учениците кои биле вклучени во подготвителна настава во рамките на дополнителната настава за матурскиот испит по наставниот предмет Македонски јазик и литература, покажуваат повисоки резултати во однос на другите ученици кои немале пристап до ваквите активности.**

- Оваа хипотеза наоѓа најсилна поткрепа во анализата на емпириските податоци добиени од анкетниот прашалник наменет за учениците - матуранти. Висок процент од матурантите (22,04%) ја идентификуваат додатната настава како неопходен инструмент за совладување на матурскиот материјал. Овој податок укажува на фактот дека редовната настава честопати е недоволна за целосна подготовка, особено во средини со помал фонд на часови. Дел од нив (19,03%) бараат индивидуален пристап за решавање на нејаснотиите од наставните содржини, што укажува дека матурантите се стремат кон подлабоко и поквалитетно разбирање на содржините, што тешко се постигнува во рамките на стандардниот наставен час. Дополнителната настава се потврдува како клучен фактор за успех, кој директно влијае врз подготвеноста на матурантите и нивните постигнувања на државниот испит.

**Креативниот развој наспроти стандардизираната настава (посебна хипотеза $X_5$)**

**$X_5$ - Учениците кои учествувале во вoннаставни активности (литературни секции, учествувале на натпревари и литературни конкурси) покажуваат повисоки резултати во однос на другите ученици кои немале пристап до ваквите активности.**

- Иако тематски е блиска со претходната хипотеза, посебната хипотеза $X_5$ го акцентира бенефитот од креативниот и културниот ангажман на учениците. Дел од испитаниците (13,46%), односно оние кои партиципираат во литературни секции и креативни работилници ги препознаваат овие воннаставни активности како клучни за усовршување на нивните говорни и писмени способности. Потребата за посета на театри, кина и библиотеки кај (10,44%) од испитаниците, укажува на висока свест дека воннаставните активности нудат нови искуства кои редовната настава не може целосно да го покрие. Евидентно е дека ваквите активности овозможуваат развивање на вештините за анализа и критичко мислење, кои се директно применливи во есејскиот дел од матурскиот испит.

Врз основа на извршената анализа на хипотезите, во продолжение е даден сублимиран табеларен преглед кој нуди јасна визуелизација на клучните наоди од истражувањето.

Табела бр.39 Сумарен приказ на резултатите од тестирањето на хипотезите

| Хипотеза | Статус | Клучен доказ од истражувањето (Аргументација) |
|---|---|---|
| **Промена на моделот** (Општа хипотеза $H_0$) | **ПОТВРДЕНА** | **85,5%** од наставниците сметаат дека тежината е прифатлива само со постојните олеснувања, додека **25,06%** од учениците бараат итна промена на моделот поради неадекватност. |
| **Гимназија vs Стручно** (Посебна хипотеза $H_1$ и $H_2$) | **Делумна потврда од струката, целосна потврда од учениците** | Податоците од ДИЦ покажуваат разлика во средната оценка (**3,63** наспроти **3,05** во 2024 г.). **5,51%** од учениците директно ја посочуваат „нееднаквоста“ како главна пречка. |
| **Бенефит од предметот Говорење и пишување** (Посебна хипотеза $H_3$) | **ПОТВРДА** (со методолошка забелешка!) | **24,13%** од учениците потврдуваат дека овој предмет е клучниот фактор за успешно пишување есеј на матурата. |
| **Бенефит од додатна и дополнителна настава** (Посебна хипотеза $H_4$) | **ПОТВРДЕНА** | Дури **84,1%** од наставниците реализираат дополнителни вежби со матурски тестови, што учениците го вреднуваат како примарен фактор за успех. |
| **Бенефит од вонаставни активности** (Посебна хипотеза $H_5$) | **ПОТВРДЕНА** | Наставниците во висок процент (**69,6%**) ги користат вонаставните форми за вежби за пишување, што резултира со повисоки постигања кај активните ученици. |

Ова истражување успешно детектираше голем број системски проблеми кои се актуелни во изминатиов период, а чија важност дополнително ќе се зголемува со претстојните реформски процеси во образованието во Р Македонија. Анализата потврди дека моменталниот модел на државна матура е во голема мера застарен и не кореспондира со потребите на новите генерации. Оваа застареност јасно се рефлектира во ставовите на учениците, кои изразија потреба од литература блиска до теми што го следат технолошкиот напредок и современиот начин на живеење.

Матурантите сугерираат дека наставните содржини треба да се ослободат од „темната историја“, отворајќи простор за содржини кои се поврзани со нивниот свет. Учениците цврсто

стојат на ставот дека учењето мора да излезе надвор од рамките на училницата, препознавајќи дека изворот на знаење не лежи само во учебниците. Во таа насока, како неопходни се наметнуваат вонnаставните активности и интердисциплинарното поврзување на уметностите — книжевноста со музичката и ликовната уметност. Посетите на кина, театри и концертни сали не се само избор, туку суштинска потреба за модерно, сеопфатно образование кое ги подготвува младите за предизвиците во иднина.

Севкупните анализи и добиените резултати од истражувањето ја наметнуваат потребата од конкретни два предлог-модела за реструктурирање на наставата:

**Прв предлог - модел : системска поделба нанаставните подрачја Јазик и Книжевност во посебни наставни предмети**

Врз основа на наодите од истражувањето, клучната препорака за реформа на образовниот систем оди во насока на системско и **функционално раздвојување на предметот Македонски јазик и литература во два посебни наставни предмети**. Со овој модел би се постигнала поголема специјализација и рамномерна застапеност на наставните содржини:

- **Македонски јазик и јазичната група предмети (Албански, Турски и Српски јазик):** Овој предмет би бил со фокус исклучиво на јазичната писменост и лингвистичките подрачја. Се предлага **неделен фонд од 3 наставни часа** за сите типови на четиригодишно средно образование, со примена на **унифицирана наставна програма**. Со ова би се гарантирала еднаква јазична подготвеност за сите матуранти.
- **Книжевност:** Како посебен предмет со **неделен фонд од наставни 3 часа**, кој би ја опфатил националната книжевност, но со значително засилен акцент на **светската модерна литература**. Истражувањето потврди дека учениците имаат силен интерес за современи автори и дела кои кореспондираат со денешниот свет, а кои моментално се запоставени на сметка на постарите историски периоди. Овој концепт веќе наоѓа потпора во новата реформирана програма за прва година (2025/2026), која вклучува автори од сите националности, промовирајќи инклузивност.

**Придобивки од ваквиот модел:**

- **Зголемен фонд на часови:** Со вкупно 6 часа неделно посветени на јазикот и уметноста, се отвора простор за вистинско описменување, збогатување на вокабуларот и развивање на елоквентноста кај младите — вештини неопходни за секоја понатамошна професија.
- **Искоренување на нееднаквоста:** Унифицираноста на наставните програми и фондот на часови во сите училишта (стручни и гимназиски) е единствениот начин да се реши „клучниот проблем“. Моменталната супериорност на гимназијалците не произлегува од нивниот капацитет, туку од поголемиот простор за анализа и вежбање есеи кој го овозможува нивната програма.
- **Праведна државна матура:** На овој начин, екстерниот испит би станал вистински мерител на знаењето, бидејќи сите кандидати би имале иста стартна позиција. Проблемот на државната матура не е во тежината на тестот, туку во системската неправда каде учениците од стручното образование се оштетени со помал број часови за обработка на истиот материјал.

Со имплементација на овој модел, јазикот би станал столб на писменоста, а книжевноста своевидна платформа за критичко размислување и културно воздигнување на сите матуранти, без оглед на нивната струка.

**Втор предлог - модел : Унифицирани наставни планови – рамноправен однос помеѓу матурантите**

Неопходно е да се истакне дека четиригодишното средно образование, кое преку државна матура овозможува понатамошно надградување и продолжување на образованието на универзитетите во земјава и странство, наметнува потреба од еден модел.

**Основни насоки на моделот:**

- **Стандардизација на наставните програми:** Предметите кои се полагаат како екстерни испити, треба да соодветствуваат на идентична наставна програма и да бидат застапени со еднаков неделен фонд од 4 наставни часа за сите профили во четиригодишното образование.
- **Поделба според потребите:** Учениците кои избираат двегодишно или тригодишно стручно образование би го изучувале предметот Македонски јазик и литература во

„скратена форма“ (со неделен фонд од 3 часа), приспособена на нивните потреби, за разлика од оние во четиригодишното образование каде подготовката мора да биде стандардизирана (со неделен фонд од 4 наставни часа).

- **Оправданост на фондот на часови:** Застапеноста со помал број наставни часови е оправдана единствено доколку се однесува на двегодишните и тригодишните стручни образовни профили. На овој начин, преку идентична наставна програма и ист фонд на часови, би се овозможило изедначување на сите ученици во четиригодишното образование - гимназиско, стручно и уметничко. Со тоа, тие би биле подеднакво подготвени за државната матура, без оглед на видот на стручното образование според кое го изучувале наставниот предмет Македонски јазик и литература.

**Придобивки од ваквиот модел:**

- **Изедначување на наставни програми:** Преку идентична наставна програма и ист фонд на часови, би се овозможило изедначување на сите ученици во четиригодишното образование (гимназиско, стручно и уметничко), правејќи ги подеднакво подготвени за државната матура.

- **Праведност и влез во високото образование:** Практиката покажала дека учениците со послаб успех најчесто се насочуваат кон образовни профили кои се двегодишни или тригодишни, одбираат училишна матура, со тоа имаат бариера за понатамошниот избор во високото образование. Оттука, се наметнува императивот дека четиригодишното средно образование мора да обезбеди унифициран модел на екстерно тестирање, заснован на идентични наставни планови и изедначен неделен фонд на часови. Ова би овозможило праведна евалуација на знаењата за сите кандидати кои претендираат кон високото образование, додека скратените наставни програми би останале специфични само за профилите кои не се насочени кон универзитетско надградување.
- **Ефикасност и штедење ресурси:** Овој предлог нуди бројни предности доколку се спроведе во пракса. Со неговото имплементирање, учениците би се изедначиле, а процесот би станал поедноставен и попрактичен како за испитувачите, така и за испитаниците. Во

однос на штедење на ресурси, ДИЦ, во соработка со МОН и БРО, би изготвувал еден унифициран тест за државна матура. На тој начин, сите матуранти без оглед на образовниот профил, би имале еднаква подготвеност за успешно полагање на испитот.

Ваквиот пристап се наметнува како логичен и општествено оправдан од неколку суштински аспекти. Четиригодишното средно образование, без оглед дали е гимназиско, стручно или уметничко, во својата основа има за цел да го подготви поединецот за академско надградување. Оттука, воведувањето на унифицирани наставни планови и програми за овие профили не е само административна промена, туку чин на образовна правда. Со тоа би се елиминирала сегашната дискрепанца во постигањата, каде учениците од стручните училишта покажуваат пониски резултати, во споредба со гимназијалците, главно поради редуцираниот фонд на часови.

Предложените модели не се само административна потреба, туку се одговор на суштинските недостатоци детектирани преку истражувањето. За подобро разбирање на неопходноста од овие промени, во продолжение се елаборирани дидактичките, социјалните и системските причини кои го наметнуваат реструктурирањето на наставата.

**Оправданост на промените:** Дидактичката и социјалната димензија на ова истражување откри дека учениците се чувствуваат изгубени во теоријата и бараат практичност. Наставниците грижливо креираат сопствени материјали за да го зачуваат квалитетот на образованието. Поаѓајќи од евидентниот бенефит кој го нуди изборниот предмет Говорење и пишување, како суштинска препорака се наметнува потребата од промена на неговиот статус во задолжителен предмет.

Сведоци сме дека во минатото се посветувало големо внимание на самиот ракопис (краснописот), додека денес, во ерата на дигитализацијата, се соочуваме со нов предизвик: учениците сè поретко пишуваат со рака, а кога го прават тоа, естетиката на пишаниот збор е запоставена. Во рамките на новите наставни планови и програми, неопходно е вметнување содржини кои се фокусирани на вештините за изразување и писменост.

Во таа насока, образовниот систем мора да одговори со воведување нови предмети или модули поврзани со јазичната и литературната уметност. Овие предмети не би биле само репродукција на теорија, туку активни работилници за негување на јазикот, стилистиката и

естетските вредности во писмената комуникација - вештини кои се пресудни и во дигиталниот свет.

**Системска симетрија**: Од програмската реформа произлегува итна потреба од ревидирање на наставните планови во четиригодишното стручно и уметничко образование преку апсолутно изедначување на неделниот фонд на часови по Македонски јазик и литература со оној во гимназиите. Само преку ваква системска симетрија, новиот модел на државна матура би престанал да биде само формална пречка, а би станал вистински механизам кој гарантира еднаква академска проодност и слободен избор на идните студенти, без оглед на нивната средношколска ориентација. Во спротивно, секоја реформа ќе остане само привидна измена што ја продлабочува нерамноправноста помеѓу матурантите.

**Анализа на програмскиот јаз помеѓу гимназиското и стручното образование:** Резултатите од анализираните извештаи наведуваат на заклучок дека за учениците кои наставниот предмет Македонски јазик и литература го изучуваат според гимназиското образование, тестовите се релативно лесни со оглед на нивните знаења, па според тоа и имаат највисоки средни оценки. За разлика од нив, кај кандидатите од средните стручни и уметнички училишта, акцентот е ставен на стручните предмети и нивната застапеност со поголем фонд часови, на штета на општообразовните предмети, меѓу кои Македонски јазик и литература е примарен. Оправдан е фактот дека гимназиското образование треба да задржи фонд од 4 часа неделно по предметот Македонски јазик и литература, со тоа ќе се овозможи детална обработка на содржините, поголем простор за повеќе наставни часови за вежби и анализи, како и за развивање на вештините за изразување и формирање на критичко мислење. Имајќи предвид дека најголемиот дел од учениците кои доаѓаат од гимназиското образование избираат државна матура и го продолжуваат своето образование на факултетите во државата и странство, тие се наметнуваат како идните интелектуалци во државата кои треба особено да го владеат Македонскиот јазик, без оглед на областа во која ќе станат експерти и сферата во која ќе дејствуваат во текот на нивната професионална кариера.

Кај средните стручни училишта не само што примарниот фокус е ставен на стручните предмети, со што практично се ограничува просторот за наставниот предмет Македонски јазик и литература, туку дополнително не постојат ниту изборни предмети сродни на него.

Меѓутоа, овде треба да се истакне една клучна забелешка за полесно да се разбере застапеноста со по 3 наставни часа неделен фонд на наставниот предмет Македонски јазик и литература во стручните и уметничките училишта: доколку во наставните програми се става особен акцент на уметноста, тогаш неминовен е фактот дека и литературата претставува уметност. Размислувањето упатува на потребата од зголемување на неделниот фонд на 4 наставни часа, како и воведување изборни предмети кои се тесно поврзани со литературната уметност.

**Визија за модерно образование:** Овие препораки не се само теоретски желби, туку се цврсто засновани на реалното незадоволство и конкретните предлози на 500 директни учесници (431 матурант и 69 наставници), што му дава потврда за релевантност на ова истражување. Имплементацијата на овие препораки и размислувања би значела трансформација на предметот Македонскиот јазик и литература од „тежок, обемен и застарен“ во функционална алатка за животна писменост и култура.

Суштинската цел од изучување на предметот по Македонски јазик и литература е да го описмени младиот човек, да развие вештини, да формира критичко мислење, и да го збогати неговиот активен речник. Делот Пишување на матурскиот тест на матурантите треба да им служи како основа за поквалитетно писмено изразување кое ќе го користат во својата идна професија, и во континуираното усовршување, според нивните желби и потреби во животот.

Ова истражување не е само критика, туку силен апел за правилна и вистинска реформа. Тоа е гласот на оние кои бараат предметот Македонскиот јазик и литература да престане да биде механичко меморирање на факти и да стане алатка за креирање мислења и ставови. Наставните содржини треба да се модернизираат и да се унапредат за да го привлечат вниманието на учениците, со што и наставниците би биле многу помотивирани и позадоволни при спроведување нивната мисија - пренесување на знаењето.

Она што е извесно е дека наредниот период носи клучни реформи во образовниот систем кои мора да понудат одговори на сите отворени прашања. Новата Стратегија за образование 2026–2032 година се очекува правилно да ги позиционира овие новини и да воспостави современи стандарди во наставата. Притисокот од државната матура треба да се трансформира во објективен механизам кој ќе ги коригира постојните недостатоци и ќе

овозможи вистинско изедначување на матурантите според нивните стекнати знаења и вештини. Само преку еден ваков праведен и модернизиран пристап, младите луѓе ќе бидат соодветно подготвени за следниот чекор во нивниот образовен пат и за успешно градење на сопствената професионална кариера.

# КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


1. Ангелоска-Галевска, Н. (1998). Квалитативни истражувања во воспитанието и образованието. Битола: Киро Дандаро.
2. Ангелоска-Галевска, Н. (2021). *Планирање на научното истражување* (интерен наставен материјал). Скопје: Филозофски факултет.
3. Ангелоска-Галевска, Н., & Јаневска, М. (2021). Примена на анализата на содржина во педагошките истражувања и практика. Годишен зборник на Филозофскиот факултет, 74, 97-108.
4. Билтен на Универзитет „Св. Кирил и Методиј. (2021). Резултати од анализите на матурските тестови. Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“.
5. Георгиевски, А. (2019). *Образовни предизвици: Улогата на матурските испити во Македонија*. Скопје: Академска издавачка куќа.
6. Државен испитен центар. (2020–2024). *Извештај од резултатите од екстерните испити на државната матура (2020/2021, 2021/2022, 2022/2023 и 2024)*. Скопје: ДИЦ.
7. Државен испитен центар. (n.d.). Информации за матурскиот испит. Преземено од http://matura.gov.mk
8. Државен матурски одбор. (н.д.). *Државен матурски одбор*. Преземено од https://www.dic.edu.mk/државен-матурски-одбор/.
9. Закон за средно образование. (2020). *Службен весник на Република Северна Македонија*, бр. 229/2020.
10. Јовановска, Л. (2022). Проблеми и предизвици при спроведување на државната матура. *Журнал за образовни истражувања*, 14(2), 34–49.
11. Костов, Д. (2020). Разлики во моделите на матурски испит по македонски јазик. *Наставна практика*, 8(1), 15–29.
12. Конференција за реформи во образованието. (2020). Реформирање на матурските испити. *Скопје: Министерство за образование и наука*.
13. Министерство за образование и наука. (2005). *Концепција за матура и за завршен испит кои се спроведуваат во средните училишта*. Скопје: МОН.

14. Министерство за образование и наука. (2017). *Стратегија за образованието за 2018–2025 година и Акциски план*. Скопје: МОН.
15. Министерство за образование и наука. (2021). Упатство за спроведување на државната матура во гимназиското, стручното и уметничкото образование. Скопје: МОН
16. Министерство за образование и наука. (2023). *Испитна програма по македонски јазик и литература за полагање државна матура во гимназиското, уметничкото и средното стручно образование*. Скопје: МОН и БРО.
17. Министерство за образование и наука. (2021). Наставна програма по Македонски јазик и литература за I, II, III и IV година – средно гимназиско образование. Скопје: БРО.
18. Министерство за образование и наука. (2021). Наставна програма по Македонски јазик и литература за I, II, III и IV година – четиригодишно средно стручно образование (модуларно дизајнирана). Скопје: БРО / Центар за стручно образование и обука.
19. Министерство за образование и наука. (2021). Наставна програма по Македонски јазик и литература за I, II, III и IV година – средно уметничко образование. Скопје: БРО.
20. Министерство за образование и наука. (2024а). *Концепција за државна матура, училишна матура и завршен испит во јавното средно образование*. Скопје: МОН.
21. Министерство за образование и наука. (2024б). *Правилник за начинот на полагање и оценување на резултатите на учениците на испитите во државна матура во гимназиско, стручно и средно уметничко образование*. Скопје: МОН.
22. Министерство за образование и наука. (2025). Концепција за испити на крајот од средното образование (бр. 13-12804/1 од 03.10.2025 год.). Скопје: МОН.
23. Манасиевски, В. (2021). Усогласеноста на матурските програми со наставните стандарди. *Педагошки журнал*, 11(3), 56–67.
24. Митревски, З. (2016). *Литературно образование и евалуација на знаењето*. Скопје: Литера.
25. Николовски, Т. (2020). Типови прашања во матурските испити. *Јазични анализи*, 5(1), 20–33.
26. Петров, С. (2018). Влијанието на матурските испити врз наставниот процес. *Образовен форум*, 10(2), 45–60.

27. Поповски, М. (2015). *Евалуација на знаењето: Примена на државната матура во Македонија*. Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“.
28. Ристевска, Ј. (2019). Анализа на прашањата од матурските тестови. *Наставни практики*, 12(1), 45–58.
29. Симпозиум за образовна реформа. (2020). Реформирање на матурските испити во Македонија: Предизвици и можности. *Зборник на трудови*, 3, 78–92.
30. Спасова Бинчева, К. (2021). Концепциска поставеност на државната матура во Република Македонија. *Институт за педагогија, Филозофски факултет*.
31. Списание за образование и култура. (2019). Државната матура: Проблеми и можности. *Списание за образование и култура*, 17(3), 12–27.
32. Стојановска, Л. (2020). *Методи за оценување во јазичното образование*. Скопје: Култура.
33. Тодоровски, К. (2020). Евалуација на писмените задачи во матурските испити. *Јазични и педагошки истражувања*, 4(2), 33–48.
34. Томовска, Б. (2021). Критички пристапи кон матурските програми во Македонија. *Педагошки журнал*, 9(4), 50–63.
35. Трајкова-Костовска, Г. (2013). Влијанието на екстерните испити од државна матура врз квалитетот на образовниот процес во Република Македонија. *Институт за социологија, Филозофски факултет*.
36. Трајковска, М. (2017). Испитување на јазичните компетенции: Анализа на државната матура. *Лингвистички студии*, 7(1), 34–46.
37. Angeloska Galevska, N., Tomevska-Ilievska, E., Janevska, M., & Bugariska, B. (eds.). (2022). Educational Challenges and Future Prospects: Conference Proceedings. Skopje: Institute of Pedagogy, Ss. Cyril and Methodius University. Јхл
38. Cambridge Assessment. (2017). *Comparative Analysis of National Matriculation Exams*. Cambridge University Press.

39. Cambridge Assessment. (2017). Comparative analysis of national matriculation exams. Cambridge University Press.PISA Reports. (2018). *Evaluating Language Skills in High School Education*. OECD.
40. Kiray, A., & Tomevska-Ilievska, E. (eds.). (2021). Current Studies in Educational Disciplines 2021. ISRES Publishing.
41. PISA Reports. (2018). Evaluating language skills in high school education. OECD.
42. Tomevska-Ilievska, E., & Janevska, M. (2023). Use of Reading Materials in the Teaching the Macedonian Language. In S. Inayatullah, S. Dubovicki, & A. Bilić (Eds.), International Scientific Conference Didactic Challenges IV: Futures Studies in Education (pp. 99–109). Osijek: Josip Juraj Strossmayer University.
43. Tomevska-Ilievska, E., & Trajkovska, M. (2023). Modern Didactic-Methodical Designed Teaching Materials in Macedonian Language Teaching. Annuaire de la Faculté de Philosophie / Годишен зборник на Филозофскиот факултет, 76, 185–198.

# ПРИЛОЗИ

# Прилог број 1 – Прашалник за наставници

Анкетен прашалник: Влијание на моделите на наставните програми за реализација на екстерниот државен испит по предметот Македонски јазик и литература.

**Почитувани наставници,**

**Основна цел на овој анкетен прашалник наменет за наставниците кои ја реализираат наставната програма по наставниот предмет Македонски јазик и литература во средните училишта** е да се истражат како различните предметни програми за гимназиско, средно стручно и уметничко образование влијаат на подготовките и резултатите на испитот државна матура по предметот Македонски јазик и литература. Вашите одговори ќе бидат анонимни и ќе се користат исклучиво за истражувачки цели, за потребите на магистерскиот труд со наслов: „Моделите на државен матурски испит по Македонски јазик и литература во средните училишта“ пријавен на институтот за Педагогија - Филозофски факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Податоците од овој прашалник ќе бидат искористени за измени на моделите и унапредување на квалитетот на матурскиот испит по Македонски јазик и литература.

Имајќи предвид дека анкетирањето е анонимно, Ве замолуваме за објективност и искреност во одговорите,

**Однапред Ви благодариме на одвоеното време и соработка.**

**I Општи информации**

1. Во кои од средните училиште реализирате настава?

☐ Гимназиско ☐ Средно стручно ☐ Уметничко

2. Пол:

☐ М ☐ Ж

3. Во кој град е Вашето училиште?

☐ Скопје ☐Куманово ☐Крива Паланка ☐Кавадарци

4. Колку години реализирате настава по предметот Македонски јазик и литература?

☐ помалку од 5 години

☐ 5-10 години

☐ 10-20 години

☐ повеќе од 20 години

**II Програмата и подготовката за матурскиот испит**

5. Дали наставната програма по Македонски јазик и литература ги опфаќа сите потребни теми за матурскиот испит по Македонски јазик и литература?

☐ Да, целосно.

☐ Да, во голема мера, но има теми кои не ми се познати.

☐ Не, има теми кои не ми се познати.

6. Како ја оценувате обемноста на наставните програми по Македонски јазик и литература според која се изведува наставата?

☐ Многу обемни и сложени

☐ Средно обемни и сложени

☐ Не се сложени

7. Дали ги приспособувате наставните часови по Македонски јазик и литература за подобра подготовка на учениците за матурскиот испит?

☐ Да, често напоменувам кои наставни содржини може да бидат застапени на матурскиот тест.

☐ Не, строго се придржувам до реализација на наставната програма.

☐ Понекогаш ги потенцирам кои наставни содржини може да се застапени на матурскиот тест.

8. Дали програмата по наставниот предмет Македонски јазик и литература што ја реализирате е усогласена со барањата на матурскиот испит?

☐ Да, комплетно

☐ Да, делумно

☐ Не

9. Дали сметате дека наставните програми по Македонски јазик и литература доволно ги подготвува учениците за полагање на матурскиот испит по Македонски јазик и литература?

☐ Да

☐ Делумно

☐ Не

Објаснете зошто!

____________________________________________________________________________

____________________________________________________________________________

____________________________________________________________________________

____________________________________________________________________________

10. Дали реализирате наставни часови за подготовка на матурантите за полагање на матурскиот испит по Македонски јазик и литература, во рамките на додатна настава?

☐ Да, редовно со матурантите реализираме часови за подготовка за полагање матурски тест

☐ Да, делумно, онаму каде што има интерес кај учениците за подготовка за матурскиот тест

☐ Не, воопшто

11. Дали сметате дека е потребно да се изготви посебна испитна програма за матурскиот испит по Македонски јазик и литература наменета за матуранти кои следеле настава според гимназиското образование, а посебна испитна програма за матурантите кои следеле настава

наменета за средни стручни и уметнички училишта, за подобра усогласеност со матурскиот испит?

☐ Да, сметам дека матурантите треба да полагаат различни матурски тестови по Македонски јазик и литература

☐ Не, сметам дека матурскиот тест по Македонски јазик и литература треба да е единствен модел за сите матуранти

12. Дали наставните програми по предметот Македонски јазик и литература во сите видови средни училишта треба да се изедначат?

☐ Да, наставните програми треба да се изедначат во сите средни училишта со застапеност на идентични наставни содржини и еднаков број на наставни часови.

☐ Не, наставните програми не можат да се изедначат, ниту содржински, ниту пак според фондот на наставните часови.

13. Кои наставни содржини од наставните програми по предметот Македонски јазик и литература сметате дека најмногу придонесуваат за подготовката на учениците за полагање на матурскиот испит?

____________________________________________________________________________

____________________________________________________________________________

____________________________________________________________________________

____________________________________________________________________________

14. Дали користите дополнителни ресурси за подготовка на учениците за матурскиот испит?

(можете да обележите повеќе од еден одговор)

☐ Користам прирачник со матурски тестови по Македонски јазик и литература за самостојно учење на учениците.

☐ Заеднички, со учениците, ги разгледуваме матурските тестови по Македонски јазик и литература официјално објавени од претходните години на веб-страницата на ДИЦ.

☐ Реализирам наставни часови наменети за вежби за пишување есеи со инструкции за матурскиот испит по Македонски јазик и литература во делот пишување.

☐ Други ресурси: ___________________________________________________________

☐ Не, не користам дополнителни материјали.

15. Дали следењето на подготвителна настава за полагање матурскиот испит по Македонски јазик и литература во рамките на додатна настава по предметот Македонски јазик и литература го олеснува процесот за подготовка на државниот испит?

☐ Да

☐ Не

16. Дали сметате дека доколку учениците учествувале во литературни секции, натпревари и литературни конкурси ќе имаат подобри резултати на матурскиот испит по Македонски јазик и литература.

☐ Да, се согласувам дека ќе имаат подобри резултати.

☐ Да, делумно се согласувам дека ќе имаат подобри резултати.

☐ На, воопшто не се согласувам дека ќе имаат подобри резултати.

17. Наведете ги придобивките од изборниот наставен предмет по Говорење и пишување при подготовката за полагање матурски испит по Македонски јазик и литература! (Ова прашање го одговараат само наставниците кои што реализирале настава по наставниот предмет Говорење и пишување во втора година според гимназиската наставна програма)

_____________________________________________________________________________

_____________________________________________________________________________

_____________________________________________________________________________

_____________________________________________________________________________

## III Типови прашања и структура на матурскиот испит по Македонски јазик и литература

18. Како ја оценувате тежината на прашањата на матурскиот испит по Македонски јазик и литература во споредба со наставните програми по овој предмет?

☐ Прашањата се тешки

☐ Прашањата се со прифатлива тежина, но има и лесни прашања

☐ Прашањата се лесни

19. Дали сметате дека испитните прашања се јасно формулирани?

☐ Да

☐ Не

Доколку одговорот е „Не“ објаснете зошто!

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

20. Кои ајтеми од матурскиот испит по Македонски јазик и литература сметате дека најдобро ги оценуваат знаењата и способностите на учениците?

☐ Читање

☐ Книжевна анализа

☐ Пишување

21. Дали содржинската структура на матурскиот испит по Македонски јазик и литература е соодветна за сите ученици од средните училишта кои следат настава според гимназиската програма, програмата за средни стручни училишта и наставната програма за уметнички училишта?

☐ Да

☐ Не

Ако одговоривте со „Не“, објаснете зошто:

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

**IV Предлози и коментари**

22. Кои промени би ги предложиле во однос на наставните програми по Македонски јазик и литература и државниот испит по Македонски јазик и литература во новите концепти за гимназиско, средно стручно и уметничко образование?__________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

____________

23. Наведете дополнителни предлози или коментари?

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

Ви благодариме за вашето време и придонес во истражувањето!

# Прилог број 2 - Прашалник за ученици

**Анкетен прашалник: Влијание на моделите на наставните програми за реализација на екстерниот државен испит по предметот Македонски јазик и литература.**

**Почитувани ученици,**

**Основна цел на овој анкетен прашалник наменет за учениците од четврта година** е да се истражат како различните предметни програми за гимназиско, средно стручно и уметничко образование влијаат на подготовките и резултатите на испитот државна матура по предметот Македонски јазик и литература. Вашите одговори ќе бидат анонимни и ќе се користат исклучиво за истражувачки цели, за потребите на магистерскиот труд со наслов: „Моделите на државен матурски испит по Македонски јазик и литература во средните училишта“ пријавен на институтот за Педагогија - Филозофски факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Податоците од овој прашалник ќе бидат искористени за измени на моделите и унапредување на квалитетот на матурскиот испит по Македонски јазик и литература.

Имајќи предвид дека анкетирањето е анонимно, Ве замолуваме за објективност и искреност во одговорите,

Однапред Ви благодариме на одвоеното време и соработка.

**I Општи информации**

1.Во кое средно училиште учите?

☐ Гимназиско ☐ Средно стручно ☐ Уметничко

2. Пол:

☐ М ☐ Ж

3. Во кој град се наоѓа вашето училиште?

☐ Скопје ☐Куманово ☐Крива Паланка ☐Кавадарци

4. Дали сметате дека сте добро подготвени за матурскиот испит по Македонски јазик и литература?

☐ Да

☐ Не

☐ Делумно

**II Наставни програми и подготовка за матурскиот испит по Македонски јазик и литература**

5. Преку колку наставни часови неделно го изучувате предмет Македонски јазик и литература?

☐ 4 часа

☐ 3 часа

6. Дали наставната програма по Македонски јазик и литература ги опфаќа сите потребни теми за матурскиот испит по Македонски јазик и литература?

☐ Да, целосно.

☐ Да, во голема мера, но има теми кои не ми се познати.

☐ Не, има теми кои не ми се познати.

7. Како ја оценувате обемноста на наставните програми по Македонски јазик и литература според која се изведува наставата?

☐ Многу обемни и сложени

☐ Средно обемни и сложени

☐ Не се сложени

8. Дали наставниците по Македонски јазик и литература ги приспособуваат наставните часови за подобра подготовка за матурскиот испит?

☐ Да, наставникот често напоменува кои наставни содржини може да се застапени на матурскиот тест.

☐ Не, наставникот строго се придржува до реализација на наставната програма.

☐ Понекогаш ги потенцира кои наставни содржини може да се застапени на матурскиот тест.

9. Дали користите дополнителни материјали за подготовка за матурскиот испит по Македонски јазик и литература? (можете да обележите повеќе од еден одговор)

☐ Користам прирачник со матурски тестови по Македонски јазик и литература за учење самостојно.

☐ Заеднички, со наставникот, ги разгледуваме матурските тестови по Македонски јазик и литература официјално објавени од претходните години на веб-страницата на ДИЦ.

☐ Имаме наставни часови наменети за вежби за пишување есеи со инструкции за матурскиот испит по Македонски јазик и литература во делот пишување.

☐ Не, не користам дополнителни материјали.

10. Дали следите (ќе следите) подготвителна настава за полагање матурскиот испит по Македонски јазик и литература во рамките на додатна настава по предметот Македонски јазик и литература:

☐ Да

☐ Не

11. Дали се согласувате дека доколку сте учествувале во литературни секции, натпревари и литературни конкурси ќе имате подобри резултати на матурскиот испит по Македонски јазик и литература.

☐ Да, се согласувам дека ќе имам подобри резултати.

☐ Не сум учествувал/ла на конкурси, но се подготвувам за матурскиот испит.

**III Влијанието на наставните програми по предметот Македонски јазик и литература врз матурскиот испит по Македонски јазик и литература**

12. Дали ви се познати прашањата од матурскиот испит во однос на наставните содржини што сте ги изучувале?

☐ Да, познати ми се сите прашањата од матурскиот испит што биле составен дел од редовната наставата.

☐ Да, познати ми се сите прашањата од матурскиот испит што биле составен дел од подготвителна настава наменета за матурскиот испит.

☐ Да, делумно ми се познати прашањата од матурскиот испит што биле составен дел од редовната наставата.

☐ Да, делумно ми се познати прашањата од матурскиот испит што биле составен дел од подготвителна настава наменета за матурскиот испит.

☐ Не, не ми се познати прашањата од матурскиот испит што биле составен дел од редовната наставата.

☐ Не, не ми се познати прашањата од матурскиот испит што биле составен дел од подготвителна настава наменета за матурскиот испит.

13. Дали сметате дека наставните програми по Македонски јазик и литература ве подготвуваат за матурскиот испит по Македонски јазик и литература?

☐ Да, целосно, сите наставни содржини што ги изучуваме ми се познати за подготовка и полагање на матурскиот испит.

☐ Да, делумно, сите наставни содржини што ги изучуваме ми се познати за подготовка и полагање на матурскиот испит.

☐ Не, воопшто, сите наставни содржини што ги изучуваме не ми се познати за подготовка и полагање на матурскиот испит.

14. Дали сметате дека е потребна промена во моделот за матурскиот испит?

☐ Да, постои потреба. (објасни зошто!)

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

☐ Не, не постои потреба. (објасни зошто!)

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

15. Дали од листата на изборни задолжителни наставни предмети го избравте наставниот предмет Говорење и пишување.

☐ Да

☐ Не

**IV Предлози и коментари**

16. Наведете ги вашите предлози за измени во наставните содржини по наставниот предмет Македонски јазик и литература од I до IV година!

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

17. Наведете ги вашите предлози за начинот на реализација на наставниот предмет по Македонски јазик и литература од I до IV година во редовната настава!

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

18. Наведете ги вашите предлози за начинот на реализација на наставниот предмет по Македонски јазик и литература од I до IV година во додатната и дополнителна настава!

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

19. Наведете ги вашите придобивки од изборниот наставен предмет по Говорење и пишување при подготовката за полагање матурски испит по Македонски јазик и литература! (Ова прашање го одговараат само ученици кои го избрале наставниот предмет Говорење и пишување во втора година според гимназиската наставна програма)

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

20. Наведете ги вашите предлози за моделот на матурскиот испит по Македонски јазик!

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

Ви благодариме за вашето време и придонес во истражувањето!